# МУЗИЧКА УМЕТНОСТ

## за II година

### гимназиско образование

**МУЗИЧКА УМЕТНОСТ**
ЗА II ГОДИНА
гимназиско образование

Одобрено од Министерството за образование и наука,
во согласност со Одлуката бр. 26-748/1 од 16.6.2026 година

**Издавач**
Литера гроуп, Скопје, 2026

**Автори**
Симона Зафировска
Лејла Алими Лумани

**Главен уредник**
Ајнуре Селмани

**Уредник**
Блерта Ислами

**Стручен уредник**
Теута Алими Селмани

**Рецензентска комисија од МОН**
Проф. д-р. Невенка Дуковска
Проф. м-р. Сашо Поповски
Јован Василевски

**Лектура**
Гордана Алексова

**Дизајн**
Литера гроуп – Арбана Дехари

**Графичко и техничко уредување**
Литера гроуп – Рина Адили

**Печати**
Полиестердеј – Скопје

**Тираж**
3 600

© 2026 Литера гроуп. Сите права се задржани.

Ниту еден дел од овој учебник не смее да биде репродуциран, умножуван, дистрибуиран, јавно соопштуван или пренесуван во која било форма или со какви било средства, вклучително и електронски, механички, со фотокопирање, снимање или на друг начин, без претходна писмена согласност од издавачот.

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

78(075.3)

ЗАФИРОВСКА, Симона
Музичка уметност за II година гимназиско образование / [автор Симона Зафировска, Лејла Алими Лумани]. - Скопје : Литера Гроуп, 2026. - 175 стр. : илустр. ; 29 см

Библиографија: стр. 174-175

ISBN 978-608-4855-91-0

1. Алими Лумани, Лејла [автор]

COBISS.MK-ID 69228293

# СОДРЖИНА

Вовед 5

**МУЗИЧКАТА УМЕТНОСТ НИЗ ВРЕМЕТО 8**

ПРЕТКЛАСИКА 8
- Кристоф Вилибалд Глук 10
- Џовани Батиста Перголези 13

ВИЕНСКИ КЛАСИЦИЗАМ 16
- Франц Јозеф Хајдн 19
- Волфганг Амадеус Моцарт 21
- Лудвиг ван Бетовен 25

МУЗИЧКИ РОМАНТИЗАМ 29
- Франц Шуберт 31
- Феликс Менделсон 34
- Роберт Шуман 36
- Јоханес Брамс 38
- Хектор Берлиоз 40
- Франц Лист 42

ОПЕРАТА ВО РОМАНТИЗМОТ 44
- Операта во Италија во XIX век 45
- Џоакино Росини 46
- Џузепе Верди 47
- Операта во Германија 50
- Рихард Вагнер 51
- Операта во Франција 53
- Жорж Бизе 53

РОМАНТИЗМОТ ВО СЛОВЕНСКИТЕ ЗЕМЈИ 55
- Фредерик Шопен 56
- Михаил Иванович Глинка 58
- Петар Илич Чајковски 61
- Беджих Сметана 63
- Антонин Дворжак 66

МУЗИКАТА ВО XX ВЕК 68
- Импресионизам 68
- Клод Дебиси 69
- Морис Равел 70
- Експресионизам 72
- Арнолд Шенберг 72
- Неофолклоризам 74
- Бела Барток 74
- Неокласицизам 75
- Игор Стравински 75
- Карл Орф 77
- Електронска музика 78

МАКЕДОНСКАТА КОМПОЗИТОРСКА ШКОЛА 79
- Македонски композитори-основоположници 80
- Втора група македонски композитори – афирмација и модернизам 82
- Трета група македонски композитори – современ израз 84
- Композитори од популарната и џез-музиката – паралелна линија 86

ПОПУЛАРНИ МУЗИЧКИ ЖАНРОВИ 88
- Филмска музика, музика за цртани филмови, видеоигри и реклами 92
- Музичка продукција и тонско студио 93
- Фестивали и концерти на популарна музика 94

НАСОЧЕНО СЛУШАЊЕ 96

## МУЗИЧКА ТЕОРИЈА ПРЕКУ ПРАКТИКА 98

СКАЛИ, ИНТЕРВАЛИ И АКОРДИ 98
- D-дур 99
- h-мол 100
- B-дур 103
- g-мол 104
- Акорд 107

РИТАМ, МЕТАР И ТАКТ 109
- Синкопа 109
- Предтакт 110
- Пунктиран ритам 110
- Триола 111

ЕЛЕМЕНТИ НА МУЗИЧКИТЕ ФОРМИ И НА МУЗИЧКИОТ РАЗВОЈ 113
- Мотив 115
- Фраза (Двотакт) 115
- Реченица 116
- Период 116
- Дводелна форма 119
- Триделна форма 120
- Сложена триделна форма 122
- Тема со варијации 127
- Рондо 129
- Сонатна форма 132

АПЛИКАЦИИ ЗА ПИШУВАЊЕ НОТИ 136

## МУЗИЧКА ИЗВЕДБА И КРЕАТИВЕН ИЗРАЗ 140

ВОКАЛНА ИНТЕРПРЕТАЦИЈА И СВИРЕЊЕ ИНСТРУМЕНТИ 141

СИНКРЕТИЗАМ – МУЗИКАТА И ДРУГИТЕ УМЕТНОСТИ 146

РАБОТА СО КРАТКИ МУЗИЧКИ ФРАГМЕНТИ ПРЕКУ АЛИКАЦИИ ЗА ПИШУВАЊЕ НОТИ 150

## МУЗИЧКО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО 154

МУЗИКАТА ВО ОБИЧАИТЕ И ТРАДИЦИИТЕ НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД И НА НАРОДИТЕ ШТО ЖИВЕАТ ВО РС МАКЕДОНИЈА 154
- Традицијата низ обичаите и обредите 154
- Песни и ора поврзани со обреди и традиции 155
- Свадбените песни и ора во Северна Македонија 157

МУЗИЧКОТО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО ВО РЕГИОНОТ, ВО ЕВРОПА И ВО СВЕТОТ 161
- Музичкото културно наследство во регионот 161
- Музичкото културно наследство во Европа 165
- Музичкото културно наследство во светот 170

Користена литература 174

# Вовед

Музиката е уметност што ги надминува временските, јазичните и културните граници. Таа е жив процес во кој создавањето, изведбата и слушањето се испреплетуваат, а нејзиниот развој низ историјата покажува како се менувал човекот духовно и културно. Овој учебник има за цел да ја доближи музиката до вас како знаење, вештина и лично искуство, нудејќи ви можност да ја истражувате, разбирате и создавате. Преку внимателно слушање и анализа ќе се запознаете со музичките стилови од претткласиката до современата музика и ќе ги следите промените во музичките форми, изразните средства и јазикот на музиката. Ќе ја изучувате теоријата преку скали, интервали, ритмички фигури и основни музички форми, и тоа, со пеење, свирење и анализа на музички примери. Истовремено, ќе ја развивате својата изведувачка техника, изразност, слух и креативност преку групни и соло изведби, создавањето музички фрази, аранжмани и дигитални проекти, така што музиката ќе стане простор за личен израз и современа комуникација. Учебникот ќе ве воведе и во богатството на традиционалните песни и ора од фолклорот на Република Северна Македонија, како и во музичките обичаи и традиции што се негуваат во нашата земја, на Балканот и во светот, помагајќи ви да ја разберете општествената и обредната улога на музиката и да ја цените важноста на зачувувањето на културното наследство. На овој начин, музиката нема да биде само предмет за учење, туку и простор за истражување, креативност и лично доживување.

Ова патување низ светот на музиката нека ве инспирира да ја истражувате, да ја слушате и да ја создавате неа со радост и љубопитност.

# МУЗИЧКАТА УМЕТНОСТ НИЗ ВРЕМЕТО

# МУЗИЧКАТА УМЕТНОСТ НИЗ ВРЕМЕТО

Музиката е универзален јазик и трајна духовна вредност што ги поврзува луѓето низ времето, просторите и културите. Таа е колективна меморија на човечката цивилизација и огледало на нејзиниот развој. Како дел од нематеријалното културно наследство, претставува сведоштво за човечката креативност и стремежот кон смисла, убавина и заедништво, правејќи ја цивилизацијата похумана и подлабоко поврзана. Нејзиниот развој и уметничката трансформација јасно можат да се следат преку проучување на сите периоди од настанокот на човекот до денес.

Во темата *Музичката уметност низ времето* се претставени историските периоди: претокласика, виенски класицизам, музички романтизам и опертата во романтизмот како и романтизмот во словенските земји, музиката во XX век, македонската композиторска школа и популарните музички жанрови. Го следиме развојот на музичките стилови, форми и изразни средства.

Оваа тема дава насоки за внимателно слушање и разбирање на музиката, како и за препознавање на специфичните особености на секој историски период, што помага за подлабоко вреднување на музичката уметност и за развивање сопствено музичко чувство.

## ПРЕТКЛАСИКА

Во 30-тите години на XVIII век во западноевропските земји се забележуваат значајни општествено-економски промени, при што се зацврстува положбата на богатите и културно развиените градови. Тие го зголемуваат своето влијание врз музиката и другите уметности, а во вакви услови се појавуваат елементи на нов стил, наречен рококо.

Рококо, познат и како галантен стил, или претокласика, не претставува целосно заокружен период, туку преодна фаза меѓу доцниот барок и раниот класицизам (прибл.: 1725 – 1775). Во музиката сè уште се чувствуваат барокните звуци, особено инструменталната полифонија, но се развива и хомофоната фактура, со јасно истакната мелодија, често богато орнаментирана.

Како и во облеката, мебелот, архитектурата и сликарството од тој период, во музиката на рококо доминираат грациозноста, елеганцијата, сентименталноста и декоративноста, со стремеж кон лажен сјај и површна емотивност.

### Занимливости

**Галантниот стил бил мода во цела Европа**

Покрај музиката, во XVIII век станале „галантни“ и облеката, манирите, сликарството и архитектурата. Луѓето сакале сè да изгледа елегантно, нежно и уредно.



Жан-Оноре Фрагонар – *Лулката* – едно од најпознатите дела на рококо стилот



Величествена сала во рококо стил

Салата прикажана на фотографијата е типичен пример за рококо стилот, кој се одликува со елеганција, раскош и декоративна разиграност. Таа е преполна со светлина и сјај, а секој елемент е внимателно изработен за да создаде чувство на луксуз.

**Композиторите почнале да пишуваат музика што е „лесна за слушање“**

По долгиот и сложен барокен стил, луѓето сакале музика што е попријатна, помелодична и полесна за паметење. Затоа галантниот стил во музиката често се опишува како „музика за уживање“ или „музика за благородници“.



Рококо музичка сцена од Антонио Зопи



Рококо друштво со виолинист и чембалист, потпишано со псевдонимот F. Marceglia

Музиката на претпкласиката се одликува со јасност, па често се опишува како „галантна“, што подразбира благородност, учтивост и уредност. Наместо сложениот контрапункт, доминира хомофоната фактура, каде што главната мелодија е водечка, а придружбата ја поддржува, создавајќи јасен музички баланс. Мелодиите се составени од кратки и симетрични фрази кои меѓусебно си одговараат, а употребата на орнаменти ги збогатува со декоративност. Во претпкласицизмот оркестарскиот звук станува појасен, посветол и поурамнотежен, со помали оркестри и постепени промени на динамиката. Преку работата на композиторите од Мајнхајмската школа, во претпкласиката се развиваат и новите музички форми, како што се сонатната форма, симфонијата, гудачкиот квартет и темата со варијации, а се воведува и јасно динамичко нијансирање – крешендо (crescendo) и декрешендо (decrescendo).

Познати композитори од периодот на претпкласиката се: Кристоф Вилибалд Глук, Џовани Батиста Перголези, Карл Филип Емануел Бах, Јохан Кристијан Бах, Доменико Скарлати и др.

## Проширете го знаењето

### Рококо елеганцијата во Скарлатиевата Соната во Е-дур, К. 380

Доменико Скарлати бил италијански композитор и виртуоз на чембало, познат автор на повеќе од петстотини сонати за чембало, и денес често изведувани на пијано.
Една од неговите најпознати сонати е сонатата во Е-дур.
Оваа соната се состои од два дела, што е типично за стилот на Скарлати, наречена е Скарлатиева сонатна форма - темел за создавање на класичната сонатна форма.
Додека ја слушате сонатата, обратете внимание на брзите пасажи, живата енергија и јасната хомофона текстура што создава лесен и проѕирен звук, како и на украсите со кратки брзи орнаменти што и даваат елегантност, типична за овој период. Галантноста се чувствува во светлите мелодии, меките контрасти и уредената, префинета линија, што остава впечаток на едноставна, но благородна убавина.



Доменико Скарлати



## Активности

**1. Одговорете на следните прашања**

- Кои се главните карактеристики на претпкласицизмот?
- Кои се причините за појавата на галантниот стил во музиката?
- Кои музички форми почнуваат да се развиваат во претпкласиката?







Домот во кој живеел и починал композиторот Кристоф Вилибалд Глук во Виена

## Кристоф Вилибалд Глук (1714 – 1787)

Кристоф Вилибалд Глук (герм.: *Christoph Willibald Gluck*) е еден од најзначајните композитори на XVIII век и творецот што придонел за преобразбата на оперската уметност во тој период. Роден е на 2 јули 1714 година во Ерасбах, Баварија (Германија), но неговиот талент и амбиција го однеле во најважните европски музички центри. Раното образование го стекнал во Чешка и Австрија, а подоцна заминал за Милано, каде што се запознал со италијанската оперска традиција. Во Лондон се запознал со познатите ораториуми на Хендел. Ова искуство силно влијаело врз неговото создавање и го насочило кон реформата на стилот на операта што тогаш доминирал во европските театри. Во текот на својот живот Глук работел во Виена и во Париз, каде што бил исклучително почитуван поради својата оригиналност и јасната цел да ја направи операта подраматична и поблиска до човечките чувства. Починал на 15 април 1787 година.

Најзначајните дела на Глук ги вклучуваат *Орфеј и Евридика*, *Алчесша*, *Ифигенија во Аулида*, *Ифигенија во Таурида*, *Армида*, и др.

### Занимливост



Луиз Хомер и Јохана Гадски како Орфеј и Евридика

**Женски изведувачи на машките улоги (trouser roles) во операта**

Луиз Хомер (Louise Homer, 1871 – 1947), американски контраалт и Јохана Гадски (Johanna Gadski, 1872 – 1936), германски сопран, биле познати оперски пејачки од крајот на XIX и почетокот на XX век.

Во времето на Кристоф Вилибалд Глук, улогата на Орфеј била напишана за кастрат – машки пејач што во детството бил подложен на кастрација, со цел да го зачува својот висок глас (сопран или мецосопран). Во периодот на сериозната опера, ваквите гласови биле особено ценети, бидејќи главните машки улоги барале високи виртуозни, украсени мелодиски линии, кои обичните машки гласови не можеле да ги изведуваат. Денес, бидејќи не постојат кастрати, улогата на Орфеј, најчесто, ја изведуваат пејачки со мецосопрански глас. Иако улогата ја толкува жена, ликот на Орфеј останува машки. Оваа изведувачка практика е позната како „женска изведба на машка улога“ (trouser role). Пејачката е костимирана и сценски се однесува како машки лик, а според вокалните можности, ги изведува високите тонови напишани за кастрат. Со оваа современа адаптација, операта ја задржува својата драмска јасност и емоционална сила, а публиката без тешкотија го препознава Орфеј како машки лик.

## Проширете го знаењето

**Орфеј и Евридика – содржина на операта**

Операта *Орфеј и Евридика* (*Orfeo ed Euridice*) се смета за симбол на Глуковата реформа и претставува спој на драмска јасност и длабока емоционалност. Операта ја прикажува митската приказна за Орфеј и неговата љубена, Евридика. Главните ликови се: Орфеј – напишан за кастрат (денес, најчесто, изведуван од мецосопран женски глас или адаптиран за тенор машки глас), Евридика – сопран (женски глас). Другите помали улоги и хорот ја поддржуваат драмската приказна. Нејзината содржина е преземена од грчката митологија. Субјектот зборува за волшебната моќ на музиката и за нејзината улога во животот. На крајот победува искрената љубов. Со помош на музиката, Орфеј со својата лира успева да ја врати во живот својата љубена Евридика.



Ракопис на операта *Орфеј и Евридика*



Едвард Поинтер: *Орфеј и Евридика*

### Сериозна опера (opera seria)

Во текот на XVIII век операта сè уште е во центарот на вниманието, како една од најомилените уметнички форми, и за композиторите и за публиката. Најголемиот број опери од овој век ѝ припаѓаат на сериозната опера, која по содржина се темели на митологијата, легендите и историјата. Операта од овој период доживеала вистински пад, што во историјата на операта е познато како период на нејзината декаденција. Декандентните елементи се манифестирале преку: преголема виртуозност на пејачите, сложени и нејасни либрета, монотона форма на ариите, ограничена улога на хорот и оркестарот и прекумерно влијание на пејачките ѕвезди врз музиката, што довело до губење на драмската јасност и на уметничката рамнотежа.

Еден од најважните настани во развојот на операта е реформата што ја спровел Кристоф Вилибалд Глук. Оваа реформа се појавила, токму, во времето кога оваа важна музичка форма доживувала тешки денови. Тој се спротивставил на тенденцијата операта да биде само украсен спектакл каде што пејачите ја покажуваат својата виртуозност. Тој верувал дека музиката мора да ѝ служи на драмата и да ја развива приказната, а не само да ја разубавува. Затоа настојувал структурата на сцените да биде јасна, а хорот и оркестарот да учествуваат активно во драмското дејствие. Неговата реформа значела дека операта треба да биде едно целосно драмско дело, каде што сите музички и сценски елементи се во симбиоза и заедно создаваат силен емоционален ефект.

Неговиот придонес претставува пресвртница во историјата на музиката и основа за развојот на класичната опера во доцниот XVIII век.

## Активности

### 1. Прашања за дискусија

- Што мислите, што го натерало Кристоф Вилибалд Глук да се спротивстави на популарниот жанр сериозна опера?
- Кои се елементите на Глуковата реформа?
- Кои се најзначајните дела на Глук?

### 2. Насочено слушање

- *Che farò senza Euridice (Што да правам без Евридика)* од Кристоф Вилибалд Глук;
- Слушнете ја аријата на Орфеј и обратете внимание на високиот и изразителен глас и на начинот на кој оркестарот ја следи драмата и ја поддржува емоционалната атмосфера и
- Забележете го галантниот стил – елегантните и лесни мелодии, орнаментите (украсените ноти), јасната хомофонска текстура, како и контрастите во динамиката и темпото.

Одговорете на прашањата

- Каков е карактерот на аријата *Che farò senza Euridice* – тажен, смирен, драматичен или нежен?
- Како оркестарот ја следи и ја поддржува емоцијата на гласот на Орфеј?
- Кои особености на галантниот стил можеш да ги препознаеш во аријата (лесна мелодија, орнаменти, јасна текстура)?



Глук ја изведува партитурата на *Армида* - слика од Ежен Делакроа

## Џовани Батиста Перголези (1710 – 1736)





Џовани Батиста Перголези (итал.: *Giovanni Battista Pergolesi*) е еден од најзначајните претставници на неаполската музичка школа и творец што оставил длабока трага врз развојот на комичната опера. Роден е на 4 јануари 1710 година во градот Јези, а студирал во Неапол, кој во XVIII век бил еден од најголемите центри на оперската уметност. Перголези уште од детството покажал исклучителна музичка надареност, а неговото образование во прочуените неаполски конзерваториуми му овозможило да развие богат мелодиски стил и длабоко чувство за драматургија. Иако неговиот живот бил краток, починал на 17 март 1736 година, на само дваесет и шест години, творештвото што го оставил зад себе имало огромно влијание врз европската музика.

Најпознатото дело на Џовани Батиста Перголези е комичната опера *Слугинката господарка*, што претставува едно од првите совршено оформени дела од жанрот комична опера. Во оваа опера Перголези ги обединува сите основни карактеристики на комичната опера. Ликовите се блиски до публиката – слуги, трговци или обични млади луѓе – што било голема иновација во времето кога сцената била исполнета со херои и богови. Перголези успеал да создаде музика што ги следи хуморот, динамиката и брзиот ритам на комичните ситуации, привлечни за широката публика, а во духот на народната музика. Покрај комичните опери, Перголези е познат и по сериозните опери, а, исто така, компонирал и дела од различни музички жанрови, како, сонати, кантати и др.




*Театар Перголези* во Јези, Италија

### Занимливост

**Адаптирање музика за царскиот двор**

Италијанскиот композитор Џовани Паизиело (1740 – 1816) ја адаптирал операта *Слугинката господарка* од Перголези на дворот на руската царица Екатерина Велика. Тој не само што ја изведувал музиката на Перголези, туку ја приспособувал за вкусот на руската царска публика. Тоа го постигнал со промена на инструментите, со додавање нови арии и менување на темпото и динамиката, за да биде операта посоодветна за големата сала и за аристократската публика. Целта му била да го импресионира и да му обезбеди забава на високото дворско друштво, бидејќи музиката тогаш не била само уметност, туку и инструмент за престиж и влијание. На тој начин, Паизиело ја издигнал италијанската комична опера во популарен дворско-сценски спектакл, придонесувајќи *Слугинката господарка* да стане позната и надвор од Италија. Ова претставува пример за тоа дека музичката адаптација не служи само за забава, туку и како средство за остварување социјален и политички впечаток на дворот – Паизиело така ја „преведува“ музиката, што таа одговара на новиот културен и општествен контекст.

### Проширете го знаењето

**Кратка содржина на комичната опера Слугинката господарка**

Во содржината на операта *Слугинката господарка* се појавуваат вкупно три лика. Либретото ја прикажува комичната приказна за Серпина, итра и самоуверена слугинка, која постепено ја презема контролата во домот на својот господар Уберто. Незадоволен од нејзиното однесување, Уберто решава да се ожени, но Серпина со помош на немиот слуга Веспоне организира измама со лажен женик. На крајот, преку низа хумористични ситуации, Уберто ги признава своите чувства и ја зема Серпина за сопруга, со што таа од слугинка, станува господарка.



Паизиело ја изведува операта *Слугинката господарка* пред Екатерина II уметничко дело на Анибале Гати, 1872 – 1873

### Комична опера (opera buffa)

Комичната опера првпат се појавила во Неапол и Венеција на почетокот на XVIII век. Комичната опера, жанрот што го создал Џ. Б. Перголези, не се разликува од сериозната опера само по темите, туку и по музичкиот јазик и драмскиот пристап. Наместо кон митолошки или историски приказни, таа се насочува кон секојдневниот живот и обичните луѓе, прикажувајќи хумористични и иронични ситуации, често исполнети и со социјална критика. Музиката е лесна, брза и мелодична, со бројни ансамбли, финали и живи сценски дијалози. Овој жанр станал омилен кај публиката бидејќи ја прикажувал реалноста на разигран и забавен начин, а истовремено преку шега и сатира ги критикувал слабостите на општеството. Оттука, клучни особености на комичната опера станале: едноставната и духовита фабула, природните и живи дијалози, ликовите преземени од секојдневниот живот, како и музиката исполнета со мелодичност, свежина и непосредност.

Разликите помеѓу сериозната и комичната опера

| Вид опера | Сериозна опера (Opera seria) | Комична опера (Opera buffa) |
|---|---|---|
| Теми и содржина | - митолошки приказни,<br>- историски настани и<br>- приказни од античкиот свет | - приказни од секојдневниот живот со хумористични, комични ситуации |
| Ликови | - кралеви,<br>- богови и<br>- херои - симболи на морални и духовни вредности | - обични луѓе од секојдневието: слуги, трговци, млади љубовници |
| Музички особености | - Доминираат da capo арии во форма АБА;<br>- вокалната техника и виртуозноста се во преден план;<br>- драмата е поделена на речитативи (за дејството) и арии (за емоциите);<br>- оркестарот е присутен, но не доминира | - лесна, брза и мелодична музика;<br>- многу ансамбли, дуети и финали;<br>- дијалозите се природни, блиски до говорниот јазик;<br>- музиката ја следи динамиката на хуморот и настаните |
| Цел на жанрот | - да изрази благородност, величественост и драмска сериозност | - да ја забавува публиката<br>- да критикува општествени појави преку сатира |

## Активности

### 1. Прашања за дискусија

- Зошто Џовани Батиста Перголези се смета за значаен композитор во музичката историја?
- Кое е најпознатото дело на Перголези и на кој жанр му припаѓа?
- Кои се главните карактеристики на комичната опера
- Кои се разликите помеѓу сериозната и комичната опера?

### 2. Истражување

Поделете се во две групи:

I група – изработете проектна задача на тема: Кристоф Вилибалд Глук
II група – изработете проектна задача на тема: Џовани Батиста Перголези

Секоја група истражува во учебници, енциклопедии и проверени веб-страници, а потоа за „својот“ композитор го подготвува следното:

- кратки податоци за животот;
- насловите на најпознатите дела;
- основните стилски карактеристики на творештвото и
- краток музички пример (1 – 2 минути).

Презентација

- На часот секоја група накратко ја претставува проектната содржина и пушта музички пример.

### 3. Насочено слушање

- *Stizzoso mio stizzoso (Лутко мој, лутко)* од Џовани Батиста Перголези

Слушајте ја аријата и обрнете внимание на следниве аспекти:

- како се движи мелодијата – дали е лесна, со скокови, со повторувања кои создаваат чувство на шега;
- какво е темпото и како влијае на впечатокот за комичност;
- дали има нагли динамички промени и дали тие ја нагласуваат емоцијата на ликовите и
- како оркестарот ја поддржува сцената; дали го истакнува хуморот; како вокалот ги пренесува емоцијата или карактерот на ликовите.

Прашања за дискусија по слушањето

- Кои музички елементи најмногу ја нагласуваат комичноста на сцена?
- Како создава чувство на игра или хумор комбинацијата од мелодија, темпо и ритам?
- Зошто музиката на Перголези ја прави оваа опера забавна и лесно разбирлива за публиката?

# ВИЕНСКИ КЛАСИЦИЗАМ



Панорамски приказ на Виена (XVIII век)

Класицизмот во музиката ја опфаќал втората половина на XVIII и почетокот на XIX век, период обележан со значајни политички, општествени и културни промени во Европа. Француската револуција од 1789 година ја разнишала дотогашната општествена структура и го означила крајот на апсолутистичките вредности, додека подемот на Наполеон Бонапарта станал симбол на новиот поредок и бурните промени на европската сцена. Во овие услови постепено се зајакнувала граѓанската класа, што силно влијаело врз развојот на уметноста и музиката.

Музиката во периодот на музичкиот класицизам имала важна општествена и социјална улога. Таа станала подостапна за пошироката публика, а не била наменета исклучиво за благородништвото и дворските кругови. Концертите, оперите и камерната музика поминале развој кој придонел за создавање жив јавен музички живот, при што музиката служела и како средство за образование, култивирање на вкусот и зајакнување на културниот идентитет на европските градови, особено на Виена. Таа се одликува со грациозни, јасни и балансирани мелодии, во кои секоја фраза има јасен почеток и завршок и лесно се впива во слухот на слушателот. Формите се прецизно уредени и симетрични, како кај сонатата, симфонијата и концертот за солист и оркестар, додека оркестарот е внимателно избалансиран и создава богата, но проѕирна звучна палета. Хармонијата е чиста, логична и јасна, а музиката тежнее кон убавина и уживање, одразувајќи ги рационалноста и естетските идеали на времето.

Најзаслужни за оформувањето на класичниот стил се Јозеф Хајдн, Волфганг Амадеус Моцарт и Лудвиг ван Бетовен, кои живееле и твореле во Виена. Поради нивното значење и заедничката средина на творење, целата епоха во историјата на музиката е позната под називот „виенски класицизам“.

**Симфонискиот оркестар** во периодот на виенскиот класицизам прераснува во стабилна и јасно дефинирана музичка формација. Овој период донесува значајни промени во составот, звукот и начинот на работа на оркестарот.

Во раниот класицизам оркестарот бил скромен, составен главно од гудачки инструменти. Со текот на времето, оркестарот се проширува и станува побогат и поразновиден.



Оркестарот во класицизмот

## Проширете го знаењето

**Иновации во звукот и стилот на оркестарот**

Во согласност со духот на класицизмот, оркестарот станува пример за симетрија, баланс и логичка организација. Музиката е уредена, транспарентна и прилагодена за салони, дворци и концертни простори во Виена – центарот на европската музичка култура.

Овој период носи неколку важни иновации:

**Кларинетот како нов инструмент**

Кларинетот се појавува како нов инструмент што создава целосно нова боја на оркестарот. Моцарт бил меѓу првите што го интегрирал со голема љубов и внимание.

**Подобар баланс и улога на дувачките инструменти**

Удвоените дувачки инструменти постепено добиваат сопствени мелодиски линии, наместо само да ги следат виолините.

**Јасна поделба на улоги**

Гудачките инструменти го носат главниот мелодиски и ритмички тек, додека дувачките инструменти додаваат боја, контраст и нови хармонски функции.

**Развој на оркестарското пишување**

Хајдн и Моцарт поставуваат основи на современата оркестрација – секој инструмент добива логична и специфична улога.

**Циклусните форми** се сложени музички дела составени од повеќе ставови, кои заедно создаваат единствена целина и во периодот на музичкиот класицизам се остваруваат преку сонатата, симфонијата, гудачкиот квартет и концертот за солист и оркестар.

**Сонатата** е инструментално дело напишано за соло инструмент, најчесто клавир, или за инструмент со придружба на клавир. Таа обично се состои од три или четири става, при што првиот став е брз (најчесто напишан во сонатна форма), вториот има бавен и лирски карактер, третиот може да биде менует или скерцо, а завршниот став најчесто е брз и динамичен. Во периодот на музичкиот класицизам, сонатата претставувала своевидна лабораторија на музичките идеи, во која композиторите ги развивале формата, тематската обработка и хармонијата.

**Симфонијата** е оркестарска форма и најчесто се состои од четири става. Првиот став обично е брз (сонатна форма), по него следи бавен став со лирски карактер, третиот став е менует или скерцо, а завршниот став најчесто е, повторно, брз и динамичен. Симфонијата ја истакнува моќта и богатството на звучната палета на симфонискиот оркестар.

**Гудачкиот квартет** е циклусна форма за камерно музицирање во состав од две виолини, виола и виолончело и се смета за една од најрафинираните форми во музичкиот класицизам. Обично има четири става, чија структура е слична на онаа на симфонијата, но со поинтимен и рамноправен дијалог меѓу инструментите.

**Концертот** за солист и оркестар е музичка форма во која солистот и оркестарот се во постојан дијалог и контраст. Во периодот на музичкиот класицизам, концертот најчесто се состои од три става, при што првиот и третиот став се брзи, а вториот е бавен и лирски.

### Занимливост

**Нарачана музика – големи дела**

Во Виена композиторите како Хајдн, Моцарт и Бетовен честопати морале да создаваат музика за одредени пригоди или прослави, како родендени, церемонии или црковни служби. Интересно е дека токму овие нарачки ги инспирирале да експериментираат со нови форми и звучни ефекти, па многу од нивните најпознати дела потекнуваат од вакви „закажани“ прилики.

### Проширете го знаењето

**Каденцата** е краток дел на концертот, во кој солистот свири сам, без оркестар, со цел да ја истакне својата виртуозност, техничката умешност и музичката креативност. Најчесто се појавува кон крајот на првиот став и звучи како блескава музичка импровизација. На почетокот каденцата ја импровизирал самиот солист, додека, подоцна композиторите почнале да ја запишуваат во партитурите, понекогаш нудејќи и повеќе можни варијанти.

**Разликата меѓу сонатната форма и сонатата како музичко дело**

Сонатната форма претставува начин на организација на музичките идеи во едно музичко дело. Таа ја покажува внатрешната структура на делото, распоредот и развојот на темите, тоналитетите и карактерите, но не претставува самостојно музичко дело.

Сонатата е целосно музичко дело, кое може да има три или четири става и најчесто ја користи сонатната форма, особено во првиот став. Таа е конкретно дело што се компонира и изведува.

Сонатната форма е структурата (планот), а сонатата е музичкото дело што се гради врз таа структура.

### Активности

**1. Одговорете на овие прашања**

- Во кој период се развивал виенскиот класицизам во музиката и зошто целата епоха е наречена виенски класицизам?
- Кои се тројцата најзначајни композитори на виенскиот класицизам?
- Со кои особености се одликува музиката на класицизмот?
- Кои форми се најчесто користени во виенскиот класицизам?

## Франц Јозеф Хајдн (1732 - 1809)





Франц Јозеф Хајдн (герм.: *Franz Joseph Haydn*), е роден на 31 март 1732 година во австриското село Рорау, во семејство на занаетчии. Уште од рана возраст покажал интерес и дарба за музиката и започнал да учи чембало, виолина и пеење. Подоцна заминал во Виена, каде што работел како хорист, а потоа и како виолинист во различни оркестри.

На дваесет и тригодишна возраст го компонирал својот прв гудачки квартет, а набргу потоа и првата симфонија. Најголемиот дел од своето творештво го создал за време на службата во дворскиот оркестар на унгарскиот кнез Естерхази, каде што работел околу триесет години. По смртта на кнезот Естерхази, Хајдн отпатувал во Лондон, каде што се соочил со нова музичка средина и поширока публика. Таму го заокружил својот симфониски стил. Последните години од животот ги поминал во Виена, веќе, како широко признат композитор. Починал на 31 мај 1809 година.

Со своето обемно и разновидно творештво Франц Јозеф Хајдн значајно придонел за оформувањето и дефинирањето на класичниот музички стил. Тој се смета за еден од основачите на сонатната форма, гудачкиот квартет и класичната симфонија и бил истакнат мајстор на инструменталната музика. Иако неговиот фокус бил претежно инструментален, тој создал и голем број вокално-инструментални дела, меѓу кои, опери, ораториуми и кантати. Со својот пристап, Хајдн ја оддалечил музиката од верскиот мистицизам и ја доближил до секојдневниот живот и чувствата на луѓето. Музиката на Хајдн се одликува со јасна форма, логична музичка мисла и рамнотежа меѓу мелодијата и хармонијата. Тој често користел контрасти, хумор и елементи од народната музика, со што неговите дела биле разбирливи и блиски до публиката.

Посебно значајни се неговите гудачки квартети оп. 20 бр. 2 во C-дур, оп. 64 бр. 5 во D-дур , оп. 76 бр. 2 во d-мол, потоа, *Парискиūе симфонии*, со кои Хајдн стекнал европска слава и *12-ūе Лондонски симфонии*, кои претставуваат врв на класичниот симфониски стил. Меѓу нив се издвојуваат Симфонија бр. 103 во Es-дур и Симфонија бр. 104 во D-дур. Во последниот период од својот живот Хајдн ги создал двата големи ораториуми – *Создавањеūо на свеūоū* и *Годишниūе времиња*, кои претставуваат врвни остварувања на вокално-инструменталната музика од епохата на класицизмот. Со своето творештво Хајдн силно влијаел врз развојот на класичната музика и врз подоцнежните композитори, особено врз Волфганг Амадеус Моцарт и Лудвиг ван Бетовен. Неговата улога во оформувањето на класичните музички форми му обезбедила трајно место во историјата на европската музика.



Улицата Јозеф Хајдн во Ајзенштад

### Занимливост

**Необичната приказна за черепот на Хајдн**

Еден куриозитет поврзан со животот на Франц Јозеф Хајдн е настанот што се случил по неговата смрт во 1809 година. Поради интересот за френологијата – тогашна псевдонаучна теорија што се обидувала да го објасни човечкиот карактер преку обликот на черепот – неговиот череп бил украден.

Во наредните децении черепот на Хајдн минувал низ рацете на различни лица и бил одделен од неговото тело цели 145 години. Дури во 1954 година тој бил повторно споен со останатите посмртни остатоци и положен на соодветното гробно место.



Черепот на Хајдн



Ракопис на Хајдн

### Активности

**1. Одговорете на овие прашања**

- Кои се карактеристиките на музиката на Хајдн?
- Во кои музички форми Јозеф Хајдн се смета за основач и истакнат мајстор?
- Кои се најпознати симфониски дела на Хајдн?

**2. Насочено слушање**

*Соната за пијано бр. 50* во *D-дур* – I став од Франц Јозеф Хајдн



*Симфонија бр. 101 Часовник* – I став од Франц Јозеф Хајдн

Направете избор од посочените композиции со користење линкови.

За избраната композиција обрнете внимание на следниве елементи – динамика, темпо, карактер.

Анализирајте и откријте

- Во која музичка форма е напишана избраната композиција?
- За кој инструмент/оркестар/глас е напишана композицијата?
- Откријте ги темпото, динамиката и карактерот на композицијата.

## Волфганг Амадеус Моцарт (1756 – 1791)





Волфганг Амадеус Моцарт (герм.: *Wolfgang Amadeus Mozart*) е роден на 27 јануари 1756 година во австрискиот град Салцбург и претставува еден од најголемите композитори во историјата на музиката.

Потекнува од музичко семејство, а неговиот татко Леополд Моцарт (познат виолинист, композитор и музички педагог) многу рано го забележал исклучителниот музички талент на својот син. Под негово водство Моцарт почнал да учи свирење на чембало, виолина и основи на композиција. Уште на тригодишна возраст покажувал неверојатни музички способности, а на пет години веќе компонирал и јавно настапувал. Поради оваа извонредна дарба тој е познат како „чудо од дете“. Заедно со својата сестра Нанерл настапувал на бројни концертни турнеи низ Европа – во Германија, Франција, Англија и Италија – каде што ги воодушевувал кралските дворови и музичките кругови со својата виртуозност и музикалност. Овие патувања имале големо значење за неговиот музички развој. Преку патувањата имал можност да се запознае со различни национални музички стилови, да ги слушне и проучува делата на водечките композитори од своето време и да стекне широко музичко образование, што силно влијаело врз оформувањето на неговиот зрел творечки израз. Во подоцнежниот период од животот работел во разни европски градови, а најдолго престојувал во Виена. Иако стекнал голема слава уште во младоста, неговиот живот бил исполнет со бројни предизвици, меѓу кои и финансиски тешкотии и недоволна поддршка од општеството. Моцарт починал прерано, на само 35-годишна возраст, во Виена на 5 декември 1791 година. И покрај краткиот живот, зад себе оставил исклучително богато и вредно музичко наследство, кое и денес има огромно значење и влијание врз светската музичка култура.

Творештвото на Волфганг Амадеус Моцарт е исклучително богато и разновидно, а за својот краток живот создал повеќе од шестотини дела. Неговата музика се одликува со леснотија во создавањето, јасна форма, рамнотежа меѓу деловите и целината, како и со богата мелодиска и изразна убавина.

Оперите заземаат особено значајно место во неговата творечка работа. Напишал седумнаесет оперски дела, а благодарение на бројните патувања и длабокото познавање на човечките карактери, во своите опери создава богата галерија на ликови, прикажани со голема психолошка продлабоченост. Најголемиот дел од оперите се напишани на италијански јазик, додека последната опера, *Волшебната флејта*, е на германски јазик.

Негови најпознати опери се: *Идоменео, Грабнувањето од сарајот, Свадбата на Фигаро, Дон Џовани, Така прават сите* и *Волшебната флејта*.



Леополд Моцарт и неговите деца Волфганг и Марија Ана (Нанерл)



Дизајн на сцената за операта *Волшебната флејта* на Моцарт од Karl Friedrich Schinkel

Моцарт напишал околу педесет симфонии, а во нив го следиме развојот од едноставни форми до сложени структури со богати музички идеи. Врв на неговото симфониско творештво се последните три симфонии – во Es-дур, g-мол и C-дур *Јупитер*.

Во областа на камерната музика Моцарт создал бројни гудачки и клавирски квартети, клавирски триа, гудачки квинтети, серенади и дивертимента. Особено е позната серенадата *Мала ноќна музика*.

Напишал сонати за пијано, сонати за виолина и пијано, сонати за флејта и пијано, во кои се отсликува сето богатство на неговата мелодиска инвенција, мајсторството во обликувањето на одделните ставови, како и разновидната и интересна хармонска подлога.

Моцарт напишал голем број концерти за соло инструмент и оркестар, опфаќајќи ги, речиси, сите инструменти што биле на располагање во неговото време (флејта, кларинет, рог, фагот и харфа), со најголем број за пијано и виолина. Меѓу најпознатите се клавирските концерти во D-дур (*Крунидбен*), A-дур, c-мол и d-мол, како и виолинските концерти во G-дур, D-дур и A-дур. Создал и значаен број духовни композиции, меѓу кои се издвојуваат *Крунидбената миса* и неговото последно, недовршено дело – *Реквием*, кое претставува едно од највпечатливите дела во историјата на духовната музика.

## Проширете го знаењето



Портрет на Констанца Моцарт од Јозеф Ланге

По смртта на Моцарт, грижата за неговите ракописи и за севкупното наследство ги презела неговата сопруга Констанца (Моцарт-Вебер). Во тоа и помагал и нејзиниот втор сопруг, Георг Николас фон Нисен, голем обожавател на Моцартовата уметност. Со негова помош, во 1828 година Констанца ја објавила првата пообемна биографија за композиторот. Тогаш започнало и систематското издавање на Моцартовите дела, бидејќи поголемиот дел од нив биле сочувани во ракописи. Бил изработен и првиот хронолошко-тематски опис на Моцартовите композиции. Според Лудвиг Кехел, кој во 1862 година го објавил овој каталог. Изданието го добило називот KV (Köchel Verzeichnis – Кехелов попис), и од тогаш секое дело на Моцарт ја носи ознаката KV со соодветниот број.

## Занимливости

Композицијата *Miserere* на Грегорио Алегри била строго чувана во Ватикан и никому не му било дозволено да ја добие партитурата. Моцарт, кој тогаш имал само 14 години, ја слушнал еднаш композицијата во Сикстинската капела и уште истиот ден ја запишал целосно – нота по нота, само по сеќавање. Делото е исклучително сложено и наместо да биде казнет, Ватикан ја признал неговата вонредна музичка дарба и му оддал посебна чест и признание.

Моцарт компонирал според својот вкус, но архиепископот на Салцбург не се откажувал од своите барања и аристократските каприци. Тој сметал дека Моцарт мора да ја стави музиката во служба на дворот. Ова му било неподносливо, па Моцарт побарал да замине. Во својот дневник запишал дека дворската музика била „вулгарна, лоша и неуредна“ и дека во Салцбург немало интерес за музиката. Го напуштил Салцбург и се преселил во Виена. Таму работел напорно, но не успеал да ги задоволи сопствените материјални потреби.

Последните десет години од животот Моцарт ги поминал во сиромаштија, а кога починал, бидејќи бил сиромашен и немал покровител што би се погрижил за погребот, неговото тело било положено во заедничка гробница за сиромашните. Ниту неговото семејство, ниту аристократијата не присуствувале на овој чин, а местото на гробот останало непознато.

**Пример за насочено слушање и анализа**

*Симфонија бр. 40* во *g-мол*, KV. 550, I -ви став од Волфганг Амадеус Моцарт




Фрагмент од првата страна на симфонијата

Симфонијата на Моцарт бр. 40 во g-мол, KV. 550, I. став, е напишана во сонатна форма. Се состои од овие делови:

Експозиција

- Во експозицијата се претставени две главни теми, кои го оформуваат драмскиот контраст, својствен за сонатната форма. Првата тема е во g-мол,по која следи модулативен премин кон втората тема која е во B-дур. Експозицијата завршува со завршна група.

Развоен дел

- Во развојниот дел се разработува тематскиот материјал од експозицијата преку различнини хармонски и мотивски постапки.

Реприза

- Во репризата следи материјалот од експозицијата, но обработен на начин што и двете теми се појавуваат во основниот тоналитет g-мол, како што налага класичната сонатна форма.

## Активности

**1. Прашања за дискусија**

- Како би го опишале животот на Волфганг Амадеус Моцарт?
- Кој е вашиот став за творештвото на Моцарт ?
- Која форма од творештвото на Моцарт најмногу го привлекува вашето внимание и ви поттикнува желба да го слушате?

**2. Насочено слушање**

*Сонаѿа* во *C-дур Facile KV 545* – I став (Allegro) од Волфганг Амадеус Моцарт

*Гудачки квинѿеѿ Мала ноќна музика* од Волфганг Амадеус Моцарт

*Лакримоза (Lacrimosa) – Реквием* од Волфганг Амадеус Моцарт




Мотиви на почетокот на *Лакримоза* од реквиемот на Моцарт

*Арија Кралицаѿа на ноќѿа* од операта *Волшебнаѿа флејѿа* од Волфганг Амадеус Моцарт

*Турски марш (Rondo alla Turca)* од Волфганг Амадеус Моцарт

- Направете избор од посочените линкови;
- Внимателно слушајте го делото;
- Определете за кој изведувачки апарат е напишана композицијата и
- Откријте ги темпото, динамиката и карактерот на композицијата.



Моцарт на дворски концерт

## Лудвиг ван Бетовен (1770 – 1827)





Лудвиг ван Бетовен (герм.: *Ludwig van Beethoven*) е роден во декември 1770 година во Бон, Германија. Потекнува од музичко семејство и уште од најраната возраст покажал исклучителна музичка надареност и започнал со интензивно музичко образование. Во 1792 година се преселил во Виена, која станала негов постојан дом до крајот на животот.

Бетовен брзо се истакнал како извонреден пијанист и музичар, познат по силниот израз, драматичноста и оригиналноста. Неговиот живот бил обележан со бројни лични и здравствени тешкотии. Бил познат по својот нагол и импулсивен темперамент, но и по длабоката чувствителност и хуманистичките убедувања. Најтешко му било постепеното губење на слухот. И покрај оваа состојба, тој продолжил активно да работи и да твори, сè повеќе повлекувајќи се од јавниот живот.

Неговиот приватен живот бил исполнет со емоционални превирања и финансиска несигурност. Сепак, имал поддршка од благородниците и покровителите што ја ценеле неговата уметност. Починал на 26 март 1827 година, оставајќи длабока трага во историјата на музиката и сметајќи се за клучна фигура што ги поврзува музичкиот класицизам и романтизам.



Фотографско намалување на едно од писмата на Бетовен откриени во 1908 година

Неговите животни искуства, личните борби и уметничките стремежи непосредно се одразуваат на неговото богато и разновидно творештво. Тој има клучно значење во развојот на сонатната форма и сонатниот циклус, при што неговото творештво јасно се согледува низ три развојни фази. Во раната фаза тој се надоврзува на класичниот модел на Ј. Хајдн и В. А. Моцарт, почитувајќи ги традиционалниот модулациски план и јасната структурна градба на сонатната форма. Во средната, т.н. „херојска фаза“, Бетовен постепено ги проширува формалните рамки, го збогатува развојниот дел, ја зголемува драматичноста и слободно го третира модулацискиот план, со што сонатната форма добива нова изразна и драмска димензија. Во доцната фаза, тој свесно ги преиспитува и делумно ги руши класичните формални шеми, воведувајќи неочекувани тоналитетни односи, варијабилна структурна организација и длабоко индивидуален музички јазик. Со тоа ги поставува темелите на романтизмот и овозможува понатамошен развој на сонатниот циклус како слободна и експресивна форма.

Музичкото творештво на Бетовен е составено од: симфонии, концерти, камерна музика, дела за клавир и вокално-инструментални дела.

Деветте симфонии на Лудвиг ван Бетовен претставуваат врв во развојот на симфониската музика и го поврзуваат класицизмот со романтизмот. Особено се значајни: третата *Eroica* – симбол на борбата и слободата, петтата – позната по „мотивот на судбината“, и деветтата – револуционерна во која во финалето вклучува хор и солисти.



Слика на дел од Деветтата симфонија

## Проширете го знаењето

Во табелата се прикажани сите симфонии на Бетовен со основните информации за нивните ставови, темпо и форми.

**Преглед на симфониите на Лудвиг ван Бетовен**

| Симфонија | Тоналитет | Опус | Прв став | Втор став | Трет став | Четврти став | Петти став |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Симфонија бр. 1 | C-дур | Op. 21 | Adagio molto Allegro con brio – сонатна форма со вовед | Andante cantabile – сонатна форма | Menuetto: Allegro – менует | Adagio – Allegro molto e vivace – сонатна форма | |
| Симфонија бр. 2 | D-дур | Op. 36 | Adagio molto Allegro con brio – сонатна форма со вовед | Larghetto – сонатна форма | Scherzo: Allegro – скерцо | Allegro molto – сонатна форма со елементи од сонатно рондо | |
| Симфонија бр. 3 „Херојска“ | Es-дур | Op. 55 | Allegro con brio – сонатна форма | Marcia funebre: Adagio assai – марш | Scherzo: Allegro vivace – скерцо | Finale: Allegro molto – варијација на две теми | |
| Симфонија бр. 4 | B-дур | Op. 60 | Adagio – Allegro vivace – сонатна форма со вовед | Adagio – сонатна форма без развоен дел | Allegro vivace – скерцо | Allegro ma non troppo – сонатна форма | |
| Симфонија бр. 5 | c-мол | Op. 67 | Allegro con brio – сонатна форма | Andante con moto – варијации на две теми | Allegro – скерцо | Allegro – сонатна форма | |
| Симфонија бр. 6 „Пасторална“ | F-дур | Op. 68 | Allegro ma non troppo – сонатна форма | Andante molto mosso – сонатна форма | Allegro – скерцо | Allegro – слободна форма | Allegretto – сонатно рондо |
| Симфонија бр. 7 | A-дур | Op. 92 | Poco sostenuto – Vivace – сонатна форма со вовед | Allegretto – триделна форма и варијации | Presto – скерцо | Allegro con brio – сонатна форма | |
| Симфонија бр. 8 | F-дур | Op. 93 | Allegro vivace – сонатна форма | Allegretto scherzando – сонатна форма без развоен дел | Tempo di menuetto – менует | Allegro vivace – сонатна форма со елементи од сонатно рондо | |
| Симфонија бр. 9 (Со хор) | d-мол | Op. 125 | Allegro ma non troppo, un poco maestoso – сонатна форма | Molto vivace – Presto – скерцо | Adagio – Andante – варијации на две теми | Finale: Presto Allegro assai, Rezitativo, Allegro assai – комбинирана форма | |

### Занимливост

Деветтата симфонија на Бетовен е иновативно револуционерна затоа што во последниот став вклучува хор и солисти, нешто што не е својствено за симфониите. Текстот е од поемата *Ода на радосѿа* на Фридрих Шилер, која ги слави слободата и братството на луѓето. Еден од најпознатите стихови е: Сите луѓе стануваат браќа (Alle Menschen werden Brüder). Последниот став на оваа симфонија толку силно ги изразува радоста и единството меѓу луѓето, што подоцна е избран за химна на Европската унија.




Дел од мелодијата на *Ода на радосѿа*

Клавирската музика на Бетовен се одликува со силни емоции, мелодичност и техничка сложеност. Меѓу триесет и двете сонати за пијано (од кои секоја за себе е музичка драма) се истакнуваат *Месечеваѿа сонаѿа*, *Валдшѿајн*, *Паѿеѿична*, *Аӣасионаѿа* и други.

Бетовен создавал значајни концерти за разни инструменти и оркестар. Пет концерта за клавир и оркестар (најмногу е изведуван бр. 5 во Es-дур, познат како *Имӣеријален концерѿ*) и концерт за виолина и оркестар во D-дур.

Напишал и камерни дела, вокално-инструментална музика, од кои само една опера – *Фиделио*, а најчесто се изведуваат трите варијанти на нејзината увертира *Леонора*. Негово големо вокално-инструментално дело е величествената *Missa Solemnis* во D-дур.

### Занимливости

**Како Бетовен создавал музика по губењето на слухот**

Иако Бетовен почнал да го губи слухот на 28-годишна возраст, продолжил да компонира и ги создал некои од своите најпознати дела, вклучително и Деветтата симфонија, користејќи ги своите внатрешни музички знаења и „слушајќи" ја музиката во својот ум. Многупати тој внимателно запишувал ноти и скици за да ги контролира тоновите што веќе не можел да ги слушне, користејќи еден вид „имагинарен слух" за да ги почувствува хармониите и ритамот во себе. Всушност, за време на некои концерти, тој не можел да ги слушне аплаузите на публиката, но можел да ги сфати реакциите преку гледањето на лицата на луѓето.

**Бесмртната сакана**

„О Боже, зошто човек мора да биде разделен од оној кого толку го сака? А, сепак, мојот живот во Виена сега е беден живот. Твојата љубов ме прави во исто време најсреќниот и најнесреќниот човек. На мојата возраст ми е потребен мирен, стабилен живот – може ли тоа да постои во нашата врска"?

Бесмртната сакана (Immortal Beloved) е една од најпознатите романтични мистерии во животот на Бетовен. Терминот што го користи Бетовен потекнува од долго љубовно писмо кое тој го напишал на 6 јули 1812 година, но никогаш не го испратил. Писмото е адресирано до жена која тој ја нарекува Бесмртна сакана и изразува длабока љубов, страст, болка и страдање поради разделбата.



Дел од оригиналното писмо на Бетовен од Бесмртната сакана

## Активности

**1. Прашања за дискусија**

- Зошто се смета Лудвиг ван Бетовен за композитор што ги поврзува класицизмот и романтизмот?
- Кои музички жанрови најмногу се издвојуваат во творештвото на Бетовен?
- Колку симфонии напишал Бетовен и по што се разликуваат тие од симфониите на претходните композитори?
- По што е специфична деветтата симфонија?

**2. Индивидуална активност – истражувачка работа**

Поделете се во три групи:

- I група – изработете проектна задача на тема: Јозеф Хајдн
- II група – изработете проектна задача на тема: Волфганг Амадеус Моцарт
- III група - изработете проектна задача на тема: Лудвиг ван Бетовен

Секоја група истражува во учебници, енциклопедии и проверени веб-страници, а потоа за „својот“ композитор го подготвува следното:

- кратки податоци за животот;
- насловите на најпознатите дела;
- основните стилски карактеристики на творештвото и
- краток музички пример (1 – 2 минути).

На часот секоја група накратко ја претставува проектната содржина и пушта музички пример.

**3. Насочено слушање**

*Симфонија бр. 5* во *c-мол*, оп. 67, I став од Л. в. Бетовен

*Симфонија бр. 9* во *d-мол*, оп. 125, IV став – Финале од Л. в. Бетовен

*Симфонија бр. 7* во *А-дур*, оп. 92, II став од Л. в. Бетовен

*Месечева сонаша (Mondscheinsonate), Сонаша бр. 14* во *cis-мол*, I став од Л. в. Бетовен

*За Елиза (Für Elise) WoO 59* во *а-мол*, од Л. в. Бетовен

Направете избор од посочените композиции со користење линкови.
За избраната композиција одговорете на поставените прашања:

- Во кој жанр припаѓа избраната композиција?
- Која е формата на композицијата?
- За кој инструмент/оркестар/глас е напишана композицијата?
- Откријте ги темпото, динамиката и карактерот на композицијата.

## МУЗИЧКИ РОМАНТИЗАМ

XIX век во европската музика е обележан со романтизмот – стил и уметничко движење што настанува како одраз на длабоките општествени и политички промени по Француската револуција. Новите историски услови, ослободителните движења и зајакнувањето на граѓанската класа силно влијаеле врз духовниот и културниот живот, а со тоа и врз музичкото творештво.

За разлика од класицизмот, кој ги истакнувал разумот, рамнотежата и јасната форма, романтизмот во преден план ги става индивидуалниот израз и фантазијата. Композиторите покажуваат засилен интерес за внатрешниот свет на човекот, неговите емоции, соништа и психолошки состојби. Чести теми во музичките творби стануваат љубовта, природата, минатото и народната традиција.

Романтичарите црпат инспирација од фолклорот, народната поезија и националната историја. Во нивните дела се чувствуваат стремежи кон слободата и отпор кон општествените неправди.

Во музичкиот јазик се јавуваат значајни промени: хармонијата станува побогата, се користи повеќе хроматика, а оркестарот се проширува со нови звучни бои. Се развива виртуозноста, особено во клавирската музика.



*Слободата го води народот* од Ежен Делакроа

Во романтизмот се развивале и два основни типа музичко изразување:

- апсолутна музика и
- програмска музика.

Апсолутната музика се заснова на чисто музички форми без конкретна надворешна содржина и се остварува преку симфонии, сонати, концерти, камерна музика и клавирски минијатури. Паралелно со неа се развива и програмската музика, која преку звукот прикажува одредена приказна, идеја или душевна состојба. Карактеристични за неа биле тонското сликање и изразената оркестарска колоритност.

Претставниците на западноевропскиот музички романтизам донеле и нов развој на музичките форми. Особено се истакнала соло песната (lied) за глас и пијано, во која музиката била тесно поврзана со поетскиот текст. Значајно место имала и клавирската минијатура, како кратка форма погодна за интимен и непосреден израз. Во оркестарската музика се развила симфониската поема – еднodelно програмско дело со слободна градба. Се појавила и програмската симфонија, во која музиката следи однапред замислена приказна, идеја или настан со помош на т.н. фиксидеја (idée fixe).

Во областа на сценската музика, романтизмот донел значајни достигнувања во операта и балетот. Се развила т.н. херојска опера со национална тематика – опера инспирирана од фолклорот, како и т.н. опера драма, во која лајтмотивот оживувал ликови, настани и идеи, повторувајќи се и развивајќи се низ целото оперско дело.

Периодот на музичкиот романтизам оставил огромно културно наследство преку творештвото на плејада композитори, а многумина од нив истовремено биле и врвни изведувачи и виртуози.

## Активности

**1. Прашања за дискусија**

- Кои се главните карактеристики на музиката во романтизмот?
- Што било извор за инспирација на композиторите од периодот на романтизмот?
- Која е разликата меѓу апсолутната музика и програмската музика?
- Кои музички форми се истакнале во творештвото на западноевропските композитори?

## Франц Шуберт (1797 – 1828)





Франц Шуберт (герм.: *Franz Schubert*) е роден на 31 јануари 1797 година во близина на Виена. Првите музички знаења ги добил од својот татко, а подоцна учел во градско училиште, каде што изучувал пијано, виолина и композиција. Уште како млад започнал да компонира песни, фантазии за пијано, увертири и квартети.

Поради тешките материјални услови татко му го насочил кон учителска професија, но Шуберт не бил задоволен од таа работа и целосно ѝ се посветил на музиката. Живеел во сиромаштија и во тешки услови, што силно се одразило во неговите дела. Починал на 19 ноември 1828 година, на само 32-годишна возраст.

Творештвото на Франц Шуберт зазема значајно место во музичкиот романтизам и претставува мост меѓу класицизмот и романтизмот. Во своите дела тој создава нов, подлабоко емотивен музички израз, во кој централно место има внатрешниот свет на човекот.

Соло песната зазема главно место во творештвото на Шуберт. Тој е творец на уметничката песна (lied), каде што музиката е тесно поврзана со поезијата. Напишал околу шестотини песни. Мелодијата е примарен музички израз кај Шубертовите композиции, кои носат распеани линии со декламативен карактер. Според градбата, песните се строфични или варијационо-строфични. Пијано придружбата не е само поддршка, туку активно ја изразува и продлабочува содржината на музиката. Таа служи и како коментатор на драмското дејствие на музиката. За своите песни Шуберт често користел текстови од Гете и Хајне. Најзначајни циклуси на песни се: *Убавата воденичарка* и *Зимско патување*. Шуберт е творец на голем број дела за пијано: сонати, фантазии, импромпти и музички моменти, како и дела за камерни ансамбли, сценска музика, опера и оперета и др. Напишал и девет симфонии од кои најпознати се: *Симфонија во h-мол (Недовршена) D 759* и *Симфонија во C-дур, D 944*.




Извадок од *Недовршената симфонија* во h-мол

### Занимливост

Симфонијата бр. 8 на Шуберт ја нарекуваат *Недовршена* затоа што има само два става, но, во суштина, е музички целосна и завршена како израз на неговата уметничка замисла.

## Проширете го знаењето

**Убавата воденичарка** е циклус од дваесет песни, врз стиховите на поетот Милер. Во нив се раскажува за љубовта на еден млад човек, кој по долго талкање се вработува во една воденица и се вљубува во ќерката на воденичарот. Љубовта не била возвратена. Тажниот чирак размислува да се фрли во водите на поточето. Циклусот е поделен на два дела од по десет песни. Првите имаат оптимистички карактер, а во вториот дел се изразува немоќта на момчето поради што посакува да стави крај на својот живот. Од музички аспект, песните од овој циклус се одликуваат со мелодија, ритам и хармонија што се блиски до едноставноста и убавината на народната песна.

**Зимско патување** е, исто така, циклус од дваесет и четири песни, каде што Шуберт уште подлабоко ја прикажува својата тешка душевна состојба, задржувајќи го народниот карактер. Станува збор за напуштен, осамен и безнадежен скитник, преку кого композиторот симболично ја изразува сопствената судбина.

**Пастрмка** е самостојна песна на Шуберт, креирана за глас и пијано, која раскажува за една пастрмка која плива среќно во еден чист поток, се додека лукав рибар не ја замати водата за да ја фати и да ја убие. Музиката ја доловува живоста на рипката и движењето на водата, при што се чувствува радоста и играта на природата, а моментот кога рибарот ја фаќа рипката, додава изненадување и драматичност. Освен наративниот карактер, песната има и симболично значење – како алегорија за младешката невиност, која може да биде загрозена од измама и лукавост, но и како предупредување за младите жени во однос на предаторски мажи. На овој начин песната ги поврзува непосредните музички слики со подлабока, морална порака.

**Серенада** е музичко дело, мелодична и смирена композиција, често за вечерна изведба или со љубовно посветување.

**Музички миг** е кратка инструментална композиција што се создава како моментна лирска или сликовита музичка слика.




*Убавата воденичарка* – француска верзија од Морис Шасан



Рачно напишана копија на *Пастрмка (Die Forelle)* од Франц Шуберт, објавена во 1817 година



*Der Leiermann* од *Зимско патување*

## Активности

**1. Прашања за дискусија**

- Како влијаеле животните тешкотии и сиромаштијата врз емоционалниот карактер на музиката на Шуберт?
- Кои се најпознатите дела на Шуберт?
- Зошто песната (lied) зазема централно место во творештвото на Шуберт?

**2. Насочено слушање**

*Пастрмка* од Франц Шуберт

Слушнете ја песната.

- кажете какво чувство или расположение создава композицијата;
- слушајте ја клавирската придружба и објаснете како ги опишува водата, движењето на рибата и драмата на сцената;
- напишете краток опис за тоа како музиката ја оживува приказната;
- размислете дали оваа песна може да се смета како пример за апсолутна музика или за програмска музика. Зошто?

**3. Естетска проценка на делата на Франц Шуберт**

Направете кратко истражување за избраната композиција со помош на ИКТ.

*Симфонија бр. 8 Недовршена во h-мол D 759*, I-став

*Серенада*

*Музички миг бр. 3*

*Соло песна Шумскиот крал*

**Насоки за слушање**

Внимателно слушајте ја избраната композиција и обратете внимание на: темпото и динамиката, карактерот, изведувачкиот апарат (инструменти, вокали) и дали композицијата спаѓа во програмска или апсолутна музика;

Размислете и изнесете аргументирани проценки за следното:

- кои делови ви се посебно впечатливи и зошто;
- вашиот личен впечаток и емоционалната реакција;
- споделете ги своите согледувања со соучениците и
- изведете заеднички заклучоци за естетските и изведбените особености.





## Феликс Менделсон (1809 – 1847)

Феликс Менделсон Бартолди (герм.: *Felix Mendelssohn Bartholdy*) е роден на 3 февруари 1809 година во Хамбург, во богато и образовано семејство.

Уште од најраната возраст покажува исклучителен музички талент, поради што често се споредува со Моцарт, како „чудо од дете“. Семејството му овозможило извонредно образование, учел пијано, виолина, композиција и теорија на музика. Покрај музиката, изучувал јазици, филозофија, литература, историја и ликовна уметност. Менделсон бил и талентиран сликар, што влијае врз неговата сликовита и јасна музичка мисла. Големо значење за уметничкиот развој и инспирација на Менделсон имаат неговите патувања низ Европа – Италија, Франција, Англија, Ирска и Шкотска. Тој не бил само композитор, туку и истакнат диригент и педагог. Починал многу млад, на 38-годишна возраст, на 4 ноември 1847 година, поради здравствени проблеми и психичка исцрпеност.

### Занимливост



*Гевандхаус во Лајпциг* – акварел од Феликс Менделсон

**Кога музиката се претвора во слика**

Иако е познат, пред сè, како композитор и диригент, Феликс Менделсон бил и талентиран ликовен уметник. За време на своите патувања низ Европа, тој создавал цртежи и акварели, меѓу кои е и сликата Плоштадот Гроенмаркт во Хаг.

Исто така, тој ја насликал и концертната сала Гевандхаус (Gewandhaus) во Лајпциг, Германија, каде што настапувал и диригирал; денес ова е еден од најреномираните европски симфониски центри.



*Плоштадот Гроенмаркт во Хаг* – акварел од Феликс Менделсон

### Проширете го знаењето

**Марш** е музичка форма со јасен ритам, обично во 4/4 такт, која создава чувство на движење со чекорење. Се користи за паради, воени процесии, свечени настани и свадбени церемонии.

Творештвото на Менделсон опфаќа: симфониски дела, концертни дела, музика за ансамбли, композиции за пијано – минијатури, како и дела за оргула. Одлика на секоја негова композивија е убавата и течна мелодија. Со циклусот од четириесет и осум композиции за пијано, *Песни без зборови*, создава жанр на карактерни пијано минијатури, каде што инструментот „пее“ без текст. Компонирал пет симфонии, а најзначајни се: симфонијата во а-мол наречена *Шкотска симфонија* и симфонијата во А-дур наречена *Италијанска симфонија*. Посебно место во неговото творештвото заземаат програмските увертири, кои не се вовед во операта, туку самостојни инструментални дела со симфониски карактер. Таква е увертирата *Сон на летната ноќ*, во која највпечатлив дел е *Свадбениот марш*, а ги компомирал и увертирите *Пештерата на Фингал*, *Убавата Мелузина*, *Мирот на морето* и др. Од другите инструментални дела на Менделсон се издвојува и *Концертот за виолина и оркестар во е-мол*.

## Активности

**1. Прашања за дискусија**

- Како влијаело семејното образование врз музичкиот развој на Менделсон?
- Каква улога имале патувањата низ Европа врз инспирацијата и творештвото на Менделсон?

Зошто се значајни увертирите на Менделсон, како *Сонот на летната ноќ*, и по што се разликуваат од оперските увертири ?

**2. Насочено слушање**

*Свадбен марш* од *Сонот на летната ноќ*

Слушнете ја композицијата *Свадбен марш* и обратете внимание на ритамот, мелодијата и инструментите што го носат мотивскиот материјал.

Одговорете на овие прашања:

- Дали музиката звучи весело, свечено или мирно? Зошто?
- За кој дел од музиката мислите дека најмногу ја одразува свадбената атмосфера?
- Според што се разликува маршот од други видови музика што сте ги слушале?

*Концерт за виолина и оркестар* во *е-мол*

Слушајте го концертот внимателно и одговорете на следните прашања за истражување:

- Колку ставови има концертот?
- Дали се менува темпото во рамките на ставот?
- Каков е карактерот во ставовите: романтичен, драматичен, радосен, тажен?
- Кои чувства музиката ви ги буди при слушањето на концертот?

## Занимливости

### Свадбениот марш – музика која го прославува моментот

Иако целата увертира Сон на летна ноќ е инспирирана од комедијата на Шекспир, *Свадбениот марш* е делот што најмногу се изведува самостојно. Ја напишал како музичка слика за радоста и прославата на брачната заедница, но не очекувал дека ќе стане „свадбен хит“ дури два века подоцна.



Дел од *Свадбениот марш*

### Ренесансата на Ј.С. Бах

Во 1829 година Менделсон одиграл клучна улога и ја оживеал музиката на Јохан Себастијан Бах, кога речиси еден век по нејзиното создавање ја поставил на сцена, диригирајќи ја Пасијата по Свети Матеј. Со оваа историска изведба започнала т.н. „Бахова ренесанса“, која повторно го вратила овој композитор во центарот на европскиот музички живот.





## Роберт Шуман (1810 – 1856)

Роберт Шуман (герм.: *Robert Schumann*) е роден на 8 јуни 1810 година во Цвикау, Германија. Уште како дете покажал интерес за музика и литература. Учел пијано и рано започнал да компонира, но, истовремено, бил длабоко заинтересиран и за пишување, читање и анализирање книжевни дела. Започнал студии по право, но неговата вистинска страст била музиката. Шуман бил исклучително чувствителна личност, со богат внатрешен свет. Во текот на животот често се соочувал со психички кризи, депресии и емоционални осцилации. Сепак, тој бил и интелектуалец со силна потреба да размислува за музиката, да ја анализира и да пишува за неа. Во 1834 година го основал музичкото списание *Нов музички весник (Neue Zeitschrift für Musik)*, преку кое активно се залагал за новата романтична музика и ги поддржувал младите таленти. Во неговиот личен живот и творештво, значајно место има љубовта кон Клара Вик, извонредна пијанистка што ќе му стане сопруга. Во последните години од животот неговата ментална состојба сериозно се влошила, во 1854 година доживеал тежок психички слом и бил сместен во психијатриска установа.  Починал на 29 јули 1856 година, на 46-годишна возраст. Иако неговиот живот бил исполнет со внатрешни борби и страдања, тој останува еден од најдлабоките и најчувствителни личности на романтизмот, симбол на уметникот кој живее меѓу реалноста и светот на внатрешните емоции.

Во творештво на Шуман се отсликува длабоката духовна внатрешност на човекот. Неговата музика има и национална основа. Во сите негови дела, од пијанистичките минијатури до симфониите, се опишуваат поетскиот дух, чистите чувства, љубовта кон природата и искрениот хумор, кои се карактеристични за народната уметност.

Во композициите за пијано го применувал принципот на циклус. Такви се програмски замислените *Карневал*, *Крајслеријана*, *Детски сцени* и *Фантастични пиеси*, во кои секоја пиеса има наслов што ја појаснува нејзината содржина. Од другите дела за пијано се издвојуваат *Симфониски етиди* и *Сонатата во g-мол*, *Фантазијата во C-дур*  *Сонатата во fis-мол* и *Концертот за пијано и оркестар во a-мол*, оп. 54.

Напишал околу двесте и педесет соло песни, каде што клавирската придружба не е само поддршка на вокалната линија, туку активен и рамноправен носител на изразот. Најпознати циклуси на песни на Шуман се: *Љубовта и животот на жената*, *Љубовта на поетот* и други.



Клара и Роберт Шуман – слика од 1850 година

Во делот на оркестарското творештво спаѓаат симфониските увертири, како *Манфред и Фауст*, четири симфонии – *Пролетна* (B-дур), *Симфонија во C-дур*, *Рејнска* (Es-дур) и *Симфонија во d-мол*.

## Активности

### 1. Размислете и продискутирајте

- Романтизмот ги истакнува индивидуалната емоција и внатрешниот свет на човекот. На кој начин музиката на Роберт Шуман го изразува овој идеал?
- Шуман бил и композитор и музички критичар. Дали сметаш дека е важно уметникот да биде и теоретичар и мислител? Образложи го својот став.
- Во циклусите, како *Детски сцени* и *Карневал*, секоја пиеса има наслов. Дали насловот ја ограничува или ја поттикнува твојата имагинација како слушател?
- Во соло песните на Шуман клавирската придружба има рамноправна улога со вокалната линија. Како ја збогатува тоа музичката содржина?
- Може ли уметниковото страдање да биде извор на креативност? Размисли и поврзи го одговорот со животот и делото на Шуман.

### 2. Програмска и емоционална анализа

*Детски сцени (бр. 1 и бр. 7)* од Роберт Шуман
Бр. 1 *Од странски земји и луѓе (Von fremden Ländern und Menschen)*
Бр. 7 *Лебдење* (*Traumerei*).

Насоки за анализа и прашања за дискусија:
– Што ви сугерира насловот на пиесата?
– Дали музиката ја отсликува содржината на насловот?
– Каква „детска сцена“ можете да замислите додека слушате?
– Дали музиката повеќе звучи како детска перспектива или како спомен од возрасен?

### 3. Насочено слушање

*Симфонија бр. 4 (III став Скерцо)* од Роберт Шуман
*Концерт за пијано и оркестар* во *а-мол (I став)* од Роберт Шуман

Дискусија по слушаните композиции:

- Во кое дело има повеќе драматичност? Зошто?
- Каква е разликата помеѓу симфонија и концерт?
- Каде повеќе се истакнува индивидуалноста, во симфонијата или во концертот?
- Како се манифестира романтичарскиот стил во двете дела?
- Кое дело ви делува емотивно поинтензивно и зошто?

## Занимливости

**Годината на песните**

Во текот на само една година, 1840, инспириран од љубовта кон Клара, Роберт Шуман искомпонирал повеќе од сто и триесет соло песни (lied). Таа година во музикологијата е позната како негова *Година на песните*.

**Клара – светска пијанистка и поддршка до крај**

Клара била една од најголемите пијанистки на XIX век. По психичката болест и сместувањето на Роберт во санаториум, таа сама се грижела за нивните деца и истовремено одржувала концерти низ Европа, ширејќи ја неговата музика и чувајќи го неговото творештво од заборав.

## Проширете го знаењето

**Скерцо** е форма која може да биде во вид на самостојна композиција или како дел од сонатен циклус. Обично, е со брз, жив, игрив и хумористичен карактер, со контрасти во ритамот и динамиката, при што создава чувство на игра и енергија во симфонијата.




Првата страна на партитурата на Скерцото од Шуман





## Јоханес Брамс (1833 – 1897)

Јоханес Брамс (герм.: *Johannes Brahms*) е германски композитор, роден е на 7 мај 1833 година во Хамбург, Германија, во скромно, но музички ориентирано семејство. Уште како дете покажал голем музички талент, учел пијано и виолина, а од тинејџерските години настапувал како пијанист и пијано придружник. Подоцна, преку својата музичка дејност, се запознал со Роберт Шуман, кој го препознал како голем талент и му помогнал да го започне својот професионален пат како композитор. Бил исклучително посветен на композицијата, но и на педагошката и диригентската работа. Починал на 3 април 1897 година во Виена. И покрај тоа што живее во време на големи музички промени, тој останува симбол на совршена комбинација меѓу класичната форма и романтичната емоција, како композитор кој ја негува длабоката музичка традиција и високата музичка култура.

Творештвото на Јоханес Брамс ги опфаќа речиси сите музички жанрови, со исклучок на сценската музика. Како најзначајни клавирски дела се означуваат сонатите за пијано (оп. 1, 2 и 5), *Балади оп. 10*, варијации и фуги – *Варијации на тема од Хендл оп. 24* и *Варијации на тема од Паганини оп. 35*, интермеца, капричиа и рапсодии и др., како и *Концертот за пијано и оркестар бр. 1 во d-мол*, оп. 15 и *Концертот за пијано и оркестар бр. 2 во B-дур*, оп. 83.

Оркестарската музика на Брамс ја сочинуваат и четирите симфонии – Симфонија бр. 1 во c-мол op. 68, Симфонија бр. 2 во D-дур op. 73, Симфонија бр. 3 во F-дур оп.90, Симфонија бр. 4 во е-мол оп. 98; увертири - *Трагична увертура* оп. 81 и *Академска свечена увертура* оп. 80. Пишувал камерна музика како и голем број вокални композиции - соло песни (lied), дуети и ансамбли за глас и пијано и хорска музика (со или без придружба). Кулминацијата на вокално-симфониското творештво го постигнал со *Германскиот реквием* оп. 45 (за хор, солисти и оркестар). Меѓу најпопуларните дела на Брамс кои често се изведувани на концерти ширум светот се *Унгарските танци* инспирирани од унгарската народна музика. Првично биле напишани за пијано четирирачно, а поради големата популарност подоцна биле оркестрирани.



Брамс во својот стан во Виена

### Занимливост

**Пријателство и музичка инспирација – Брамс и Клара Шуман**

Брамс и Клара Шуман имале многу блиска и топла пријателска врска. Иако не биле романтични партнери, тие си разменувале писма полни со емоции, почит и музичка инспирација. Клара често му давала совети за композиции, а Брамс ја сметал за своја голема инспирација и доверлив сојузник во музичките и личните предизвици.

### Занимливост

**Приспивна песна од Јоханес Брамс**

*Приспивна песна* од Јоханес Брамс е една од најпознатите приспивни песни во светот. Напишана е во 1868 година и има целосно смирувачка, нежна мелодија, која создава чувство на топлина и безбедност. Иако е едноставна, оваа песна ја покажува мајсторската вештина на Брамс да ја изрази љубовта и нежноста преку музиката. Интересно е што песната не е само детска – таа се изведува и на концерти, како пример за идеален спој на музичката едноставност и длабочината на изразот.

## Активности

### 1. Истражување за животот и творештвото на Јоханес Брамс

- Истражете го животот и творештвото на Јоханес Брамс, користејќи интернет-енциклопедии, книги или други проверени извори.
- Соберете основни податоци за животот на овој композитор (место и време на раѓање, образование, значајни личности во неговиот живот).
- Истражете ги главните области од неговото творештво (симфонии, концерти, камерна музика, песни).
- Издвојте неколку значајни дела на Брамс и објаснете зошто се важни.
- На крај, претставете го своето истражување пред класот.

### 2. Слушање композиции од Јоханес Брамс

*Унгарски танц бр. 2*
*Унгарски танц бр. 4*
*Унгарски танц бр. 5*

Насоки за слушање

- внимателно слушајте ги творбите *Унгарски танц* бр. 2, бр. 4 и бр. 5. Додека слушате, обратете внимание на: темпото, ритамот и танцовите карактеристики, динамиката, мелодијата и нејзиниот карактер, народниот (унгарски) дух во музиката и
- претставете ги своите заклучоци пред класот.

### 3. Симфонија во слика

*Симфонија бр. 3 (III став)* од Јоханес Брамс




Почетокот на темата од Симфонија бр. 3 (III став)

Насоки за активноста

- слушајте ја мелодијата;
- обратете внимание на темпото и динамиката;
- препознајте повторувања и контрасти и
- фокусирајте се на карактерот на ставот.

Визуелна интерпретација

- Додека ја слушате музиката, цртајте слика, скица или графика како инспирација од слушнатата музика.
- Обидете се да ја покажете енергијата, ритамот или расположението на музиката преку своето цртање.



## Хектор Берлиоз (1803 – 1869)

Хектор Берлиоз (фр.: *Hector Berlioz*) е композитор, диригент и музички писател, роден на 11 декември 1803 година во близината на Лион, Франција. Неговиот татко бил лекар, а мајка му имала интерес за музиката и литературата, што му овозможило рана изложеност на уметностите. Започнал студии по медицина, по желба на семејството, но многу брзо сфатил дека неговата вистинска страст е музиката. Во 1826 година се запишал на Парискиот конзерваториум, каде што учел хармонија, контрапункт и оркестрација.

Тој ја промовирал романтичната концепција на музиката како израз на емоции и длабоки лични чувства. Негова најпознатата композиција е *Фантастична симфонија (Symphonie fantastique)*, инспирирана од неговата љубов кон актерката Хариет Смитсон. Во ова дело тој воведува концепт на фиксидеја (idée fixe) – музички мотив што симболизира одредена личност или чувство и се повторува низ целото дело. Патувал низ Европа и бил влијателен како диригент и педагог. Иако неговите дела честопати биле контроверзни заради необичните хармонии и големиот оркестарски состав, денес се смета за пионер на романтичната оркестрација и за еден од најиновативните композитори на XIX век. Починал на 8 март 1869 година во Париз.

Творештвото на Берлиоз се развивало во три главни области: симфониска музика, ораториуми и опери. Неговата оригиналност се манифестира во симфониската музика, каде што го создава романтичниот симфониски циклус со програма (ги објаснува темите со текст, што ја прави симфонијата појасна и полесна за разбирање за слушателот). Иновации во неговите симфонии се формата, оркестрацијата и користењето музички изразни средства и воведувањето на фиксидејата, кои се различни од класичните симфониски норми. Во таа група спаѓаат: *Фантастична симфонија*, *Харолд во Италија*, *Ромео и Јулија* (вклучува збор и вокал), *Римски карневал* и *Погребно-триумфална симфонија*. Познати дела му се и оперите *Бенвенуто Челини* и *Тројанецот*, ораториумот *Проклетството на Фауст* и *Реквием*.

### Занимливост



Берлиоз како диригент на концерт на „Големиот фестивал на индустријата“

**Берлиоз и Големиот фестивал на индустријата**

*Големиот фестивал на индустријата* (Grand Festival de l'Industrie) бил јавен настан во Франција, одржуван во XIX век, посветен на индустријата, технологијата и културниот развој. На овие фестивали се презентирале нови индустриски достигнувања, машини, производи, како и уметнички настапи – музика, хорови и оркестри – за да се покаже врската меѓу техничкиот напредок и културниот живот.

На 1 август 1844 година Берлиоз диригирал концерт со повеќе од илјада изведувачи, што ја покажува големината и важноста на овој фестивал како културен и музички настан.




Фиксидеја - тема од Берлиоз *(Фантастична Симфонија)*

## Активности

**1. Прашања за дискусија**

- Зошто Хектор Берлиоз се смета за иноватор во музиката на романтизмот?
- Во кои три главни области се развивало творештвото на Хектор Берлиоз и во која од нив најсилно се изразува неговата оригиналност?
- Што претставува романтичниот симфониски циклус со програма и како користењето на фиксидејата ги оддалечува неговите симфонии од класичните норми?

**2. Слушаме музика од Хектор Берлиоз**

*Фантастична симфонија (Сонување и страсти I став)*
*Фантастична симфонија (Пат кон ѓубилиште IV став)*
*Фантастична симфонија (Собир на вештерките V став)*
*Проклетството на Фауст (Ракоци марш)*

Упатства за активноста

- По слушањето на фрагментите, одберете една композиција што најмногу ви се допаѓа и продолжете да ја слушате индивидуално преку слушалки.
- Насочете се кон музичките изразни средства: мелодијата, хармонијата, карактерот, контрастот, оркестрацијата.
- Запишете ги вашите забелешки и впечатоци за композицијата.
- Отворете дискусија на час во врска со следното: што сте забележале, како сте се чувствувале, како ги користи Берлиоз музичките средства за да создаде приказна или емоција.





## Франц Лист (1811 - 1886)

Франц Лист (герм.: *Franz Liszt*) е значаен композитор и пијанист, познат по својата виртуозност, иновативност и експресивност. Роден е на 22 октомври 1811 година во Рајдинг, Австрија. Неговиот татко бил вљубеник во музиката и го охрабрил Франц од најмала возраст да се посвети на музиката. Неговата прва јавна изведба се случила кога имал само девет години, а успехот на концертите во Пресбург и во дворот на кнезот Николаус Естерхази му овозможил да добие финансиска поддршка за музичко образование во Виена. Во 1830-тите години Лист ги започнува своите европски турнеи, станувајќи славен поради својата виртуозност, а појавата на феноменот наречен „Листоманија“ ја покажала неговата огромна популарност. Во Вајмар во 1847 година се повлекува од концертната кариера, со цел да се посвети на компонирање. Таму се истакнува како промотор на современата музика и го создава јадрото на т.н. „нова германска школа“. Следниот период од животот Лист го поминува патувајќи помеѓу Рим, Вајмар и Будимпешта, каде што држел настава и основал музичка академија, која подоцна го носи неговото име. Починал на 31 јули 1886 година во Бајрот, Германија.

### Занимливост



Лист во концертната сала од Теодор Хоземан (Theodor Hosemann)

**Листоманија - феномен на музичка еуфорија**

Една од најзанимливите појави во историјата на музиката е т.н. „Листоманија“ – феномен што се појавил во 1840-тите години за време на концертните турнеи на Франц Лист. Публиката не реагирала на Лист како на обичен композитор или пијанист, туку како на вистинска ѕвезда: слушателите паѓале во занес, аплаудирале неконтролирано, собирале сувенири од неговите концерти, па, дури, и чувале скинати жици од пијаното како спомен. Терминот „Листоманија“ прв го употребил германскиот поет Хајнрих Хајне, опишувајќи ја оваа масовна возбуда како вид „музичка хистерија“. Овој феномен се смета за еден од првите примери на култ на славна личност во класичната музика, многу пред појавата на современите поп-идоли, и јасно ги покажува огромното влијание и харизмата на Франц Лист врз публиката во романтизмот.

Творештвото на Франц Лист е огромно и разновидно, но може да се организира според неколку главни насоки: пијанистички дела, симфониски поеми, вокални дела и оркестарски композиции. Неговата музика е белег на романтизмот и се одликува со силна експресивност, виртуозност и програмска димензија.

Најпознати примери од делата за пијано на Лист се *Унгарските рапсодии* – серија од деветнаесет рапсодии инспирирани од унгарската народна музика и од ритмите и мелодиите на ромската музика, *Соната во h-мол*, *La Campanella*, *Трансцендентални етиди* – серија од дванаесет етиди, *Љубовени соништа* – серија од три ноктурна.

Лист ја развил формата на симфониската поема (инструментално оркестрално дело во еден став, кое има литературна, драмска или сликарска основа и раскажува приказна, слика или чувство без зборови), а некои од тринаесетте симфониски поеми се *Мазепа*, *Прелудиум*, *Фауст*, *Данте* и др.

## Активности

**1. Одговори на прашањата**

- Што претставува феноменот „Листоманија“ и што покажува тој за популарноста на Франц Лист?
- Кои се главните карактеристики на музичкиот стил на Франц Лист?
- Што е симфониска поема и каква улога има Франц Лист во нејзиниот развој?

**2. Слушаме музика и споредуваме**

*Унгарска рапсодија бр. 2* од Франц Лист (клавирска верзија)

*Унгарска рапсодија бр. 2* од Франц Лист (оркестарска верзија)

Насоки за дискусија:

- обратете внимание на тоа дали мелодијата е иста во двете верзии;
- размислете што е заедничко за двете верзии, а што е различно и како влијае на вашето доживување на композицијата и
- објаснете зошто и двете верзии се важни и како инструментите го менуваат доживувањето на музиката.

**3. Насочено слушање**

*La campanella* од Паганини/Лист

Слушајте ја композиција.

Насоки за дискусија:

- Каде се повторува мотивот „малото ѕвонче“?
- Дали се менува во различни делови на композицијата?
- Кои делови се побрзи, а кои побавни?
- Каде „трча“ пијаното нагло нагоре или надолу по клавишите?
- Како влијае на драматичноста промената на динамиката?

**4. Изработка на есеј по слушање композиција**

*Љубовен сон бр. 3* од Франц Лист

- Напишете краток есеј во кој ќе ги опишете чувствата, расположението и мислите што кај вас ги разбуди слушањето на композицијата *Љубовен сон* од Франц Лист.

**5. Романтични звуци – класифицирање дела по жанр**

- Креирајте список на познати музички дела од западно европскиот музички романтизам, организирани според жанрот.

## Проширете го знаењето

Унгарските рапсодии првично биле напишани за соло пијано. Франц Лист ги компонирал деветнаесетте рапсодии главно во периодот од 1846 до 1853 година, вдахновен од унгарската народна музика, од стиловите verbunkos (унгарски воен танц) и czardas (унгарски и ромски народен танц со бавен и брз дел), како и од музиката што ја слушал од ромските ансамбли.

Дел од Унгарските рапсодии подоцна биле оркестрирани, односно приспособени за оркестар. Некои оркестрации ги направил самиот Франц Лист, а некои ги направиле негови ученици и соработници, најчесто Франц Доплер, под надзор или со одобрување на Лист.

## Занимливост

**Тајните на La Campanella**

*La Campanella* (Малото ѕвонче) е една од најпознатите и највиртуозните пијанистички композиции на Франц Лист. Делото е инспирирано од финалниот став на Концертот за виолина бр. 2 во h-мол, оп. 7, од италијанскиот композитор и виолинист Николо Паганини, кој е познат по своите сложени и технички предизвикувачки соло пасуси, како и по „ефектот на ѕвонче“, кој се слуша и во солото и во оркестарските делови.

Интересно е што *La Campanella* не е само технички предизвик, туку и музички ефектна и лесно препознатлива, што ја направило една од најпопуларните пијанистички композиции во романтизмот и симбол на Листовата пијанистичка виртуозност.



# ОПЕРАТА ВО РОМАНТИЗМОТ





Оперска куќа *Ла Скала* во Милано

Во XIX век операта станува централна музичко-сценска форма, која обединува музика, литература и театар. Таа не само што забавува, туку и ја изразува духовната, националната и емоционалната клима на времето.

Овој период е обележан со силна изразност, нагласени емоции, драматични конфликти и интерес за историјата, природата и националниот идентитет. За разлика од класичната опера од XVIII век, каде рамнотежата и формалната јасност биле во преден план, романтичната опера тежнее кон подлабока психолошка разработка на ликовите и кон поинтензивен музички израз.

Во првата половина на векот значајно влијание имаат делата на Џоакино Росини, Винченцо Белини и Гаетано Доницети, кои го развиваат стилот „белканто“.

Во втората половина на векот се јавува нов пристап кон операта. Џузепе Верди внесува силен драмски набој, реалистични човечки карактери и музика што директно ја изразува емоцијата.

Паралелно со италијанската традиција, во Германија се развива поинаков концепт на музичка драма преку делата на Рихард Вагнер, додека, во Франција се развива т.н. „голема опера“ со спектакуларни сцени, масовни хорови и историски теми. Кон крајот на векот во Италија се појавува „веризам“ – правец што прикажува реални, често, сурови животни приказни од секојдневието.

Во овој период се развиваат и националните оперски школи. Во Русија и во Чешка се создаваат опери инспирирани од народната музика и историското минато, со фолклорни елементи и изразен национален дух.

## Проширете го знаењето

Оперска куќа *Ла Скала* во Милано е еден од најзначајните оперски театри во Европа и игра голема улога во развојот на операта во романтизмот. Тој бил сцена за премиери на многу важни романтични опери и овозможувал композитори и солисти да ги изведуваат своите дела пред влијателна и широка публика. *Ла Скала* и други големи театри, како *Bayerische Staatsoper* во Минхен, *Vienna State Opera* и *Paris Opéra* придонеле за развојот на операта како драматична и емоционално изразена уметност. Тие овозможиле богат оркестар, големи сценографии и сложени продукции, што ги поттикнало романтичниот карактер на музиката, експресивноста на солистите и драматичноста на приказните.










Плакати од оперите на романтизмот во *Ла Скала*

# Операта во Италија во XIX век

Во првата половина на XIX век Италија останува водечки центар на европската оперска уметност. По кризата на сериозната опера кон крајот на XVIII век, а под влијание на идеите на Француската револуција и на национално-ослободителните движења против австриската власт, се јавува потреба од обновување на оперската уметност и од создавање дела што ќе бидат поблиски до чувствата и стремежите на народот. Така, операта постепено се насочува кон поголема драмска изразност и кон истакнување на националниот елемент. Во такви услови, италијанската опера во првата половина на XIX век се развива како форма во која централно место има човечкиот глас. Посебно значење добива стилот белканто. Оркестарот најчесто има придружна улога, додека, пејачите се главните носители на драмата и емоцијата. Во овој дух твореле композитори како Џоакино Росини, Винченцо Белини, Гаетано Доницети и, подоцна, Џузепе Верди, кои придонеле за оформување на новиот лик на италијанската романтична опера.

Белканто „убаво пеење“ е италијански музички стил, што се развил во италијанската опера од средината на XVIII до почетокот на XIX век. Карактеризира долги и изразни вокални линии што ги истакнуваат убавината, чистотата, флексибилноста и техничката виртуозност на гласот, прецизноста на фразата и експресивноста на интерпретацијата, додека, пејачот станува главен носител на драмата. Принципите на белканто стилот до денес влијаат врз развојот на вокалната техника.



Оперска куќа *Ла Фениче* во Венеција





## Џоакино Росини (1792 – 1868)

Џоакино Росини (итал.: *Gioachino Rossini*) е роден на 29 февруари 1792 година во Пезаро, Италија. Уште од детството покажал извонреден музички талент, студирал во Болоња, каде што го развил својот композиторски стил и започнал да ја гради својата оперска кариера.

Неговиот живот бил исполнет со голем успех и признание, особено во областа на комичната опера, но исто така, и со лични предизвици, кои влијаеле на неговото творештво. Создавал музика во сите жанрови, но неговото најголемо достигнување е оперската уметност. Починал на 13 ноември 1868 година во Париз.

Оперското творештво на Росини опфаќа околу четириесет опери. Тој ја подигнал комична опера на повисоко уметничко ниво и го спротивставил декандентниот карактер на сериозната опера. Со своите арии го создал стилот на белканто пеење, овозможувајќи пејачите да покажат техничка виртуозност и изразителност. Со тоа во оперите внел свежина и хумор со динамични арии и ансамбли и ги збогатил драмските сцени со величествено оркестрирање и силни емоции, создавајќи мост меѓу класичната и романтичната оперска традиција. Најпознатите опери на Росини се: *Севилскиот бербер, Семирамида, Вилијам Тел, Пепелашка, Отело, Италијанката во Алжир* и други.



Сцена од операта *Севилскиот бербер*



Костими создадени од Еужен Ду Фаже за премиерата на операта *Вилијам Тел* на Росини

### Занимливост

Една од најпознатите анегдоти за Росини ја покажува неговата мрзеливост и брз ум: додека лежел во кревет, му паднала страница од партитура, но тој не сакал да се наведне за да ја земе, па, наместо тоа, веднаш напишал нова арија. Ова покажува дека неговиот талент бил толку голем, што дури и „мрзеливоста“ ја претворал во музичко ремек-дело.

### Проширете го знаењето

*Севилскиот бербер* е една од најпознатите опери на Џоакино Росини и класичен пример за комична опера. Компонирана е во 1816 година и веднаш го привлекла вниманието на публиката со својата живост и хумор. Сценариото е засновано на комедијата на Пјер Бомарше и ја прикажува итроста и смелоста на слугата Фигаро. Росини користел динамични арии, ансамбли и ритмички забавни сцени, кои создаваат лесна и разиграна атмосфера. Музичкиот јазик на операта ја истакнува елеганцијата на белканто пеењето, овозможувајќи им на пејачите да ги покажат своите вокални способности. Преку комичните ситуации и живописните мелодии, внел свежина и хумор. Денес операта *Севилскиот берберин* е постојано присутна на репертоарот во светските оперски театри и се смета за ремек-дело на комичната опера.

Сериозната опера *Вилијам Тел* (1829) е напишана врз либретото на Фридрих Шилер, каде што главен лик е народот, а не аристократскиот херој (како што било вообичаено во тогашните опери). Драмата ги прикажува швајцарската борба за слобода и храброста на главниот лик, Вилијам Тел. Росини ја збогатил музиката со величествено оркестрирање, силни емоции и драмски напнати сцени. Ариите и хорските делови овозможуваат пејачите да ја покажат техничката виртуозност и изразителност, карактеристична за белканто пеењето. Оркестарот и хорот не само што ја поддржуваат драмата, туку ја прават музиката моќна и импресивна. Оваа опера имала голема улога во создавањето на италијанската херојска опера.

## Џузепе Верди (1813 – 1901)





Џузепе Верди (итал.: *Giuseppe Verdi*) е роден на 10 октомври 1813 година во селото Ронколе, Италија. Тој е еден од најголемите италијански оперски композитори на XIX век. Рано покажал голем музички талент, учел пијано, а подоцна студирал композиција во Милано. Неговите лични трагедии, како смртта на сопругата и децата, длабоко влијаеле на неговата емотивна и драмска музика. Живеел во време кога Италија била поделена на мали држави, а националната борба за обединување („рисорџименто“) ја инспирирала неговата уметничка и патриотска свест. Неговото оперско творештво се одликува со драмска музика и силни ликови – неговите опери ги истражуваат човечката психологија и конфликтите меѓу личниот живот и општествените околности, изразената мелодија и хорската сила – ја користи музиката како моќен емоционален и национален израз. Такви се оперите *Набуко*, *Риголето*, *Трубадур*, *Травијата*, *Аида*, *Фалстав*, *Отело*, *Ернани* и други. Починал на 27 јануари 1901 година во Милано.




Илустрација од Роберто Фокоси за варијантното прво издание на вокалната партитура на *Риголето*




*Травијата* – партитура за глас и пијано



Џузепе Верди како диригент на премиерата на *Аида* во Париската опера

### Проширете го знаењето

За развојот на италијанската опера значајно придонеле и Гаетано Доницети и Винченцо Белини, кои, заедно со Росини и Верди, ја обликуваат италијанската опера во XIX век, носејќи нови драмски и музички идеи.

- Гаетано Доницети (1797–1848) создавал лирски и комични опери, со јасни мелодии и живи ликови. Некои од неговите најпознати опери се: *Љубовен напиток*, *Дон Паскал* и *Лукреција Борџија*.
- Винченцо Белини (1801–1835) е познат по своите лирски опери, со долгите, течни мелодиски линии и драмска експресивност. Некои од неговите познати опери се: *Норма и Пуританци*.

### Занимливост

Оперите на Верди, особено, *Набуко*, *Риголето*, *Травијата* и *Аида*, се сметаат за симболи на италијанскиот национализам. Хорот *Va, pensiero* од операта *Набуко* станал симбол на борбата за обединување на Италија. Верди лично бил активен во политиката и бил избран за пратеник во првиот италијански парламент во 1861 година.

## Занимливост

**Костимографијата во оперите на Верди**





Костумографски скици на оперите на Верди

Овие слики прикажуваат оригинални костимографски скици од Оперска куќа *Ла Скала* во Милано, поврзани со опери на Џузепе Верди.
На првата слика е прикажана костимска скица за ликот Ернани од истоимената опера. Скицата го покажува сценскиот костим на ликот, со детали во облеката, боите и стилот кои одговараат на историскиот период и драмскиот карактер на операта.
На втората слика е прикажана костимска скица за лик од операта *Дон Карло*, исто така, од Верди. Костимот е богат со декоративни елементи и симболизира благороднички или дворски лик, што е типично за историската и драмска содржина на оваа опера.
Овие скици се дел од театарското и културното наследство на *Ла Скала* и сведочат за важноста на костимографијата во операта, каде што визуелниот изглед на ликовите е тесно поврзан со музиката и драмата. Тие се одличен пример како италијанската опера не е само музика, туку и спој на уметности – музика, театар, сликарство и мода.

## Активности

**1. Прашања за дискусија**

- Како се развивала операта во XIX век?
- Што претставува стилот *белканто* и кои се неговите најважни карактеристики во вокалното пеење?
- Направи истражување за тоа зошто *Севилскиот бербер* се смета за култно дело во комичната опера.
- Кои се најпознатите опери од Џузепе Верди и по што се карактеризира неговиот музички јазик?

**2. Слушајте музика од Росини, Доницети и Белини**

Во приложениот линк се содржани сите примери за слушање од делата на Росини, Доницети и Белини.

- *Вилијам Тел (Увертира)* од Џоакино Росини
- *Севилскиот бербер* (Увертира) од Џоакино Росини
- *Севилскиот бербер* (Каватина на Фигаро) од Џоакино Росини
- *Севилскиот бербер* (Каватина на Росина) од Џоакино Росини
- *Љубовен напиток* од Гаетано Доницети
- *Норма (Casta Diva)* од Винченцо Белини

Насоки за слушање и споредбена анализа

- Каква атмосфера создава музиката (лирска, драматична, комична, свечена)?
- Кој е изведувач (оркестар/глас)? Какви се темпото и динамиката?
- Кои се заедничките карактеристики на композициите и по што се разликува стилот на секој композитор?
- На крајот на активноста подгответе кратка писмена анализа и презентација во Пауер Поинт.

**3. Слушнете ги композициите од Џузепе Верди и истражете**

Во приложениот линк се содржани сите примери за слушање од делата на Верди.

- *Аида (Слава и Триумфален марш)*
- *Набуко (Хорот на евреите)*
- *Риголето (La donna e mobile)*
- *Травијата (Винска песна)*
- *Трубадур (Норот на циганите)*

Насоки за слушање:

- поделете се во групи;
- секоја група избира еден фрагмент и
- кратко истражува: од која опера е, што прикажува сцената и кој пее (солист или хор).

Секоја група прави кратка музичко-содржинска обработка, според следните насоки:

- какви се темпото и расположението,
- дали е музиката поврзана со народ, љубов, херојство или свеченост и
- каква е улогата на оркестарот.

На крај, направете кратка презентација во Пауер Поинт.

## Операта во Германија

Во првата половина на XIX век операта во Германија се развивала во духот на романтизмот и имала силна врска со националната култура, литературата и митологијата. За разлика од италијанската опера, каде што доминирале убавата мелодија и пејачката виртуозност, германската опера сè повеќе се насочувала кон драмската содржина, оркестарскиот израз и длабочината на приказната.

Важна улога имала зингшпил традицијата (singspiel) – оперска форма со пеење и говорни дијалози, која била блиска до народот. Темите често биле преземани од народните легенди, бајките и фантастичните приказни, со силен емоционален и симболичен карактер. Музиката служела да ја засили драмата и атмосферата, а оркестарот добивал сè поголемо значење.

Еден од најзначајните претставници на германската романтична опера бил Карл Марија фон Вебер, чија опера *Волшебниот стрелец* се смета за темел на германската национална опера. Во оваа средина постепено се формирале и идеите на Рихард Вагнер, кој подоцна радикално ќе ја промени оперската уметност.

Операта во Германија во овој период претставувала важен дел од културниот и духовниот живот, изразувајќи стремеж кон националниот идентитет и новите уметнички патишта.

### Проширете го знаењето

**Карл Марија фон Вебер** (1786-1826) е германски композитор, диригент и пијанист од периодот на романтизмот. Најпознат е по операта *Волшебниот стрелец* (Der Freischütz), која имала големо значење за развојот на германската романтична опера. Неговата музика се одликува со драматичност, богата оркестрација и силно изразени емоции.



Оперска куќа во Франкфурт на Мајна

## Рихард Вагнер (1813 – 1883)



Рихард Вагнер (герм.: *Richard Wagner*) е роден на 22 мај 1813 година во Лајпциг, во тогашното Кралство Саксонија. Уште од младоста покажал силен интерес за музиката и театарот, а своето музичко образование го стекнал во Лајпциг, каде што се запознал со делата на Бетовен и на германската книжевност, кои силно влијаеле врз неговиот уметнички развој. Рано започнал да се занимава со компонирање и диригирање, а работел и како музички директор во неколку германски градови.

Неговиот живот бил обележан со финансиски тешкотии, политички ангажман и чести преселби, но и со силна уметничка визија. Вагнер се стремел кон создавање „целосно уметничко дело“ (*Gesamtkunstwerk*), во кое музиката, поезијата и сцената се обединуваат во една драмска целина. Во историјата на музиката тој се смета за голем реформатор на операта, која благодарение на него станува музичка драма. Починал на 13 февруари 1883 година во Венеција.

### Занимливост

**Писмо што го открива внатрешниот свет на Рихард Вагнер**

Вагнеровите писма до Хајнрих Есер, негов пријател и музички критичар, откриваат многу повеќе од обични известувања – тие се вистински прозорец кон неговиот ум и срцето. Есер, како влијателен критичар и познавач на музиката, бил личност на која Вагнер можел да и се обрати отворено за своите идеи, планови и предизвици. Тој му служел и како доверлив советник и посредник, кој можел да го разбере и вреднува Вагнеровиот уметнички потенцијал.

Писмото е важен историски извор што ни овозможува подобро да ги разбереме внатрешниот свет, борбата и визијата на композиторот.



Писмо од Рихард Вагнер до Хајнрих Есер – Париз, 27 септември 1859 година

Централното место во творештвото на Вагнер го заземаат неговите тринаесет опери. Најзначаен е епскиот митолошки циклус од 4 опери, под наслов *Прстенот на Нибелунг*, кој го сочинуваат оперите: *Рајнско злато*, *Валкрира*, *Зигфрид* и *Залез на боговите*, како и оперите *Риенци*, *Летечкиот Холанѓанец*, *Танхојзер*, *Тристан и Изолда*, *Лоенгрин* и *Парсифал*.

Вагнер бил и значаен музички теоретичар и писател. Напишал повеќе есеи и книги, меѓу кои и *Уметноста и револуцијата*, *Опера и драма* и *Уметничкото дело на иднината*, во кои ги изложува своите идеи за реформата на операта и концептот на „сеопфатно уметничко дело“.



Оперска куќа на Вагнер во Бајрот



Илустрација од операта *Прстенот на Нибелунг* на Рихард Вагнер



Сцена од *Парсифал*

Во втората половина на XIX век Рихард Вагнер спроведува темелна реформа на операта, со која ја менува нејзината форма, содржината и уметничката функција. Најзначајни елементи на таа реформа се:

- Операта како музичка драма: операта прераснува во музичка драма, во која музиката, текстот и сценското дејство се обединети во една целина;
- Сеопфатно уметничко дело (Gesamtkunstwerk): обединување на музиката, поезијата, сценографијата, глумата и режијата во единствена уметничка концепција;
- Отфрлање на традиционалната поделба: ги укинува јасните граници меѓу аријата, речитативот и ансамблот, создавајќи континуирана музичка тековност;
- Употреба на лајтмотив: воведува лајтмотиви – кратки музички теми поврзани со одредени ликови, идеи или ситуации, кои ја продлабочуваат драмската и психолошката изразност;
- Засилена улога на оркестарот: оркестарот не е само придружба, туку активен носител на драмата и симболиката и
- Митолошки и филозофски теми: неговите дела често обработуваат германска митологија, легенди и длабоки филозофски идеи.



Сцена од *Тристан и Изолда*



Факсимил од ракописот – последните тактови од *Тристан и Изолда* од Рихард Вагнер

### Занимливост

**Како Вагнер ја направи операта целосно доживување**

Вагнер бил толку посветен на своите опери, што сам ги дизајнирал и сцената и театарот за своите дела. Најпознат пример е Бајројтскиот фестивалски театар (Bayreuther Festspiel-haus), кој го изградил посебно за прикажување на неговите опери. Таму тој вовел скриена оркестарска јама, што значи дека оркестарот е надвор од видното поле на публиката, за да не и го одвлекува вниманието од драмата на сцената.

Тоа било револуционерно за неговото време, бидејќи во другите опери оркестарот секогаш бил видлив и често доминирал над сценската акција. Вагнер, пак, сакал публиката целосно да се слее со приказната, музиката и сцената.

## Операта во Франција

Во XIX век француската опера се развивала во различни правци – од романтични, до историски и комични теми. Оперската француска сцена била особено заинтересирана за реализмот, кој се обидувал да ги прикаже животот и емоциите на обичниот човек.

Композиторите, како Жан Офенбах, Шарл Гуно и Жорж Бизе ја следеле оваа тенденција преку комичната опера и оперите со реалистични теми и се стремеле музиката и либретото да ги доловат емоционалната вистина и општествено-политичките ситуации. Ликовите биле „живи“, природни и блиски до реалниот живот, наместо идеализирани херои или митолошки фигури.

## Жорж Бизе (1838 – 1875)



Жорж Бизе (фр.: *Georges Bizet*) е роден на 25 октомври 1838 година во Париз, Франција. Уште од младоста покажал голем талент и интерес за музиката, а своето музичко образование го стекнал на Парискиот конзерваториум, каде што се запознал со делата на Хектор Берлиоз, Шарл Гуно и Фредерик Шопен, кои силно влијаеле врз неговиот уметнички развој.

Бизе рано започнал да компонира и да работи како музички педагог. Тој се стремел кон создавање музика што ги отсликува човечките емоции и драма. Животот му бил краток и исполнет со здравствени и професионални предизвици. Починал на 3 јуни 1875 година во Париз, малку по премиерата на неговото најпознато дело, операта *Кармен*, оставајќи голем и траен придонес во француската и европската опера.

Творештвото на Жорж Бизе опфаќа камерна музика, оркестарски дела, соло песни, балетот *Арлезијанка*, а неговото најголемо достигнување се оперите *Лекарот Миракул*, *Дон Прокопио*, *Ловци на бисери*, *Убавата девојка од Перт* и *Кармен*.

### Занимливост

**Хабанера – светска сензација**

Кога операта *Кармен* првпат била изведена во Париз во 1875 година, ја дочекале со критики и скептицизам, бидејќи публиката не била навикната на сцената да гледа обични луѓе и реални животни ситуации, туку, претежно, витези и висока драма. Сепак, со текот на времето *Кармен* станува едно од најизведуваните и најпопуларни оперски дела во светот, а една од најпознатите арии, *Хабанера*, станува глобално препознатлива. (Хабанера е танц од Куба со сензуален карактер и синкопиран ритам).

## Проширете го знаењето



Костим за Кармен – дизајн од Ивон Сасино де Нел

Операта *Кармен* (1875) на Жорж Бизе ја раскажува трагичната љубовна приказна на Кармен и младиот војник Дон Хозе. Содржината на операта ја прикажува конфликтната љубов, љубомората и судбината, и ги истражува темите за слобода, страст и трагична неизбежност.

Кармен е убава циганка, која како лик е силна, независна и харизматична жена што не може да биде ограничена од правилата на општеството или од љубовните врски. Таа ја привлекува и ја менува судбината на Дон Хозе, а нејзината слобода и страст водат кон трагичен исход.

Музиката на Бизе ја поддржува оваа драма со:

- живи мелодии и ритмички иновации – особено во циганските и танцувачки сцени;
- емоционална длабочина – музиката ја одразува психологијата на ликовите;
- национални и етнички мотиви – како шпанските ритми и мелодии, кои ја истакнуваат атмосферата на Андалузија и
- лирски и драмски моменти – кои ја надополнуваат трагичната приказна.

## Активности

**1. Прашања за дискусија**

- Што значи концептот Gesamtkunstwerk (целосно уметничко дело) и како со него Вагнер ја реформира операта?
- Што е лајтмотив и каква улога има во оперите на Вагнер?
- Зошто Рихард Вагнер се смета за реформатор на романтичната опера?
- Што значи реализмот во француската опера во XIX век и како се прикажува во операта *Кармен* на Жорж Бизе?

**2. Слушаме музика од Карл Марија фон Вебер, Рихард Вагнер, Жорж Бизе**

Истражувајте и анализирајте ги оперските фрагменти:

- *Волшебниот стрелец (Хорот на ловците)* од Карл Марија фон Вебер
- *Валкири (Летот на валкириите)* од Рихард Вагнер
- *Леонгрин (Свадбен марш)* од Рихард Вагнер
- *Кармен (Увертира)* од Жорж Бизе
- *Кармен (Хабанера)* од Жорж Бизе
- *Кармен (Песната на тореадорот)* од Жорж Бизе
- *Кармен (Боемскиот танц од вториот чин)* од Жорж Бизе – целиот танц

Насоки за активноста:

- Поделете се во групи, секоја група избира еден музички фрагмент и кратко истражува: од која опера е делото, што прикажува сцената, дали настапува солист или хор или само инструменти без вокал.
- Секоја група подготвува кратка усна анализа со следниве насоки: какви се темпото и расположението на музиката; дали е музиката поврзана со народот, љубовта, херојството или свеченоста; дали е улогата на оркестарот придружна или водечка, или има главна улога (без вокал).
- Претставете ги своите заклучоци пред класот, со дискусија за делата и нивна споредба.

# РОМАНТИЗМОТ ВО СЛОВЕНСКИТЕ ЗЕМЈИ

Романтизмот во словенските земји се развива во XIX век, како дел од поширокото национално будење и од стремежот кон културна и политичка самостојност. Во тој период голем дел од словенските народи се наоѓале под власта на големите империи. Затоа се засилува стремежот кон зачувувањето на сопствениот јазик, традицијата и историската меморија. Се појавуваат културни и просветни движења што ја нагласуваат улогата на народот, како носител на идентитетот и на историскиот континуитет. Интелектуалците, писателите и општествените дејци активно работат на кодификацијата на јазикот, на собирањето народни умотворби и на афирмирањето на националната свест. Овие процеси создаваат силна духовна и културна основа врз која подоцна ќе се оформат и националните школи во различните области на уметноста.

**Национални школи**

Националните школи се музички правци што свесно го истакнуваат националното обележје. Во овој период се буди интерес за историјата, културните традиции и народната уметност, а уметниците понекогаш учествуваат во историската и политичката афирмација на својот народ.

Музичките творци го проучуваат народниот мелос, играта, поезијата, епот и бајките, па врз нив создаваат свој национален музички јазик. Народните мелодии, необичните интервалски скокови, модалната хармонија и ритмичките особености стануваат основа на творештвото на националните школи. Бојата, како елемент на фолклорот, влијае на новите тонски склопови и оркестарски ефекти. Легендите, минатото, народните обичаи и животот на село се чест мотив, а изборот на форми овозможува темите најјасно да се изразат. Музичкиот романтизам со нагласени национални особености доаѓа до полн израз особено кај народите што дотогаш играле подредена улога на европската музичка сцена.

Националното движење на музичкиот романтизам не се ограничило само на композиторското творештво. Тоа резултирало со широка организациска и културна активност: основање музички училишта, опери, оркестри и хорови, собирање и обработка на народни мелодии и игри, како и проучување и документирање на националната музичка историја.

Руската национална музичка уметност започнува со Михаил Глинка и композиторите од „Руската петорка“, кои ги создаваат основите на рускиот национален стил. Чешката национална школа ја претставуваат Беджих Сметана и Антонин Дворжак, а полската, во прв ред, Фредерик Шопен, кој со својата творечка работа придонел цела Европа да се запознае со карактериатичните мелодии,  ритмови и форми на неговата татковина.





## Фредерик Шопен (1810 – 1849)

Фредерик Шопен (пол.: *Fryderyk Franciszek Chopin*, француски: *Frédéric François Chopin*) е првиот голем полски композитор што без непосредни претходници внел нов дух и нови видови во полската и европската клавирска музика.

Роден е на 1 март 1810 година во местото Железова Вола, во близината на Варшава, од татко французин и мајка полјачка. Како дете покажал исклучителен музички талент и веќе на осумгодишна возраст јавно настапувал, изведувајќи сложени пијанистички композиции. Во полското село се запознавал со народниот живот, песните и игрите. Токму таму ги слушнал полонезите, мазурките и краковјакот – народни танци што подоцна ќе ги возвиши на високо уметничко ниво и ќе ги направи препознатлив белег на полската национална музика.

На дваесетгодишна возраст заминал во Париз. Таму се дружел со истакнати уметници, меѓу кои и со виртуозот Франц Лист, како и со француската писателка Жорж Санд, со која имал значајна љубовна врска. Во Франција доживеал голем успех како пијанист и композитор и станал еден од најценетите уметници во европските салони.

Поради исцрпувачката работа и кревкото здравје, Шопен рано се разболел од туберкулоза и починал во Париз во на 17 октомври, 1849 година, на само 39 години. Според неговата желба, неговото срце било пренесено во Варшава, како симбол на неговата длабока љубов кон татковината.

Шопен е еден од најголемите пијанисти и композитори во историјата на музиката. Со извонредната мелодиска убавина, богатата и суптилна хармонија и длабоката поетска изразност, тој е наречен „поет на пијаното“. Извршил огромно влијание врз развојот на пианистичката уметност. Со својата музика го изразил националниот дух на полскиот народ и го остварил стремежот кон национален музички стил. Неговото творештво речиси целосно е посветено на пијаното и брои околу двесте и четириесет композиции објавени со опус-броеви од 1 до 65,а значителен број се објавени постхумно. Овие композиции немаат конкретна програмска основа, тој не користи директни цитати од народниот фолклор, туку создава оригинална музика, која по дух, ритам и карактер е длабоко поврзана со полската народна традиција. Такви се збирките на: *Мазурки, Полонези, Балади, Етиди, Валцери, Скерца, Ноктурна, Импромпти* и *Прелудиуми*. Шопен напишал и два концерта за пијано и оркестар во е-мол и f–мол, сонати, фантазии, ронда и др.

### Занимливости

Неговиот талент бил препознаен и надвор од Полска. Германскиот композитор Роберт Шуман во своето списание напишал: „Капите долу, господа, пред вас стои гениј!“

Шопен имал многу слабо здравје во текот на целиот живот, но, сепак, создал огромно богатство од музика за пијано. Тој најчесто свирел само во мали салони, наместо на големи концертни сцени, затоа што јавниот настап му предизвикувал стрес и болка.

Шопен бил голем иноватор во користењето на педалата на пијаното, создавајќи ефекти на мекост во звукот.



Фредерик Шопен изведува пред аристократското полско семејство Радзивил во 1829 година (Henryk Siemiradzki)



Автографска партитура од полскиот композитор Фредерик Шопен

## Проширете го знаењето

**Концертна етида** – со Шопен етидата престанува да биде само техничка вежба и се издигнува во самостојно концертно дело. Иако секоја етида развива одреден пијанистички проблем (арпежи, терци, октави, пасажи), композиторот ги облагородува со длабока мелодичност, хармонска богатост и драматична експресија, па тие стануваат поетски минијатури со силна емоционална содржина и редовен репертоар по концертните сали.
**Мазурката** произлегува од полскиот народен танц, но кај Шопен добива уметничка и поетска димензија. Наместо едноставна танцова форма, таа станува интимна минијатура исполнета со суптилни ритмички акценти, богата хармонија и национален дух. Карактеристичниот троделен такт со нагласување на второто или третото време и дава препознатлива звучност. Преку мазурките Шопен ги изразува својата љубов и носталгија кон татковината.
**Ноктурното** е лирска ноќна минијатура со распеана мелодија и богата хармонска подлога. Во ноктурната на Шопен доминира кантиленaта во десната рака, придружена со мека, арпежирана хармонија во левата рака. Овие дела што создаваат интимна, поетска атмосфера и се меѓу најомилените дела во пијанистичката литература.
**Полонезата** е свечен полски танц во триделен такт, што кај Шопен добива херојски и монументален карактер. Наместо дворска танцова музика, таа прераснува во симбол на националното достоинство и борбениот дух. Со силни ритмички формули, широка фактура и блескава виртуозност, полонезите звучат како пијанистички епопеи. Особено се истакнуваат херојските полонези од средниот и доцниот период на неговото творење.
**Баладата** е инструментална форма со наративен, драматичен карактер. Иако нема конкретна програмска содржина, музиката создава впечаток на раскажување приказна исполнета со контрасти и кулминации. Баладите се големи концертни дела со слободна форма, богата хармонија и виртуозна техника. Со нив Шопен создава нов жанр во романтичната пијанистичка литература.

## Активности

**1. Прашања за дискусија**

- Како влијаеле политичките и општествените промени кон крајот на XVIII и во првата половина на XIX век врз развојот на националните музички школи?
- На кои начини Фредерик Шопен го интегрирал полскиот народен мелос во својата клавирска музика и зошто неговото творештво ја претставува полската национална музика?

**2. Истражувачка активност преку слушање композиции од Фредерик Шопен**

*Валцер оп. 64, бр. 1, Валцер оп. 64, бр. 2, Ноктурно оп. 9, бр.2, Полонеза во As-дур оп. 53, Соната бр. 2 Посмртен марш, Фантазија – Емпромпти во cis-мол, оп. 66, Револуционерна етида*

Насоки за активноста:

- Преку линкот слушнете ги наведените композиции од Фредерик Шопен и внимателно определете ги нивниот карактер, темпото и динамиката.
- Додека слушате, обидете се да ја препознаете формата (валцер, ноктурно, полонеза, соната, фантазија - импромпти или етида) и размислете по што се разликува секоја форма.
- За секое дело напишете неколку реченици во кои ќе го опишете темпото, динамиката и карактерот (нежен, драматичен, херојски, лирски).
- Подгответе кратка усна презентација со образложение која композиција најмногу ви остави впечаток при слушањето.





## Михаил Иванович Глинка (1804 - 1857)

Михаил Иванович Глинка (рус.: *Михаил Иванович Глинка*) е роден е на 1 јуни 1804 година во Новоспаск, Русија, а починал на 15 февруари 1857 година во Берлин, Германија. Го носи епитетот „татко на руската класична музика“ и бил првиот руски композитор што свесно сакал да создаде автентична руска уметничка музика. Со оперите *Иван Сусањин* и *Руслан и Људмила* ги поставил темелите на двата правца во кои се развивала руската опера во текот на XIX век – херојско-историска опера со епски карактер и опера бајка со богати легендарни и фантастични елементи од фолклорот.

Операта *Иван Сусањин* (со првичен наслов *Животот за царот*, 1836) е херојско-историска опера што се темели на вистинска историска приказна за селанецот Иван Сусањин, кој го жртвувал својот живот за да го спаси рускиот цар. Музиката комбинира западноевропски оперски форми со руски народни мелодии, хорови и патриотски мотиви. Во ова дело се истакнуваат големите хорски сцени и драматичните кулминации, кои ја создаваат свечената и величествената атмосфера. И покрај тоа што аристократијата ја нарекла „кочијашка музика“, операта станала модел за историската опера во Русија и влијаела врз творењето на руските композитори.



Глинка за време на компонирањето на операта *Руслан и Људмила*

Операта *Руслан и Људмила* (1842) е инспирирана од истоимената поема на А. С. Пушкин и претставува фантастична, волшебна приказна со херои, злосторници и магични настани. Делото се карактеризира со живописна оркестрација, виртуозни пијанистички и вокални линии, како и со спектакуларни балетски сцени. Народните мотиви и ритмичките фигури ја обојуваат музиката со руски дух, додека драмската динамика и фантастичните елементи го прават ова дело основа за развојот на фантастичните и бајковити опери во Русија.



Скица за сценографијата од Иван Билибин за операта *Руслан и Људмила*

### Руската петорка

Во втората половина на XIX век руската музичка култура доживува силен подем. Се основаат музички конзерваториуми во Санкт Петербург и Москва и се создаваат услови за систематско музичко образование. Паралелно со академскиот правец, се појавува и движење што се залага за создавање автентична национална руска музика.

Во средината на векот околу композиторот Милиј Балакирјев се собираат група млади творци: Цезар Кјуи, Модест Мусоргски, Николај Римски-Корсаков и Александар Бородин. Надвор од границите на својата земја тие станале познати како „Руската петорка“. Нивната главна цел била создавање на самобитна руска музичка култура, заснована врз народното творештво, историјата и духовниот живот на рускиот народ. Тие ја продолжиле традицијата на Михаил Глинка, но настојувале

да внесат поголема оригиналност, слобода и национален колорит во музичкиот израз. Интересно е што повеќето членови на *Руската петорка* во почетокот немале формално музичко образование. И покрај тоа што не биле сите професионално музички образовани, изразита била нивната силна творечка индивидуалност и посветеноста кон националната уметност и самобитност. *Руската петорка* поставила темели на руската национална музичка школа, довела до создавање нов и препознатлив руски музички стил.

## Проширете го знаењето



**Милиј Балакриев (1837 – 1910)**
Милиј Балакрев (рус.: *Милий Алексеевич Балакирев*) бил, претежно, самоук композитор и пијанист, но подоцна стекнал значајно музичко искуство и станал духовен водач на групата. Тој е автор на симфониската поема *Тамара* и на ориентално обоената пијанистичка фантазија *Исламеј*.

**Цезар Кјуи (1835 – 1918)**
Цезар Кјуи (рус.: *Цезарь Антонович Кюи*) по професија бил воен инженер и професор по фортификација, а музиката ја изучувал паралелно со воената кариера. Компонирал опери, соло песни и камерна музика; меѓу позначајните дела се операта *Вилијам Ратклиф* и бројни романси.





**Модест Мусоргски (1839 – 1881)**
Модест Мусоргски (рус.: *Модест Петрович Мусоргский*) се школувал во воена академија и извесно време служел во армијата. Музиката ја развивал самостојно. а се истакнува со исклучителен творечки талент и длабока изразност. Неговите мелодии пленат со едноставност, природност и силна емоционална убавина. Тој е автор на операта *Борис Годунов*, симфониската слика *Ноќ на голиот рид* и клавирскиот циклус *Слики од една изложба*.

**Николај Римски-Корсаков (1844 – 1908)**
Николај Римски-Корсаков (рус.: *Николай Андреевич Римский-Корсаков*) бил морнарички офицер; подоцна се посветил на музиката и станал професор на Санктпетербуршкиот конзерваториум. Тој е познат по својата извонредна оркестрација и по делата *Шехерезада*, *Шпанско капричо* и по оперите *Снегурочка и Златниот петел.* Како врвен мајстор на инструменталната обработка, ги довршувал и ги оркестрирал и композициите на некои од другите членови на Руската петорка.





**Александер Бородин (1833 – 1887)**
Александар Бородин (рус.: *Александр Порфириевич Бородин*), истакнат хемичар и универзитетски професор, е автор на операта *Кнез Игор* (со прочуените *Половецки игри*) и на две симфонии со изразен национален карактер.

**Национална симфонија** претставува симфониско дело во кое композиторите свесно вклучуваат словенски фолклорни мелодии, ритми, историски теми и национални мотиви, со цел да го изразат културниот и националниот идентитет.

## Активности

**1. Прашања за дискусија**

- Зошто се смета Михаил Иванович Глинка за татко на руската класична музика?
- Кои се основните карактеристики на операта *Иван Сусањин* и *Руслан и Људмила* и во кој правец тие ја насочиле руската опера?
- Кои композитори ја сочинуваат групата позната како *Руската петорка*?
- Која била главната цел на *Руската петорка* и како ја продолжиле тие традицијата на Глинка?

**2. Слушајте композиции од композиторите на руската национална школа**

Преку дадениот линк слушнете ги понудените композиции од претставниците на Руската национална школа.

Насоки за активноста

Додека слушате, обратете внимание на следното:
- дали е делото оркестарско или камерно;
- дали има танцов карактер;
- дали е дел од опера, симфониска свита или самостојна композиција;
- каков е карактерот (херојски, ориентален, драматичен, свечен);
- каква е динамиката (силни контрасти, постепено градење) и
- дали се слушаат елементи од народната музика.

Задача

- Изнесете сопствено видување за тоа која од слушаните композиции во примерите ви остави најголем впечаток.

## Петар Илич Чајковски (1840 – 1893)





Петар Илич Чајковски (рус.: *Пётр Ильич Чайковский*) е еден од најпознатите руски композитори од епохата на романтизмот. Роден на 7 мај 1840 година во Воткинск. На руската музичка сцена се појавил истовремено со композиторите од *Руската петорка*, но не бил нивен член. Неговиот стил е одраз на поделеноста на руската интелигенција на „западњаци“ и „словенофили“, бидејќи се трудел да создаде чисто руска музика врз европски стандарди. Иако музичкиот талент го покажал од најмала возраст, како син на државни службеници, и неговата професија започнала во тоа подрачје. Но, во 1862 година, со отворањето на првиот Конзерваториум во Санкт Петербург, Чајковски ја донел конечната одлука животот да ѝ го посвети на музиката (станал еден од првите студенти). Подоцна станал професор на Конзерваториумот во Москва. Животот често му се одвивал на релацијата Русија – Европа. Бил ценет, сакан и признат насекаде, а триумфалните турнеи му дале статус на светска ѕвезда (ја имал и честа да настапи како диригент на отворањето на Карнеги хол во Њујорк, САД). Починал на 6 ноември 1893 година во Санкт Петербург од колера, само неколку дена откако ја диригирал премиерата на својата *Патетична симфонија*.

Чајковски компонирал во разни жанрови: симфонии, опери, балети, камерна музика, духовни композиции и концерти за пијано и виолина. Тој е особено значаен по балетите, кои стекнале светско признание: *Лебедово езеро*, *Заспаната убавица* и *Оревокршачка*. Од оперите посебно место заземаат *Евгениј Онегин* и *Пиковата дама*. Тој е творец на шест симфонии, а симфоните бр. 4, 5 и 6 (*Патетична*) се меѓу неговите најпознати дела и ја изразуваат богатата емоционална палета на човековите чувства. Особено место заземаат концертот за пијано и оркестар бр. 1 во b-мол и концертот за виолина и оркестар во D-дур, како и увертирата-фантазија *Ромео и Јулија* и свечената увертира *1812 година*.

Петар Илич Чајковски е композитор што ја надминал границата на националната музика и оставил траен печат во светската уметност.

### Занимливост

**Од историјата на Лебедово езеро**

Иако денес *Лебедово езеро* е еден од најпознатите балети во светот, неговата премиера во 1877 година не била успешна. Публиката и критиката првично не биле воодушевени од музиката и кореографијата. Дури по смртта на Чајковски, со новата поставка во 1895 година, делото станало светски хит. Ова покажува дека понекогаш вистинската вредност на едно дело се препознава со задоцнување.



Сцена од балетот *Лебедово езеро*

## Занимливост

**1200 писма без средба**

Од творештвото на Чајковски се воодушевувала Надежда фон Мек, богата љубителка на музичката уметност. Таа му оставала на располагање шест илјади рубљи годишно, а притоа, никогаш лично не се познавале. Единствената врска меѓу нив било допишувањето, а духовната врска со неа морално му помагала на композиторот. Тие размениле илјада и двесте писма, кои се зачувани, а на неа и ги посветил: Петтата симфонија, балетот *Заспаната убавица* и операта *Евгениј Онегин*.



Надежда фон Мек

## Активности

**1. Истражете и дискутирајте**

- На кој начин стилот на Чајковски ја поврзува руската национална традиција со европските музички стандарди?
- Зошто балетите на Чајковски се сметаат за врвни дела на светската музичка литература?
- Како симфониите бр. 4, 5 и 6 (*Патетична*) на Чајковски ја изразуваат богатата емоционална палета и внатрешната драматика на човекот?

**2. Слушајте композиции од Петар Илич Чајковски**

Во приложениот линк слушнете ги композициите од Петар Илич Чајковски и внимателно следете го нивниот музички тек, карактерот и оркестрацијата. По слушањето одговорете писмено или дискутирајте на следните прашања поврзани со неговата музика:

- Кои емоции најчесто ги изразува музиката на Петар Илич Чајковски?
- Според што се разликува балетската музика од симфонијата или концертот?
- Дали во неговите дела се забележува драматичност и силни динамички контрасти?
- Каква улога има оркестарот – дали создава сликовитост и програмска содржина?
- Каде се чувствува лиричност, а каде трагичност?
- Одредете дали музиката има програмска содржина.

## Беджих Сметана (1824 – 1884)





Беджих Сметана (чеш.: *Bedřich Smetana*) е роден е 2 март 1824 година во Литомишл, Чешка, а починал на 12 мај 1884 година во Прага. Уште како дете покажал голем музички талент и рано започнал да учи пијано и композиција. Во младоста бил под влијание на делата на Франц Лист. Одреден период живеел и работел во Шведска, каде што стекнал значајно искуство како пијанист, диригент и педагог. По враќањето во Прага активно се вклучил во културниот живот и се залагал за развој на чешката национална музика. Во 1874 година целосно го изгубил слухот, но и покрај тоа продолжил да компонира.

Сметана се смета за „татко“ на чешката национална музика. Тој прв успеал да создаде уметничка музика што јасно го изразува националниот дух на чешкиот народ. Целокупното творештво на Беджих Сметана претставува синтеза на националните и тогаш актуелните европски музички елементи и на народниот и уметнички изграден израз. Сметана создавал во повеќе музички жанрови, но тој е творец и најзначаен претставник на чешката национална симфониска поема и основоположник на чешката национална опера.

Во циклусот *Мојата татковина*, составен од шест симфониски поеми, ја поврзал програмската музика со националната историја и природата, всушност, музички ги претставил реката В’лтава, старите тврдини, митските јунаци и славното минато на својата татковина.

Неговото најпопуларно оперско дело, комичната опера *Продадената невеста*, претставува основа на националната чешка опера и изобилува со живописни народни елементи и чешки фолклорни мотиви.



Беджих Сметана меѓу своите пријатели во 1865 година (слика од Франтишек Дворжак)

### Занимливост

**Бедржих Сметана и симфониската поема В’лтава од циклусот Моја татковина**

Мелодијата на *В’лтава*, всушност, го следи текот на реката: започнува со тивка струја на два извора, потоа реката се спојува и се движи низ шумски предели, минува низ ловечки сцени и села, за на крај да стигне во величествениот град Прага. Сметана успеал музички да го „исцрта“патувањето на реката од нејзиниот извор до сливот. Оваа композиција е симбол на чешката природа и култура, а Сметана ја компонирал и покрај тоа што веќе бил целосно глув.






Првата страница од автографската партитура на вториот гудачки квартет на Сметана

# В’лтава

## Анализа со сликовна мапа

Колку успеал Сметана со музиката да ни ги долови В’лтава и пределите каде што тече, ќе провериме.

Следува опис на композицијата по делови. Внимателно прочитајте ги. Потоа преминете на слушање на примерите. Обидете се, со помош на описот и со самата музика, да препознаете на кој опис се однесува секој од музичките примери.



### Извори

Мал поток извира низ шумата, претставен со нежни тонови на флејтата. Од спротивната страна се појавува студен и темен извор, доловен преку звукот на кларинетот. Двата текови постепено се пробиваат низ шумскиот простор, сè додека конечно не се спојат во една река. Музиката се движи со кратки нотни вредности и брзо темпо. Мотивите се сродни, а со нивното повторување се создава чувство дека двата извора сè повеќе се приближуваат еден кон друг.

### Река

Реката Влтава се движи раздвижено, исполнета со бранови, ширејќи се додека поминува низ полиња и зелени ливади. Мелодиската линија создава чувство како слушателот да плови по нејзиниот тек – широка, распеана и моќна. Оркестарот звучи полнозвучно, со суптилно нагласување на виолините, по што се приклучуваат обоата и фаготот, збогатувајќи ја звучната слика.

### Лов

Текот на В’лтава минува низ шумски предели, каде што одекнува звукот на хорната, најавувајќи почеток на свечен лов. Овој лимен дувачки инструмент го нагласува препознатливиот ритам на ловечкиот повик, придружен од тапаните. Атмосферата на лов се доловува преку повторување на исти тонски висини во ритмичка шема што асоцира на маршев чекор.

### Свадба

Од разцутените и зелени ливади одекнува жива и радосна музика. Се чувствува празнична атмосфера – во тек е свадбена веселба. Под звуците на полката, традиционална чешка игра, присутните танцуваат со ведрина. Мелодијата е напишана во 2/4 такт, со разигран и лесен карактер.



**Прага**

На својот пат кон Прага, В’лтава минува покрај Вишеград, како со музички поздрав кон древниот град. Темата добива свечен и возвишен карактер, со фанфарни мотиви што ги изведуваат трубите, налик на оддавање почит кон старите чешки владетели. Звучната полнота се засилува со чинелите, кои внесуваат блесок и сила. Потоа енергијата ја преземаат виолините со својот сјаен тон, додека широката и достоинствена река постепено се губи во далечината.

**Водопади**

Реката се спушта по стрмните планински падини, каде што брановите удираат во карпите и создаваат брзаци и водопади. Музиката добива драматичен и напнат карактер. Силниот впечаток се гради преку изразената употреба на лимени дувачки и ударни инструменти. На крајот, реката со моќ се пробива низ планинските масиви и продолжува по својот пат.

**Водени вили**

Во ноќната тишина, покрај бреговите на В'лтава, водни самовили тивко играат под светлината на месечината. Звучи нежна и смирувачка мелодија, налик на приспивна песна, изведена од виолините. Се чуствува лесниот повев на ветерот што создава тивки бранови, блесокот на месечевата светлина врз водната површина и силуетите на вилите.





## Антонин Дворжак (1841 – 1904)

Антонин Дворжак (чеш.: *Antonín Dvořák*) е роден на 8 септември 1841 година во близината на Прага. Тој е еден од најзначајните чешки композитори од XIX век, кој го продолжил патот на чешката национална музика поставен од Беджих Сметана, внесувајќи во своите дела богатство од народни елементи и силна мелодиска инспирација. Неговиот талент бил препознаен од германскиот композитор Јоханес Брамс, кој му помогнал да стекне меѓународна слава. Од 1892 до 1895 година престојувал во САД, каде што бил директор на Националниот конзерваториум во Њујорк. Таму ја компонирал прочуената Симфонија *Од Новиот свет*. Починал во 1 мај, 1904 година во Прага.

Со своето творештво Дворжак придонел за афирмацијата на словенската култура и музика на европската сцена. Творел во повеќе музички жанрови, а негови најпознати дела се: симфонијата бр. 9 *Од Новиот свет*, оп. 46 и оп. 72 – збирки од по осум *Словенски танци* за клавир четирирачно и оркестар (инспирирани од словенскиот фолклор); концертот за виолончело во h-мол и ремек-делото – операта *Русалка*.



Тема од операта *Русалка*

### Занимливости



Најавната страница на автографската партитура на деветтата симфонија *Од новиот свет*

Дворжак бил голем љубител на чешката народна музика и често ги користел мотивите и ритмите од народните песни во своите симфонии и камерни дела. Но, многумина не знаат дека тој бил толку инспириран од народната музика, што своевремено бил нарекуван „композиторот на народниот дух“.

Кога бил директор на Националниот конзерваториум во Њујорк (1892 – 1895), тој ги охрабрувал американските композитори да користат афроамерикански и индијански мотиви. Овој став се одразил на неговата Симфонија *Од новиот свет*.

## Активности

### 1. Истражете и дискутирајте

- Зошто Беджих Сметана се смета за „татко“ на чешката национална музика и кое е значењето на циклусот *Мојата татковина*?
- Кое е значењето на операта *Продадената невеста* во развојот на чешката национална опера?
- Кое дело на Антонин Дворжак е создадено за време на неговиот престој во САД и како тоа придонело за неговата светска слава?

### 2. Слушајте композиции од композитори на чешката национална школа



Во приложениот линк слушнете ги композициите од Беджих Сметана и Антонин Дворжак.
По слушањето на композициите одговорете на следните прашања:

- Определете на кој жанр му припаѓа секое дело (симфониска поема, опера, танц, симфонија, соло-пијано минијатура).
- Размислете како музиката во *В'лтава* ги прикажува текот на реката и природните сцени. Кои инструменти создаваат чувство на движење?
- Во *Фуријант* и *Словенски танц* обратете внимание на ритамот и на народниот карактер. Дали се чувствува танцовата енергија и националниот дух?
- Во IV став од Симфонијата бр. 9 анализирајте ги драматичноста и оркестарската моќ. Како се гради кулминацијата?
- Во *Песна на месечината* опишете ги лиричноста и вокалниот израз. Каква атмосфера создава оркестарот?
- Во *Хумореска бр. 7* забележете ги мелодичноста и лесниот, пејачки карактер.

Одговорите поткрепете ги со конкретни музички елементи: темпо, динамика, ритам, оркестрација и емоционален израз.

## МУЗИКАТА ВО XX ВЕК

Музиката на XX век е обележана со невидена разновидност, големи промени, експериментирање и развој на технологијата, со акцент на индивидуализмот и на истражувањето нови звуци и форми. Таа ги руши традиционалните граници на претходните епохи, а композиторите истражуваат нови начини за изразување преку мелодијата, ритамот, хармонијата, инструментацијата и музичките форми. Симфонијата, симфониската поема, увертирата, концертот и сонатата продолжуваат да се компонираат, но на пофлексибилен и поиновативен начин. Инструменталната музика е поизразена отколку вокалната, а почесто се користат помали ансамбли и дувачки инструменти. Хармонијата доживува значителни промени, предизвикани од атоналноста, политоналноста и додекафонијата. Ритамот и метриката, исто така, добиваат нови слободи, со чести промени на метарот и развој на полиритмијата. Наместо еден доминантен стил, во овој период се развиваат повеќе различни уметнички правци, како, импресионизам, експресионизам, неофолклоризам, неокласицизам, неоромантизам и електронска музика. Во музиката на XX век особено се јавува и авангардата (од француски advant-garde, „предна гарда“) – поим што се однесува на личности или дела што се иновативни и што експериментираат во своите области на дејствување. Авангардата ја руши доминантната норма и ги прекршува традиционалните рамки во културата и уметноста. Во музиката тоа се дела надвор од класичните структури, или композитори што радикално се разликуваат од претходната традиција.

Современата музика на XX век покажува две страни: едната ја истакнува содржината на музичките идеи, прикажувајќи врски меѓу поединецот и народите, а другата ја претвора музиката во чисто тонско и ритамско истражување. Во сите случаи творештвото на композиторите ги покажува новите патишта и слободи во музичкото изразување. Се менуваат инструментариумот, формите и начинот на користење на темата, а музичката мисла станува пофлексибилна и иновативна од кога било порано.



*Импресија, изгрејсонце* од Клод Моне

### Импресионизам

Музичкиот импресионизам се јавува кон крајот на XIX и на почетокот на XX век, најпрво во Франција. Терминот потекнува од сликарството, особено од делото *Импресија, изгрејсонце (Impression, soleil levant)* на Клод Моне.

Во музиката овој правец претставува реакција против силната драматичност и тежината на романтизмот. Наместо нагласената емоција и масивниот звук, композиторите се стремат кон создавање впечаток, атмосфера и звучна боја. Кај импресионизмот, оркестрацијата е нежна, транспарентна и колористична. Инструментите создаваат звучни слики (на пр.: вода, магла, ветер, природа). На хармонски план се употребуваат целостепенски и егзотични музички скали, пентатонски скали, модални скали, паралелни акорди, дисонанци без класично разрешување. Мелодиите се фрагментарни и понекогаш „мозаично“ редени. Формите се кратки, како пијанистичките минијатури и соло песните, а програмноста е честа – музиката слика надворешни сцени или моменти. Импресионизмот носи субјективност, индивидуалност и типично француски стил. Најзначајни композитори на овој стил се Клод Дебиси и Морис Равел.

## Клод Дебиси (1862 – 1918)





Клод Дебиси (франц.: *Claude Debussy*) е француски композитори и еден од главните претставници на музичкиот импресионизам, роден на 22 август 1862 година во Сен Жермен ан Ле, а починал на 25 март 1918 година во Париз.

Студирал на Конзерваториумот во Париз, каде што се истакнал како пијанист и композитор. Бил дел од францускиот музички круг од крајот на XIX век, со големо влијание од импресионистичката уметност, и покрај тоа што самиот тој често го одбивал тој термин. Неговото семејство не било богато, а тој поминал живот полн со професионални предизвици, патувања и љубовни врски, но посветен на развојот на својот уникатен музички израз.

Творештвото на Клод Дебиси се карактеризира со голема иновација во хармонијата, ритамот и фактурата. Тој често користел пентатонски скали и целостепени скали, кои создаваат необичен, „егзотичен“ звук, споредено со класичната тонска хармонија. Дебиси избегнувал класични форми, како сонатата и симфонијата, во нивната традиционална смисла, претпочитајќи кратки поетски и програмски дела.

Творештвото на Дебиси припаѓа на различни подрачја – инструментални и вокално-инструментални композиции. Во првата група значајни се делата за пијано: *Две Арабески, Бергамска свита, Впечатоци, Слики, Детско катче*, *Прелудиуми*, популарната *Мала свита* за четирирачно свирење (најчесто во транскрипција за оркестар), *Бело и црно* за две пијанина и др. Од делата за оркестар значајно место им припаѓа на *Попладнето на еден фаун*, *Море, Три ноктурна* и др. а од композициите за глас и пијано, најуспешни се циклусите *Заборавени арии*, *Лирски пиеси* и др. Има напишано една кантата, два балета и операта *Пеле и Мелисанда*.

### Занимливости

Дебиси многу ја сакал својата ќерка Клод-Ема, која ја викале Шушу. За неа ја напишал клавирската свита *Детско катче*, (Children's Corner) полна со музички слики од детскиот свет.

Познатата клавирска композиција *Месечева светлина* (Clair de Lune) од Дебиси е една од најизведуваните пијано-композиции во светот и често се користи во филмови и филмски серии.



Автографско ракописно дело од Клод Дебиси






## Морис Равел (1875 – 1937)

Морис Равел (франц.: *Maurice Ravel*) е роден на 7 март 1875 година во Сибур (Франција), а починал на 28 декември 1937 година во Париз. Тој бил длабоко поврзан со музиката уште од раното детство. Студирал на Конзерваториумот во Париз, каде што се истакнал како пијанист и композитор. Бил често поврзуван со импресионизмот, но неговиот стил е појасно структуриран, со прецизна форма и извонредна оркестрација. По Првата светска војна продолжил активно да твори и да патува, стекнувајќи меѓународна слава.

Творештвото на Морис Равел се карактеризира со јасна форма, префинета оркестрација и богат колорит. Тој комбинирал класична структура со модерни хармонски решенија, често користејќи модални скали, шпански ритми и џез-елементи. Неговата музика е технички прецизна, со внимателно обликувани мелодиски линии и ритмичка јасност. За разлика од слободната звучна атмосфера кај Дебиси, Равел повеќе се потпирал на формалната рамнотежа и јасната архитектура на делото.

Неговите композиции му припаѓаат на подрачјето композиции за пијано, камерна, оркестарска и вокална музика и музика за театар. Најпопуларно дело е неговата оркестарска композиција *Болеро*. Тоа дело се состои од необично долга дводелна мелодија, придружена со карактеристична постојана ритмичка фигура што се повторува повеќепати. Од делата за пијано најпознати се: *Павана за една почината инфанта*, *Игри на вода*, циклусот *Огледала*, циклусот *Заштитник на нокта*, *Отмени и сентиментални валцери*, два концерта за пијано и оркестар, вклучувајќи го *Концертот за пијано за лева рака* и свитата *Гробот на Куприн*. Има напишано и две опери *Детето и волшепството* и *Шпански часовник*, балетот *Дафне и Кло* и композицијата *Мојата мајка гуска* за клавир четирирачно, која се изведува и во оркестарска верзија. Познати се и оркестарските композиции *Шехерезада* и *Шпанска рапсодија*, соло песните, сонатите и изразито виртуозната рапсодија *Цигани* за виолина и клавир.

### Занимливост

Равел бил познат по својата екстремна педантност и внимателност на деталите. Тој често ја репетирал секоја нота од своите композиции многу пати, дури и по завршувањето на целото дело, за да биде сигурен дека секој звук е токму онаков каков што го замислил. Оваа педантност му овозможила да создаде оркестрации со извонредна јасност и боја, што се смета за еден од неговите заштитни знаци.

## Активности

**1. Прашања за дискусија**

- Кои се главните особености на музиката на XX век?
- Кои музички средства (хармонија, скали, оркестрација, форма) се најкарактеристични за импресионизмот?
- На кој начин Дебиси преку своите дела создава нов хармонски јазик и поинаков пристап кон музичката форма?
- Како се спојуваат класичната форма и модерниот звучен колорит во творештвото на Равел и по што се разликува неговиот стил од импресионистичкиот пристап на Дебиси?

**2. Слушајте композиции од Клод Дебиси и Морис Равел**

*Попладнето на еден Фаун* од Клод Дебиси

*Арабеска бр. 1* од Клод Дебиси

*Болеро* од Морис Равел



Насоки за слушање:

- Внимавајте на карактерот на музиката: дали е сонлива, мирна, хипнотичка или енергична.
- Слушајте на кој начин мелодијата, хармонијата и ритамот создаваат атмосфера и чувство.
- Забележете динамички промени и оркестрација – кои инструменти се слушаат, како се менуваат звукот и бојата.
- Размислете како се чувствувате под влијание на музиката и какви слики ви создава во умот.
- Подгответе свои впечатоци и мислења за презентација и дискусија.

# Експресионизам

Експресионизмот се јавува на почетокот на XX век, главно, во Германија и во Австрија. За разлика од импресионизмот, кој се стреми кон атмосфера и звучна боја, експресионизмот се насочува кон силна, често, драматична и вознемирувачка внатрешна експресија.

Овој правец е поврзан со немирот на модерното време, психолошката напнатост и преиспитувањето на традиционалните вредности.

Експресионизмот веќе ја напушта класичната тоналност (дур и мол) и ја истражува екстремната емоционална експресија. Токму од овие експерименти на експресионизмот се развиваат радикални авангардни техники, како: 12-тонскиот систем (додекафонијата), серијализмот, говорното пеење (Sprechgesang), сложените ритми и дисонанците. Најзначаен претставник на експресионозмот е Арнолд Шенберг.





## Арнолд Шенберг (1874 –1951)

Арнолд Шенберг (герм.: *Arnold Schönberg*) е роден е на 13 септември 1874 година во Виена, а починал на 13 јули 1951 година во Лос Анџелес, САД. Ја застапувал австриската модерна музичка школа, воден од иновацијата и експериментот. Во текот на својот живот Шенберг се преселил во САД и таму продолжил активно да твори и да предава, оставајќи големо влијание врз американската музичка сцена.

Творештвото на Арнолд Шенберг се карактеризира со радикални иновации во хармонијата, формата и ритамот. Тој е најпознат по тоа што го вовел атонализмот и ја создал дванаесеттонската техника (додекафонија), систем што ја заменил традиционалната хармонија со нов метод за организирање на сите дванаесет тона на хроматската скала, како основа на композицијата. Првично создал експресионистички дела со интензивна емоционална експресија, често, со драматична и контрастна динамика. Подоцна неговиот стил станува технички прецизен, со строго структурирани композиции и внимателна контрола на секој тон.

Шенберг компонирал дела за оркестар и за соло инструменти, камерна музика и вокална музика, како и опери и песни. Најпознати се неговите циклуси за соло глас и оркестар, композициите: *Пјеро Лунер* – пример за мелодрама со експресионистичка форма со користење на говорното пеење (Sprechstimme), *Преживеаните од Варшава* – кантата, *Просветена ноќ* – гудачки секстет и *Мојсеј и Арон* – голема, незавршена опера напишана со дванаесеттонска техника. Неговата музика има длабоко влијание врз развојот на модерната и авангардната музика во XX век.



Сцена од операта *Мојсеј и Арон*

## Проширете го знаењето

**12-тонски систем** (додекафонија) е техника развиена од Арнолд Шенберг. Секој тон од 12-те полутона во октавата се користи подеднакво, без да се нагласува тоналниот центар. Целта е да се избегне традиционалната тоналност и да се создадат нови музички структури и хармонии.

**Серијализам** е развивање на принципите на 12-тонскиот систем и аплицирање ритам, динамика и тембри во серија. Секој елемент на музиката (не само тоновите) може да биде строго организиран во повторувачки редоследи, што создава ред, но и нови звучни ефекти.

**Sprechgesang** (говорно пеење) е комбинација на говор и пеење. Нотите не се изведуваат строго како кај пеењето, туку приближно се следи висината, а се користи ритамот и изразот. Најчесто се користи во експресионистичката музика за драматични ефекти. Пример: *Пјеро Лунер* од Арнолд Шенберг.

**Атонализам** е музички правец од почетокот на XX век во кој музиката се создава без јасно определен тонален центар.

**Втора виенска школа** – Арнолд Шенберг бил еден од најзначајните композитори на XX век и основач на Втората виенска школа. Неговите ученици, Албан Берг и Антон Веберн, ја продолжуваат неговата дејност и ја развиваат експресионистичката и додекафонската музика. На овој начин, Втората виенска школа претставува центар на музички експерименти во Виена и е многу важна за развојот на модерната музика во XX век.

## Занимливост

Шенберг, покрај тоа што бил револуционерен композитор, исто така, бил и сликар. Неговите слики, многу од нив во експресионистички стил, покажуваат дека неговата уметничка фантазија не се ограничувала само на музиката. Тој, дури, често велел дека сликарството му помага да ги ослободи емоциите и идеите што подоцна ги пренесува во своите музички композиции.



Албан Берг од Арнолд Шенберг, 1910

## Активности

### 1. Прашања за дискусија

- Кои нови техники во компонирањето ги вовел Арнолд Шенберг и како го промениле тие традиционалното разбирање на хармонијата?
- Зошто делата како *Пјеро Лунер* се сметаат за пример за експресионизам?
- Како влијаела на развојот на американската музичка сцена преселбата на Шенберг во САД?

### 2. Слушајте композиција од Арнолд Шенберг

*Преживеаните од Варшава* од Арнолд Шенберг





Насоки за слушање:
- Обратете внимание на говорното пеење (Sprechstimme) – комбинација на говор и пеење, со драматични контрасти.
- Слушајте како создава оркестарот напнатост и динамика преку дисонанции, контрастни темпа и неочекувани ритми.
- Слушајте моменти на хорот, како дополнителен слој на текстурата и контрастот во музиката.
- Забележете атоналност и дванаесеттонска техника, како се организираат тоновите за создавање уникатен музички јазик.

# Неофолклоризам

Неофолклоризмот е музички правец од XX век, во кој композиторите се инспирираат од народната музика, но ја обработуваат со современи композициски техники. Наместо буквално преземање на фолклорните елементи, тие се стилски преработени и вклучени во нов музички израз. Карактеристична е употребата на асиметричните ритми (5/8, 7/8, 9/8) и модалните скали. Иако се темели врз народната традиција, неофолклоризмот има современ хармонски и звучен јазик. Главен претставник на овој музички стил е композиторот Бела Барток.





## Бела Барток (1881 – 1945)

Бела Барток (унг.: *Béla Bartók*) е унгарски композитор, пијанист и етномузиколог, роден е на 25 март 1881 година во Наѓсентмиклош, а починал на 26 септември 1945 година во Њујорк, САД. Од раното детство покажувал исклучителен музички талент. Студирал во Будимпешта, каде што се истакнал како композитор, изведувач и професор. Се смета за еден од најзначајните претставници на неофолклоризмот.

Творештвото на Барток се одликува со спојување на народната музика и современите композициски техники. Тој собирал и проучувал народни песни од Унгарија, Романија, Словачка, Хрватска, Србија, Бугарија и други подунавски земји. Народните ритми, скали и мелодии ги користел како основа за создавање сложени хармонски структури и современи музички форми.

Неговото творештво опфаќа камерна, оркестарска, музика за пијано и вокална музика. Меѓу најапознатите дела на овој композитор спаѓаат: *Музика за жичани инструменти, ударни инструменти* и *челеста*; третиот концерт за пијано; збирката за пијано *Микрокосмос*; шесте гудачки квартети; сонатата за две пијана и ударни инструменти; операта *Замокот на Сината брада*; балетот *Чудесниот мандарин* и др.

### Занимливост

**Во потрага по народната песна**

Бела Барток патувал по селата на Унгарија, Романија и на други балкански земји, собирајќи народни песни директно од селаните. Барток не само што ги запишувал песните, туку често и ги снимал на фонограф за да ги зачува оригиналните мелодии. Неговата етномузиколошка работа значително ја збогатила етномузиколошката наука и му помогнала да создаде уникатен композиторски стил.

### Активности

**1. Прашања за дискусија**

- Што значи терминот неофолклоризам и како се применува во музиката на Барток?
- Истражете како ја комбинирал Барток традиционалната народна музика со современите композицициски техники?

**2. Од звук до збор: Есеј инспириран од Барток**

*Allegro barbaro*

*Романски народни танци*

*Концерт за оркестар* (фрагменти)

Изберете една од трите композиции и преку краток есеј одговорете на следниве прашања:

- Каков е вашиот прв впечаток од музиката?
- Кои емоции или слики ви се појавуваат додека слушате?
- Кои музички елементи (ритамот, мелодијата, инструментите) најмногу ви го привлекоа вниманието?

## Неокласицизам

Неокласицизмот е музички правец од првата половина на XX век, кој се јавува како реакција на романтизмот и експресионизмот. По периодот на силна емоционалност и експериментирање со тоналноста, композиторите повторно се насочуваат кон јасноста, рамнотежата и формалната дисциплина на музиката од XVIII век. Инспирацијата ја наоѓаат во делата на Хајдн, Моцарт и Бах, како и во барокната музика. Се обновуваат класичните форми, како, сонатната форма, симфонијата, концертот, свитата и фугата, но тие се исполнети со современ хармонски јазик. Музиката се одликува со јасна структура, прегледна форма и воздржан израз. Наместо субјективната драматичност, се истакнува објективноста и стилската умереност. Иако се враќа кон традицијата, неокласицизмот не ја „имитира“ музиката од минатото, туку ги преосмислува нејзините стилски и формални обележја во духот на XX век. Меѓу најзначајните претставници се композиторите Игор Стравински, Сергеј Прокофјев и Пол Хиндемит.

## Игор Стравински (1882 – 1971)





Игор Фјодорович Стравински (рус.: *Игорь Фёдорович Стравинский*) е роден на 17 јуни 1882 година во Ораниенбаум, близу Санкт Петербург, Русија, а починал на 6 април 1971 година во Њујорк, САД. По сопствена желба е погребан во Венеција. По Октомвриската револуција ја напуштил Русија и живеел и творел во Швајцарија, Франција и САД.

Во своето творештво минал низ повеќе стилски периоди. Започнал под влијание на руската музичка традиција и на импресионизмот, а подоцна станал еден од главните претставници на неокласицизмот. Се залагал за јасна форма, дисциплина и „чиста музика“, спротивставувајќи се на романтичната чувствителност и програмност. Во последниот период од животот ги прифатил додекафонската и серијалната техника.

Автор е на балетите *Жар-птица*, *Петрушка*, *Посветување на пролетта, Пулчинела, Орфеј* и *Агон*, во кои вовел нов музички израз обележан со сложени ритми, асиметрични метри и современи хармонски решенија. Стравински напишал и опера – *Животот на никаквецот*, три симфонии, концерти, кантати (*Canticum Sacrum*) камерна музика и др. Освен како композитор, бил активен и како диригент, пијанист и автор на книги за музичката естетика, меѓу кои и на својата *Автобиографија*.

## Проширете го знаењето



**Сергеј Прокофјев** (1891- 1953) бил руски композитор, пијанист и диригент. Компонирал симфонии, концерти за пијано, балети, опери и камерна музика. Негови најпознати дела се балетите *Пепелашка* и *Ромео и Јулија*, концертите за пијано бр. 1 – 5 и симфонијата бр. 1 *Класична*. Тој комбинирал руски фолклорни елементи со модернистички техники, создавајќи јасен и иновативен стил. Прокофјев работел во Русија, САД и Европа, а по враќањето во СССР во 1936 година, морал да се прилагоди на строгите барања на советската културна политика. Интересно е што Прокофјев често ја нарекувал својата музика како „музика за уво и за мозок“, поради комбинацијата на мелодија што се памети лесно и сложени музички структури.

## Активности



**1. Прашања за дискусија преку истражување**

Користејќи интернет, енциклопедии, книги или други проверени извори, истражете и дискутирајте на следниве прашања:

- Зошто Стравински и другите композитори се свртеле кон неокласицизмот по Првата светска војна?
- Со што е обележан музичкиот израз на Стравински во балетите *Петрушка* и *Посветување на пролетта*?
- На кој начин Стравински ја комбинирал традицијата на руската музика со современи композициски техники и идеи?

**2. Слушајте музика од Игор Стравински и Сергеј Прокофјев**

*Балет Петрушка (фрагменти)*

*Посветување на пролет (фрагменти)*

*Ромео и Јулија (фрагменти)*

*Концерт бр. 1* за пијано и оркестар

Слушајте внимателно фрагменти од следниве композиции:

- забележете го типот на композицијата – дали е балет или концерт;
- обратете внимание на карактерот на музиката;
- слушнете кои инструменти се истакнуваат и како се користат во делото и
- при слушањето, забележете ја разликата во функцијата на музиката (музиката за балет ги следи движењето и драмата, а концертот ја нагласува изведбата на солистот).

## Карл Орф (1895 – 1982)





Карл Орф (герм.: *Carl Orff*) е германски композитор, диригент и музички педагог, познат по својот оригинален стил и по значајното влијание врз современото музичко образование. Роден е на 10 јули 1895 година во Минхен, Германија, каде што и починал на 29 март 1982 година.

Уште во младоста покажал особен интерес за театарот, поезијата и средновековната литература. Заедно со Доротеа Гинтер ја основал школата *Гинтер* (*Günther-Schule*), каде што го развил својот познат музичко-педагошки систем Орфов инструментариум (*Orff-Schulwerk*).

Во своето творештво Орф се стреми кон едноставност, јасна форма и изразена ритмичност. Неговата музика често има архаичен призвук и силна драмска изразност, а, исто така, е под влијание и на народните песни и игри. Тој не му припаѓа целосно на ниту еден од тогашните музички правци, туку создава сопствен препознатлив стил, изграден врз нагласен ритам, јасна структура и тесна поврзаност меѓу музиката, зборот и движењето. Поради стремежот кон јасност и формална прегледност, често се вбројува меѓу претставниците на неокласицизмот.

Најголема слава му донело сценско-кантатното дело *Кармина Бурана* (*Carmina Burana*), создадено во 1936 година. Оваа композиција е составен дел на трилогијата *Триумфи* и е нејзин прв и најуспешен дел. Вториот дел е *Катулови песни,* а третиот дел е *Триумфот на Афродита*. Ова сценско-кантатно дело е напишано врз основа на средновековни латински и германски текстови и се одликува со силен ритам, едноставна, но впечатлива хармонија и моќен хорски израз. Орф компонирал и сценски дела, како, операта *Месечината и Мудрата*, музика за театар, хор и различни инструментални состави.

### Проширете го знаењето

**Орфов инструментариум** е збир од едноставни мелодиски и удирачки инструменти наменети за музичка настава, кои поттикнуваат активно и креативно музицирање кај учениците. Овој систем се темели на поврзување на музиката со движењето, говорот и ритамот и денес се применува во музичкото образование ширум светот.

### Активности

**1. Слушајте музика од Карл Орф и истражувајте**

*Кармина бурана (О фортуна)*

Слушајте ја внимателно композицијата и обратете внимание на следното:

- внимавајте на карактерот на музиката – ритам, динамика, хорски или солистички делови;
- истражете го текстот и значењето на композицијата на интернет или во енциклопедии и
- подгответе кратка презентација во која ќе ги запишете вашите забелешки за карактерот на музиката, текстот и сопствениот впечаток од композицијата.

# Електронска музика

Електронската музика е вид современа музика, во која звукот се создава, се обработува и се репродуцира со помош на електронски уреди, наместо исклучиво со традиционални музички инструменти. Таа започнува да се развива во средината на XX век, најпрво во експериментални студија во Европа и САД, како дел од музичката авангарда.

Во електронската музика звукот може да се создава со синтезатори, електронски осцилатори, магнетофонска лента, компјутери и семплери. Покрај создавањето нови звуци, важна улога има и обработката на веќе постојните звуци, преку различни ефекти, како што се: ехото, реверберацијата, забрзувањето, забавувањето или трансформацијата на гласот и инструментите.

Оваа музика често нема традиционална форма, туку се темели на звучни бои, текстури и атмосфери. Карактеристичен е експерименталниот пристап и стремежот кон откривање нови звучни можности.

Меѓу најзначајните претставници на овој стил се вбројуваат Карлхајнц Штокхаузен и Едгар Варез, кои придонеле за развојот на електронската и експерименталната музика.

## Проширете го знаењето



Карлхајнц Штокхаузен создава електронска музика во 1950-тите

**Штокхаузен** бил авангарден композитор, кој создавал електронска музика уште во 1950-тите. Тој бил еден од првите композитори што експериментирале со просторното поставување на звукот, односно создавал композиции каде што звукот „се движи“ низ просторот околу публиката. На пример, во делото *Песната на младите* комбинира човечки глас со електронски звуци и користи тридимензионален простор за да ги „втурне“звуците низ слушателската сала, што било револуционерно за времето на изведбата.

## Активности

**1. Истражувајте за електронската музика**

- Истражете на интернет, во книги или во енциклопедии што е електронска музика и кои се нејзините главни особености.
- Пронајдете најмалку два примера за електронска музика. Забележете ги авторот, годината на создавање и карактерот на делото.
- Опишете што е посебно кај музиката: звукот, формата, користените ефекти и создадената атмосфера.
- Подгответе кратка презентација или постер за она што сте го научиле и презентирајте го пред класот.

## МАКЕДОНСКАТА КОМПОЗИТОРСКА ШКОЛА

Македонската композиторска школа се оформува во текот на XX век, во услови на будење на националната свест и на развој на современата музичка култура. Нејзините корени се наоѓаат во богатото народно музичко наследство, кое претставува темел врз кој се гради професионалното творештво. Македонскиот фолклор, со своите својствени нерамноделни ритми, модалните скали и орнаментираната мелодика, станува главен извор на инспирација за првите композитори.

Во почетокот на XX век се појавуваат првите образовани музичари што го поставуваат темелот на националната композиторска традиција. Особено значајна улога имаат дејците поврзани со собирањето и обработката на народните песни, како и авторите на првите хорски и соло песни со уметнички карактер. По Втората светска војна започнува посистематскиот развој на музичкиот живот во Македонија.

Со основањето на институции, како Македонската филхармонија, Македонската опера и балет и Музичката академија во Скопје, се создаваат услови за развој на професионално композиторско творештво. Во овој период се јавуваат првите генерации академски композитори, кои ги поставуваат стилските и естетските насоки на македонската современа музика. Меѓу нив особено се истакнуваат имињата  Трајко Прокопиев, Тодор Скаловски, Стефан Гајдов и Кирил Македонски, кои со своето творештво ги поставуваат основите на националната школа.



Филхармонија на РС Македонија




Национална опера и балет, Скопје

Делата на овие автори опфаќаат различни жанрови – хорска музика, соло песни, оркестарски композиции, камерна музика и опери. Во нивното творештво се забележува стремеж за спојување на народната традиција со современите композиторски техники. Подоцнежните генерации композитори продолжуваат да ја развиваат оваа традиција, внесувајќи нови стилски правци, како неокласицизам, модернизам и авангарда.

Македонската композиторска школа се карактеризира со силно чувство за мелодика, ритмичка разновидност и нагласена емоционалност. Таа претставува важен дел од културниот идентитет на македонскиот народ и значаен сегмент од современата европска музичка култура. Преку своето историско развивање, македонската музика успеала да го зачува националниот дух, а истовремено да се вклучи во тековите на светската уметничка музика.

## Македонски композитори-основоположници (периодот по 1945)

По 1945 година се појавува првата генерација македонски композитори, која ги поставува темелите на современата македонска уметничка музика. Овие творци го оформуваат националниот музички израз, потпирајќи се на богатото фолклорно наследство кое го вградуваат во своите композиции. Нивното творештво претставува основа врз која понатаму се развива македонската композиторска школа. Најзначајните претставници на оваа генерација се: Стефан Гајдов, Трајко Прокопиев, Тодор Скаловски, Живко Фирфов, Глигор Смокварски, Благоја Ивановски, Властимир Николовски и Кирил Македонски, кои со своето творештво ја поставуваат основата на националната композиторска традиција.




**Стефан Гајдов (1905–1992)** е роден во Велес и е еден од пионерите на македонската уметничка музика, кој е особено значаен за развојот на хорското творештво. Неговото творештво се темели на македонската народна песна, со јасна мелодиска линија, а делата се одликуваат со едноставна форма и непосредна комуникативност. Негови најзначајни дела се: хорски обработки на народни песни (*Ајде слушај Анѓо, Милкано моме*), *Гудачки квартет* и *Фантазија за флејта и оркестар* и други.

**Трајко Прокопиев (1909–1979)**, композитор и диригент, роден во Куманово, во чиј опус централно место имаат хорското творештво и сценската музика. Во неговите дела доминира длабока врска со македонскиот фолклор, богата мелодика и јасен национален карактер. Најзначајни дела на Прокопиев се: хорскиот циклус *Кумановки*, првиот македонски балет *Лабин и Дојрана* и оперите *Разделба* и *Кузман Капидан.*

**Тодор Скаловски (1909–2004)**, композитор и диригент, роден во Тетово, член на Македонската академија на науките и уметностите (МАНУ) и е еден од клучните творци и организатори на музичкиот живот во Македонија по Втората светска војна. Тој се вбројува меѓу основоположниците на македонската композиторска школа и имал значајна улога во формирањето и развојот на Македонската филхармонија, Македонската опера и балет и Музичката академија во Скопје (денешниот Факултет за музичка уметност при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“). Најзначајни дела на Скаловски се: хорските композиции *Македонско оро, Величанија Кирилу и Методију* и свитата *Балтепе*.

**Живко Фирфов (1906–1984)** е композитор и етномузиколог, роден во Велес. Тој е еден од најзначајните собирачи и проучувачи на македонскиот музички фолклор и активен учесник во развојот на македонската композиторска школа. Во неговите дела доминираат потпирањето врз македонскиот фолклор, модалноста и специфичните ритмички структури. Неговото творештво претставува спој на научното познавање на фолклорот и уметничката обработка во духот на современата музика. Најзначајни дела се хорскиот циклус *Хуморески*, хорската композиција *Дротар* и *Оркестарска свита.*

**Глигор Смокварски (1914–1974)**, композитор, роден е во селото Будимирци, Беровско. Тој е меѓу копозиторите што ги ги поставуваат темелите на македонската симфониска и сценска музика. Неговото творештво се одликува со користење фолклорни мотиви во симфониска форма и со стремеж кон создавање крупни музичко-сценски дела. Посебно значајна е неговата улога во развојот на македонскиот балет и оркестарската музика. Меѓу неговите најзначајни композиции се: балетите *Македонска повест*, *Болен Дојчин* и симфониската поема *11 Октомври*.

**Благоја Ивановски (1921–1994)** е композитор и музички уредник, роден во Скопје. Поголемиот дел од својот професионален живот го посветил на својата дејност во Радио Скопје и на развојот на симфониската музика во РС Македонија. Неговиот опус е обележан со историска тематика, драматичен израз и силна врска со македонскиот фолклор, а во него доминира симфониското творештво со умерено модерен музички јазик и јасно изразен национален карактер. Дел од неговиот опус се композициите: симфониските поеми *Размислување*, *Фрески*, *Вардар* и *Нерези* и трилогијата *Самуилова епопеја*.

**Властимир Николовски (1925–2001)**, композитор, педагог и академик, роден е во Прилеп. Студирал во Санкт Петербург и Белград, а целиот свој живот го посветил на музичкото образование и на развојот на македонската уметничка музика. Бил првиот декан на Факултетот за музичка уметност во Скопје и член на МАНУ. Творештвото на Николовски се одликува со силна вокална ориентација, модален мелос и богата метроритмика. Инспирацијата од македонскиот фолклор и духовната традиција е трајна и суштинска, обработена со умерен и експресивен современ музички јазик. Неговите најзначајни дела се: ораториумите *Клименту* и *Кирилу*, симфониите *Бревис, Барбара* и *Рустика*, како и обемен хорски опус инспириран од фолклорот.

**Кирил Македонски (1925–1984)**, композитор и диригент, роден е во Битола. Студирал композиција и диригирање во Загреб, Сараево и Љубљана, а се усовршувал и во Полска и Германија. Паралелно со компонирањето се занимавал и со истражувања од областа на музичката психологија и музикотерапијата. Во неговото творештво доминира македонскиот музички фолклор, преточен во симфониски и сценски форми. Се одликува со силна ритмичка енергија, драматичност и јасна национална определба, со што дава значаен придонес во развојот на македонската опера и симфонија. Дел од неговото творештво се: симфониската поема *Танчерка*, првата македонска опера *Гоце* и операта *Цар Самуил*.

### Активности

**1. Прашања за дискусија и истражување**

- Објаснете ја улогата на македонскиот фолклор во творештвото на композиторите-основоположници на македонската музика.
- Кои се главните придонеси на композиторите-основоположници од оваа генерација во развојот на македонската уметничка музика?
- Споредете ги творечките насоки на композиторите од првата генерација во Македонија. Во што се слични нивните музички изрази, а во што се разликуваат?

## Втора група македонски композитори – афирмација и модернизам (1960 – 1980)



Во текот на 1960-тите и 1970-тите година македонската уметничка музика влегува во нова фаза на својот развој. По темелите поставени од првата генерација, се појавува група композитори што развиваат свој стил, користејќи модернистички техники и инспирација од фолклорот, но не како директен цитат. Тие создаваат симфонии, концерти, камерни и вокално-инструментални дела, со што го збогатуваат концертниот репертоар. Музичкиот јазик станува пософистициран и продлабочен, а секој автор развива препознатлив личен стил.

**Тома Прошев (1931–1996)** е композитор и музиколог, роден во Скопје. Се школувал во Загреб, Љубљана и Париз и е еден од водечките претставници на македонската современа музика и на т.н. македонска музичка модерна. Творештвото на Прошев се одликува со современ и авангарден музички јазик, експериментирање со формата и звучноста, како и слободен однос кон фолклорот. Тој е еден од најзначајните композитори што ја насочиле македонската музика кон европските современи текови. Во неговото творештво спаѓаат делата: оперите *Пајажина, Малиот принц* и *Аретеј*, балетите *Рамки и одсиви* и *Песна над песните*, симфонии (*Симфонија на надежта*) и ораториумите *Скопје* и *Тера Македонија*.

**Томислав Зографски (1934–2000)** е композитор, роден во Велес, студирал композиција во Белград и поголемиот дел од својот живот бил професор на Факултетот за музичка уметност во Скопје. Неговото творештво најчесто се поврзува со неокласицизмот, јасната форма и урамнотежениот израз. Во многу негови дела се присутни фолклорни и духовни елементи, обработени со умерен и стилски прочистен музички јазик. Неговите најзначајни композиции се: симфониските дела *Fantasia corale* и *Симфониета ин Си*, кантатата *Караорман*, хорските композиции *Вардар и Молитва* и делата инспирирани од македонската духовна традиција.

**Михајло Николовски (1934–1994)** е роден во Битола и потекнува од средина богата со староградска и фолклорна традиција, која силно влијаела врз неговото музичко оформување. Неговото творештво се одликува со јасна формална структура, модално-тонален јазик и суптилна обработка на македонскиот фолклор. Во делата се чувствува умерен современ израз, без радикални експерименти, со нагласена лиричност и култивирана оркестрација. Од неговото творештво се издвојуваат: ораториумот *Илинден*, кантатата *Македонија*, Концерт за хорна, пијано и оркестар, Соната за виолина и пијано и други.

**Ристо Аврамовски (1943–2007)** е композитор роден во Селци, Струга, што рано покажал интерес за музиката и се оформил како еден од најплодните автори на македонската современа музика. Аврамовски создава дела со современ музички јазик и неокласицистички пристап, во кои македонскиот фолклор и духовната традиција добиваат нова звучна експресија. Неговата музика се одликува со драматичност, јасна форма и богата оркестрација. Дел од неговото творештво се композициите: Симфонија бр. 1 *Кон светлината*, *Психофонија* 1 и 2, ораториумите *Македонија* и *Кирил и Методиј*, балетот *Болен Дојчин* и други.

**Стојан Стојков (1941)** е композитор и педагог, роден во Подареш, Радовишко, студирал пијано и композиција во Скопје и Белград, а поголемиот дел од својот живот го посветил на педагошката и творечката дејност во Македонија. Неговото творештво го одликува длабока поврзаност со македонскиот музички фолклор, особено со неговиот рустикален и дијафонски слој. Фолклорните елементи ги трансформира во современ хармонски и полифонски израз, со оригинален авторски печат и силна духовна и национална димензија. Автор е на делата: хорската композиција *Селска свита*, балетот *Охридската робинка Ташула*, операта *Змејова невеста*, вокалната кантата *Псалми* и други.

## Активности

**1. Прашања за дискусија**

- Како ја обработува фолклорната традиција втората група македонски композитори, споредено со основоположниците? Размислете за степенот на директно цитирање наспроти стилската инспирација.
- Како се манифестира кај секој автор индивидуализацијата на стилот? (Разгледајте кој автор повеќе експериментира со формата, звучноста или драматичноста.)

**2. Истражувачка активност**

Во долунаведениот QR-код се наоѓа список на дела од македонски композитори. Пронајдете ги делата од композиторите на втората група и одберете две-три композиции.

Насоки за активноста:

- слушнете ги избраните композиции;
- обележете кои елементи покажуваат модернистички пристап (хармонија, форма, ритам);
- обележете присуство на инспирација од фолклорот и
- размислете како едно од друго се разликуваат делата по стил и израз.

Подгответе кратка презентација во која ќе одговорите:

- кои модернистички елементи се најизразени;
- дали се чувствува фолклорна инспирација и
- како ја претставуваат делата индивидуалноста на секој композитор.

## Трета група македонски композитори – современ израз (од 1980-тите)

Од 1980-тите години македонската уметничка музика влегува во фазата на интензивна интернационализација и стилска разновидност. Композиторите од оваа генерација се школуваат и дејствуваат во различни европски и светски центри, што влијае врз проширувањето на музичкиот јазик и естетските концепции. За разлика од претходните генерации, кај оваа група нема доминантен единствен стил, туку се јавува силна индивидуализација и отвореност кон новите технологии, експериментални форми и интердисциплинарни проекти. Во нивните дела се користат електронски средства, компјутерска обработка на звук и нови технологии, често во комбинација со видео, сценски елементи или мултимедијални концепти, а музичкиот јазик станува слободен и плуралистички. Композиторите активно учествуваат на меѓународни фестивали, соработуваат со странски ансамбли и институции и делуваат надвор од националните рамки, што ја интегрира македонската музика во глобалниот современ музички простор. Исто така, се истражуваат нови звучни бои, проширени инструментални техники, нетрадиционални форми и концептуални идеи, што ја истакнува нивната експериментална и иновативна природа.

**Томе Манчев (1950–2020)** е композитор и музиколог, роден во Гевгелија. Студирал композиција во Скопје, Прага и Софија и бил долгогодишен професор на Факултетот за музичка уметност во Скопје. Творештвото на Манчев се одликува со изразита драматичност, современ симфониски јазик и силна емоционална експресија. Често се инспирира од фолклорот, историјата и современите општествени теми, кои ги обработува со богата оркестрација и јасно обликувана форма. Дел од неговото творештво се композициите: симфонијата *Паганофонија*, оркестарското дело *Егзодус 2001*, вокалниот циклус *Санаториумска балада*, симфонијата *Реквием* и други.

**Димитрије Бужаровски (1952)** е композитор, пијанист и музиколог, роден во Скопје. Долги години бил професор и декан на Факултетот за музичка уметност (ФМУ) во Скопје и еден од најзначајните теоретичари и организатори на музичкиот живот во Македонија. Творештвото на Бужаровски се одликува со полистилистички пристап, спој на традиционални и современи изразни средства и активна употреба на електронски и дигитални технологии. Во неговите дела често се присутни фолклорни и џез-елементи, обработени со јасна форма и комуникативен музички јазик. Автор е на композициите: Симфонија бр. 2 *Раѓање на слободата*, ораториумот *Радомировиот псалтир*, операта *Деспина* и *Мистер Докс*, Концерт за пијано и симфониски оркестар, балетот *Снежана* и други.

**Гоце Коларовски (1959–2006)** е композитор, диригент и публицист, роден во Скопје. Студирал композиција и диригирање на Факултетот за музичка уметност во Скопје и се усовршувал во Санкт Петербург. Бил долгогодишен професор и декан на ФМУ и значајна личност во македонскиот музички живот. Музиката на Коларовски се одликува со современ израз, јасна формална логика и силна ритмичка енергија. Во неговите дела се преплетуваат фолклорни елементи, модерни техники и богата оркестрација, при што секогаш е присутна јасна драматуршка линија и изразита звучна експресивност. Од неговото творештво се композициите: Симфонија во три става, Концерт за пијано и оркестар, композицијата *Камбани, Распеви* оркестарско дело-верзии за различни состави (на тема од Јован Кукузел), кантата *Гласови* и други.

**Јана Андреевска (1967)** е македонски композитор, родена во Скопје, која образованието го завршила на Факултетот за музичка уметност во Скопје, а работи и како педагог и автор во областа на современата музика. Нејзиното творештво се одликува со современ музички јазик, суптилна звучна експресија и истражување на тембарот и текстурата. Често е инспирирана од поезијата и внатрешните психолошки состојби, со минималистички и амбиентални елементи. Некои од нејзините најзначајни дела се композициите: *Сокол сум, бура или бескрајна песна?* камерно дело, *Scattered Blues* за пијано, *Изборни афинитети (Elective Affinities)* за камерен ансамбл, *Дијада* бр. 1 и 2 за симфониски оркестар и други.

**Панде Шахов (1973)** е композитор, роден во Скопје, студирал композиција во Скопје и Лондон и работи како композитор, педагог и диригент, со активна меѓународна кариера. Неговото творештвото се одликува со синтеза на современи композициски техники, џез-елементи и македонски фолклор, а неговата музика е ритмички енергична, колористички богата и со јасно препознатлив авторски стил. Негови најзначајни дела се: *Острови* за виолончело и камерен ансамбл, *Мала свита* за пијано, Концерт за пијано и оркестар, Тремор (за камерен состав), и други.

**Вулнет Таири (1982)** е роден во Гостивар, студирал композиција на Факултетот за музичка уметност во Скопје и активно работи и твори како композитор и педагог во Македонија. Неговото творештво се карактеризира со јасна формална структура, современ израз и внимателна оркестрација. Делата често комбинираат традиционални елементи со современи техники. Автор е на композициите: *Трио* за обоа, кларинет и фагот, *Циклус песни* бр. 2., *Симфонија бр. 1* и други.

**Фатос Лумани (1983)** е композитор и музиколог, роден во Струга. Студирал и докторирал во Тирана и е професор на Факултетот за музичка уметност во Тетово. Творештвото му се карактеризира со полистилистички јазик, комбинација на серијална техника, алеаторика, класични форми и фолклорни инспирациии. Делата му се контрастни, со сложени ритмички структури и разновидни техники. Неговите најзначајни композиции се: *Свита* за оркестар, *Концерт – Рапсодија* за виолина, пијано и оркестар, Симфонија, Метаморфоза in D за гудачки оркестар, *Ораториум* за солисти, хор и оркестар, *Кантата за Битолскиот конгрес*, операта *Скендербег* и други.

## Активности

### 1. Прашања за дискусија

- Како влијаеле студиите и соработките во странство врз стилската разновидност на македонската музика по 1980-тите години?
- На кои начини современите композитори го комбинираат македонскиот фолклор со новите композициски техники и електронски средства?
- Кои особености го прават препознатлив индивидуалниот стил на композиторите од третата генерација?

### 2. Естетска проценка на композиција

Во QR-кодот/списокот најдете дело од композитори од третата група.

Напишете кратка естетска проценка:

- каков е карактерот на музиката и
- кои елементи ви оставија впечаток (мелодијата, оркестарот, ритамот, фолклорните елементи, електрониката и др.) и зошто мислите така?

## Композитори од популарната и џез-музиката – паралелна линија

Паралелно со развојот на современата уметничка музика, во втората половина на XX век се развива и македонската забавна и џез-сцена. Овие автори не припаѓаат директно во академската композиторска школа, но нивното творештво има значајна улога во формирањето на современиот музички израз. Тие создаваат песни за фестивали и медиуми, работат со радиото и телевизијата и аранжираат за ’биг бенд‘ ансамбли. Во нивната музика се препознаваат џез-хармонии, синкопирани ритми, импровизација и јасна мелодија со нагласена вокална линија. Често користат елементи од македонскиот фолклор, приспособени во современ поп-израз. Мнозина од овие композитори се истакнуваат како вешти аранжери и создаваат непрекината врска меѓу традицијата, модерната и масовната музичка комуникација.

**Драган Ѓаконовски-Шпато (1931–1987)** е композитор и аранжер, роден во Скопје, основач и диригент на Танцовиот оркестар на МРТ и на вокалниот квартет *Импулси*. Творештвото му е блиско до забавната и џез-музиката, со исклучителни аранжерски способности, инвентивно читање и трансформација на музичките материјали. Такви се композициите: *На игранка, Еден бакнеж, Бал на вода, Елегија за тромбон* и други.

**Љубомир Бранѓолица (1932–2023)** е композитор и пијанист, роден во Херцег Нови, студирал во Загреб и Риека, а работел како корепетитор во Македонскиот народен театар и во МРТ. Неговиот творечки јазик е неоромантичарски, тонален, со богата мелодика и оркестрација. Често интегрира македонски и други фолклорни елементи во класичен и балетски израз. Автор е на балети, меѓу кои *Велеградски варијации*, *Одблесок*, неколку опери (*Марин и Јудита*), *Концерт* за пијано и симфониски оркестар и други.



**Александар Џамбазов (1936–2022)** е композитор и диригент, роден во Стапар (Војводина), Работел во МРТ, како диригент на Танцовиот оркестар и организатор на Скопскиот фестивал и на детскиот фестивал *Златно славејче*. Неговиот творечкиот опус опфаќа популарна, детска музика и класична музика, како и музика за филм и театар: *Рапсодија за Скопје* (пијано и симфониски оркестар), *Седум танцови варијации, Дојди*, *Балада за Шпато*, како и повеќе од сто и педесет забавни мелодии и многу детски песни (*Првото ѕвонче, Еј гулаби, гулаби бели*).

**Кире Костов (1949–2023)** е композитор, диригент и педагог, роден во Битола. Бил прв трубач и диригент на Танцовиот оркестар на МРТ и учествувал во Биг бендот на Европската радиодифузија. Неговото творештвото вклучува бројни композиции, аранжмани и песни, како: *Летај галебе, Кога те нема, Твоите очи сине, Синот божји, Тајно моја* и околу педесет оркестарски композиции, во доменот на популарната и џез-музиката. Придонел за музичкото образование и за фестивалската сцена за деца и млади (*Си-до*, *Интерфест* Битола).

**Илија Пејовски (1947)** е композитор и аранжер, роден во Велес. Работел во МРТ како диригент и уредник, а подоцна и како

професор на Факултетот за музичка уметност во Штип. Автор е на повеќе од осумдесет оригинални композиции (*Брсјаци, Вагус, Тема на детето, Привид* и други) и од четиристотини аранжмани, со посебен акцент на спојот на македонскиот фолклор и џезот, а напишал музика за повеќе од четириесет документарни филмови и за повеќе играни филмови.

**Живојин Глишиќ (1954)** е композитор и џез-аранжер, роден во Скопје. Работел како гитарист и аранжер во МРТ, член на џез-групата Јазбина и професор на Факултетот за музичка уметност во Скопје. Творештвото му опфаќа класична, популарна и џез-музика, со посебен интерес кон македонскиот музички фолклор. Делата му се стилски разновидни, со јасна мелодика и внимателна оркестрација, прилагодени на традиционалната и современата изведба, а меѓу нив спаѓаат: *Симфониета*, *Кончертино* за електрична гитара и симфониски оркестар, *На убавиот син Охрид*, *Прелудиум и пајдушко* (за пијано), *Пасхално ехо* и повеќе од двесте и педесет аранжмани за биг бенд.

## Активности

**1. Прашања за дискусија и истражување**

- Како го комбинираат композиторите од популарната и џез-музиката македонскиот фолклор со популарните и џез-елементите?
- Каква улоги имаат фестивалите, радиото и телевизијата во развојот на нивното творештво?
- Какви разлики забележувате меѓу нивниот стил и стилот на академската композиторска школа?

**2. Слушна анализа**

Во QR-кодот/списокот пронајдете ги делата на македонските композитори од популарната и џез-музиката и барајте ја нивната звучна варијанта преку ИКТ.

Напишете кратка естетска проценка за секое дело:

- какви чувства побудува делото кај вас;
- кои елементи најмногу го одредуваат стилот и
- дали мислите дека е блиску до класичната музика, џез-музиката или популарната музика?

## ПОПУЛАРНИ МУЗИЧКИ ЖАНРОВИ

Популарната музика е музика прифатена од широката публика, лесна за слушање и препознавање. Таа ги одразува современата култура и вкусовите на луѓето, а нејзината задача е да забавува, да инспирира и да изразува чувства.

Популарната музика се развила на почетокот на XX век, благодарение на технолошкиот напредок, како, на појавата на радиото и грамофонските плочи, но и на урбанизацијата и новите културни движења. Главните особености на оваа музика се: нејзиното лесно помнење, мелодичните линии и ритмичките мотиви, како и способноста да пренесува емоции и расположенија. Во неа се вклучуваат различни музички жанрови, кои овозможуваат разновидност и експериментирање. Меѓу најпознатите популарни музички жанрови се: џез, поп, рок, техно и рап. Овие музички жанрови имаат голема улога во современата култура – тие ги поврзуваат луѓето, ја пренесуваат емоцијата и културните вредности, влијаат врз модата и стилот на живеење и често ја рефлектираат социјалната и политичката реалност. Популарната музика може да има и некои негативни страни. Понекогаш текстовите ѝ се непристојни или насилни, што може да влијае врз ставовите и однесувањето на младите. Некои песни претставуваат нереални слики за животот, љубовта или успехот, што создава притисок и очекувања кои тешко се исполнуваат, а честото слушање брзи и монотони ритми може да ја намали концентрацијата и вниманието кај слушателот.

### Занимливост

**Музички дуели на улиците**

Џезот на почетокот бил толку „жив“ и експериментален, што музичарите честопати се натпреварувале кој ќе направи најинтересна импровизација на улица или во клуб. Овие музички дуели биле вистинска забава за публиката и така џезот станал синоним за слобода и креативност.

**Џез-музиката** е стил што потекнува од САД од почетокот на XX век, особено од Њу Орлеанс, каде што се мешале афроамериканските ритми, блузот и европската хармонија. Таа се карактеризира со импровизација, синкопиран ритам и динамични контрасти.

Еден од најпознатите џез композитори е Луј Армстронг (Louis Armstrong). Тој, исто така, бил трубач и пејач. Негово познато дело е *What a Wonderful World*, кое ги покажува мелодичноста, емоционалноста и карактеристичниот џез-стил.

Џез-музиката има голема улога во развојот на популарната музика, влијае на други жанрови, како што се жанровите поп и рок и ја изразува слободата и креативноста на изведувачот.



Луј Армстронг

**Поп-музиката** е жанр што се развил во 1950-тите и 1960-тите години, како дел од музиката за широката популација. Таа се карактеризира со лесно препознатливи мелодии, повторливи рефрени и директен емоционален израз, со цел да се привлече широка публика. Таа е насочена кон забава, но истовремено може да пренесува пораки, чувства и културни вредности. Поп музиката е младешки ориентирана, често ја следи модата и влијае врз стилот на живеењето и потрошувачките навики. Таа се изведува во различни формати – соло, бендови или вокални групи – и често се пласира преку радио, телевизија, стриминг платформи и концерти.

Пример за познат поп-автор и поп-творештво е Мајкл Џексон, со албумот *Thriller* (1982). Насловната песна и албумот ја дефинираат поп-музиката од 80-тите години на минатиот век, со силни ритмички линии, мелодична достапност и масовна популарност.



Мајкл Џексон

**Рок-музиката** е жанр на популарната музика што се појавува во 1950-тите години во САД и Велика Британија. Главни особености на овој вид музика се застапеноста на електричната гитара, бас-гитарата, тапаните и силниот ритам, а честопати и на енергичните и експресивни вокали. Рокот често се поврзува со бунтовничкиот дух, слободата и младешката енергија.

Познати претставници на оваа музика се рок-групите Битлси (The Beatles) и Ролинг Стоунс (The Rolling Stones). Исто така, постојат и многу други познати рок-групи што влијаеле на овој жанр на популарната музика.

Битлси (The Beatles) е една од највлијателните групи во историјата на рокот, со мелодични песни и иновативна продукција. Меѓу многуте нивни песни ќе ја спомнеме песната *Hey Jude, Yesterday, Let it Be*.

Ролинг Стоунс (The Rolling Stones) се пример за класичен рок. Една од најпознатите нивни песни е песната *Satisfaction*.

Рокот влијае врз културата, модата и ставовите на младите и има значајна улога во развојот на современата музичка сцена.



Битлси



Ролинг Стоунс

**Техно-музиката** е жанр на електронска популарна музика, кој се појавил во Мичиген, САД, во 1980-тите, особено, во градот Детроит. Таа се карактеризира со повторувачки ритам, синтетички звуци и електронски инструменти, а често е наменета за танцување во клубови и дискотеки. Главна карактеристика на техно-музиката е фокусирањето на ритамот и атмосферата, а не на мелодијата и повторувачките бас-линии и електронски ефекти.

Познати автори и продуценти на техно-музиката се Juan Atkins, Derrick May, Kevin Saunderson. Овие автори се сметаат за тројца великани на техното од Детроит. Пример за дело од овој жанр е *Strings of Life* од Derrick May (1987).



**Рап-музиката** е музички жанр што се развива како дел од хип-хоп културата и се темели на ритмичко рецитирање текст (рап) над музичка подлога (бит). Таа се појавува во 1970-тите години во Њујорк, особено меѓу афроамериканската и латинозаедницата, како начин за младите да го изразат своето секојдневие, проблемите, ставовите и идентитетот.

Најважна карактеристика на рап-музиката е текстот, кој често зборува за реални животни теми: социјална неправда, сиромаштија, дискриминација, но и за пријателство, успех, самодоверба и лични искуства. Музиката најчесто има јасен, повторлив ритам, создаден со тапани, семплови и електронски звуци. Рап-музиката има големо влијание врз младите, затоа што им овозможува слобода на изразувањето и чувство дека нивниот глас се слуша. Во исто време, важно е критички да се пристапи кон текстовите, бидејќи некои песни содржат непожелни пораки, како насилство или вулгарен јазик.

Меѓу најпознатите рап изведувачи се: Kendrick Lamar, Tupac Shakur, Eminem и други, а денес рап-музиката е еден од највлијателните жанрови во светската популарна музика.



Еминем

Популарната музика најчесто користи едноставни и повторливи форми, кои се лесни за паметење и за пеење. Најчеста е стандардната песна со строфа и рефрен. Таа се изведува на различни начини: солисти или бендови, вокални групи, диџеи, електронски продуценти и др. Нејзината функцијата е да забавува, да пренесува емоции и чувства, да ја одразува културата и современите трендови, понекогаш да пренесува пораки или информации и да допре до широката публика. Таа има и комерцијална и мотивирачка улога. Популарната музика е наменета за широка публика, обично за млади луѓе, но и за сите што сакаат забава и лесно препознатлива музика.

## Активности

**1. Прашања за дискусија и истажување**

- Кои фактори влијаеле на развојот на популарната музика на почетокот на XX век и кои се нејзините главни особености?
- Наведи три позитивни улоги на популарните музички жанрови во современата култура.
- Кои особеностите на популарната музика негативно влијаат врз младите?
- Кога и каде се појавиле џез-музиката, поп-музиката, рок-музиката, техно музиката и рап- музиката и кои се нивни главни карактеристики?
- По свој избор истражете и направете листа на популарни солисти и бендови од популарните музички жанрови.

**2. Споредба на популарната и класичната музика**

- Истражете на интернет и споредете популарна и класична музика.
- Изберете едно дело од класичната музика и една популарна песна или композиција.
- Обратете внимание на формата на делата, изведбата, функцијата на музиката, и намената.
- На крај, запишете ги своите согледувања и на Пауер Поинт презентирајте како влијаат различните критериуми врз доживувањето на музиката.

**3. Слушајте и анализирајте музички композиции од домашни автори**

Пронајдете ги на интернет овие музички примери и внимателно слушајте ги:

- *Рапсодија за Скопје* – Александар Џамбазов
- *Natën e mirë* – Elita 5
- *Ноќна кралица* – Ерзана Бериша
- *Caress* – Илија Пејовски

Размислете и одговорете:

- Дали делото содржи елементи од џез, рок, поп, фолклор или класична музика?
- Дали е мелодијата лирска, драматична или импровизаторска?
- Кои инструменти или кој вокал имаат/има водечка улога?
- На кој жанр од популарната музика му припаѓа секое дело?

Споделете ги заклучоците со соучниците и објаснете зошто мислите така.

# Филмска музика, музика за цртани филмови, видеоигри и реклами

### Занимливости

**Музичката магија на филмот**

Филмската музика може да стане позната и без филмот. Некои теми, како темата на *Џејмс Бонд*, или музиката од *Star Wars*, се препознатливи веднаш, дури и ако никој не го гледал односниот филм, затоа што создаваат силни емоции и меморија кај луѓето.



**Енио Мориконе** (Ennio Morricone) е италијански композитор и диригент и еден од најпознатите композитори на филмска музика во светот. Музиката за филмот *Добриот, лошиот и грдиот* (The Good, the Bad and the Ugly) започнува со необичен звук што наликува на завивање на којот. Овој препознатлив мотив станал еден од најпознатите почетоци во историјата на филмската музика.

Познатата *Унгарска рапсодија* бр. 2 од Франц Лист може да се слушне и во еден од цртаните филмови на *Том и Џери* (Tom and Jerry), каде што ликовите ја изведуваат на клавир на комичен начин. Благодарение на овој цртан филм, многу деца првпат ја запознаваат оваа позната класична композиција.

Филмската музика, музиката за цртани филмови, видеоигрите и рекламите ѝ припаѓаат на т.н. музика во медиумите. Тоа е музика што не постои самостојно, туку е создадена за да ги поддржи сликата, приказната или пораката што се пренесува преку различните медиуми (филм, телевизија, интернет, игри, реклами).

**Филмската музика** има задача да ја засили емоцијата, да ја следи драмата и да помогне во раскажувањето на приказната. Таа може да создаде напнатост, радост, тага или херојство и често е поврзана со одреден лик, сцена или настан. Некои мелодии стануваат препознатливи и надвор од филмот, но нивната основна улога е да ја поддржат визуелната содржина.

**Музиката за цртани филмови** е најчесто весела, разиграна и јасна, прилагодена за децата. Таа ги нагласува движењата на ликовите, хуморот и карактерот на сцените. Со помош на музиката, децата полесно ги препознаваат емоциите и пораките во цртаниот филм.

**Музиката во видеоигрите** има интерактивна улога. Таа се менува во зависност од дејствијата на играчот и ја создава атмосферата на играта – авантуристичка, мистериозна, опасна или мирна. Оваа музика помага играчот подлабоко да се внесе во виртуелниот свет.

**Музиката во рекламите** е краткотрајна, но има многу силна функција. Таа треба брзо да го привлече вниманието, да се запамети и да ја засили пораката на рекламата. Често се користат едноставни мелодии или ритми, што лесно остануваат во меморијата.

### Активности

**1. Прашања за дискусија истажување**

- Што значи терминот музика во медиумите и како се разликува од другите видови музика?
- Која е главната улога на филмската музика? Наведете примери за емоции или сцени што таа ги засилува.
- Каква е музиката за цртаните филмови и на што најмногу се фокусира?
- Како музиката во видеоигрите ја создава атмосферата на играта?
- Кој е главниот предизвик на музиката во рекламите и како таа го постигнува тоа?
- Според вас, која од овие четири типа музика е најважна за создавањето емоции кај публиката и зошто?

**2. Слушајте и анализирајте**

Истражете и најдете примери од музика за филмови, цртани филмови, видеоигри и реклами.

Слушајте ги примерите и размислете:

- Како музиката ги поддржува приказната, ликовите или сцената?
- Кои емоции ги предизвикува музиката?
- Кои инструменти или звуци се користат и каква атмосфера предизвикуваат?

Напишете кратки забелешки за секоја композиција и потоа споделете со класот што сте забележале.

# Музичка продукција и тонско студио

**Музичката продукција** опфаќа сè што е поврзано со создавање, снимање, обработка и финална изработка на едно музичко дело. Таа започнува од првичната идеја на авторот, продолжува со аранжманот и изведбата, а завршува со подготвениот аудиозапис што може да се објави и да се слуша од публиката. Во современата музика, продукцијата има големо значење, бидејќи начинот на кој е снимена и обработена музиката силно влијае врз нејзиниот квалитет и врз впечатокот кај слушателот.




Музичко студио

**Тонското студио** е посебно опремен простор во кој се снима и се обработува музика. Во студиото се користат микрофони, миксета, компјутери и различни аудиопрограми за снимање вокали и инструменти. Таму се изведуваат процеси, како, снимање, монтажа, миксирање и мастеринг, со кои музиката добива чист, балансиран и професионален звук.

Во музичката продукција учествуваат лица со различна стручна подготвеност: композитор, изведувачи, продуцент и тон-мајстор. Продуцентот ја води целокупната работа и одлучува за звучниот изглед на делото, додека тон-мајсторот се грижи за техничката страна на снимањето и за обработката на звукот.

Во денешно време, благодарение на дигиталната технологија, музичка продукција може да се реализира и во помали домашни студија. Сепак, професионалните тонски студија сè уште имаат важна улога, особено при снимање концерти, албуми, филмска музика и популарна музика.

Музичката продукција и тонското студио се клучни за создавање современа музика, бидејќи овозможуваат музичката идеја да се претвори во квалитетен и завршен звучен производ подготвен за публиката.

## Активности

**1. Прашања за дискусија**

- Што опфаќа музичката продукција?
- Кои се главните фази во создавањето на едно музичко дело?
- Зошто музичката продукција е важна за современата музика?
- Објаснете што е тонско студио, неговата намена и основната теничка опрема и софтвер што се користат во него?
- Кои лица учествуваат во музичката продукција и кои се нивните улоги?
- Зошто професионалните тонски студија сè уште имаат важна улога денес?
- Според вас, како дигиталната технологија го промени начинот на кој се создава музика?

## Занимливост

**Првите музички студија**

Првите професионални тонски студија се појавиле на почетокот на XX век, кога технологијата за снимање звук станала достапна. Едно од првите комерцијални студија било основано од компанијата *Victor Talking Machine* Company во САД, околу 1901 година. Таму музиката се снимала на грамофонски плочи, а процесот бил целосно механички – микрофоните биле едноставни, а музичарите морале да стојат на точно определено место, за звукот да се пренесе правилно.

Занимливо е тоа дека тогаш не постоела можност за монтажа или за миксирање – сè морало да се изведе совршено за да се сними на една лента. Ова покажува колку едно денешно тонско студио е напреднато со помош на дигиталната технологија, во споредба со првите обиди за снимање музика.

# Фестивали и концерти на популарна музика

**Занимливост**

**Хипиците и музиката како протест**

Во 1960-тите, хипиците користеле рок и психоделична музика за да изразат мир, љубов и протест против војната во Виетнам. Концертите и фестивалите како *Вудсток* не биле само за забава – тие биле места каде младите собирале енергија, идеали и пораки за слобода и еднаквост. Музиката станувала симбол на цело едно движење.



Фестивалите и концертите на популарна музика се важен дел од современиот музички живот и култура. Тие претставуваат јавни музички настани на кои изведувачите ја претставуваат својата музика пред публика во живо. Концертите најчесто се настапи на еден изведувач или група, додека фестивалите вклучуваат повеќе изведувачи и траат еден или повеќе денови. Овие настани имаат голема улога во популаризацијата на музиката, бидејќи овозможуваат директна средба помеѓу музичарите и публиката. Преку настапите во живо, музиката добива поинаква енергија, а публиката доживува силни емоции и заедничко искуство.

Фестивалите и концертите придонесуваат за културниот и економскиот развој, привлекуваат млади луѓе, туристи и медиумско внимание. Тие често стануваат простор за промоција на нови музички стилови, изведувачи и трендови во популарната музика. Во современото општество, фестивалите и концертите не се само забава, туку и форма на културна комуникација, каде музиката ги поврзува луѓето без разлика на возраст, јазик или културна припадност.

Некои од фестивалите на популарна музика во светот се:

- *Glastonbury Festival* (Велика Британија) – еден од најголемите и најпознатите фестивали во светот, со различни музички жанрови;
- *Coachella Valley Music and Arts Festival* (САД) – многу влијателен фестивал, познат по современа поп, рок и електронска музика;
- *Tomorrowland* (Белгија) – еден од најпознатите фестивали за електронска и техно-музика;
- *Rock in Rio* (Бразил, Португалија) – голем меѓународен фестивал со рок и поп-изведувачи;
- *Montreux Jazz Festival* (Швајцарија) – светски познат џез-фестивал, кој вклучува и други современи жанрови и
- *Eurovision Song Contest* (Европа) – меѓународен музички натпревар со учество на многу европски земји.



Музичко-уметничкиот фестивал *Коачела* (САД)

Некои музички фестивали во РС Македонија се:

- *Макфест* (Штип) – најпознат фестивал на забавна и популарна музика во државата;
- *Скопски џез фестивал* – меѓународно признат фестивал со врвни џез-уметници;
- *Џез Фест Тетово* – значаен фестивал што ја промовира џез-музиката и современите музички изрази;
- *Нотафест* – фестивал на нова и авторска музика, со едукативна и уметничка улога; моментално не е активен;
- *Охридско лето* – фестивал кој претежно е насочен кон класичната музика, но вклучува и концерти од современата и популарната музика;
- *Џез фабрика фестивал* - Битола - интернационален фестивал препознатлив на европската и светската музичка сцена;
- *Астибо џез фестивал* - Штип - значаен по едукација на млади музичари.



Џез Фест – Тетово

## Активности

**1. Прашања за дискусија**

- Што се фестивали и концерти на популарната музика и како се разликуваат меѓу себе?
- Зошто овие настани се важни за популаризацијата на музиката?
- Како овие настани помагаат во промоцијата на нови музички стилови и изведувачи?
- Зошто фестивалите и концертите се форми на културна комуникација?
- Кој фестивал од светските или домашните фестивали би сакал/би сакала да го посетиш и зошто?
- Како музиката на фестивалите, без оглед на возраста, јазикот или културната припадност, ги поврзува луѓето?

## НАСОЧЕНО СЛУШАЊЕ

**Занимливост**

**Музиката и мозокот**

Музиката има големо влијание врз нашиот мозок и телото. Таа може да го подобри расположението, да го намали стресот и да ја стимулира меморијата. Му ги активира лимбичкиот систем и хипокампусот, кои се поврзани со емоциите и спомените, а, исто така, го поттикнува моторниот кортекс, за да се движиме по ритамот. Музиката ги развива креативноста, концентрацијата и просторното размислување, а кај учењето инструмент ги подобрува координацијата и когнитивниот потенцијал. Соодветната музика може да помогне и кај луѓе со ADHD или со повреди на мозокот, но погрешниот избор или премногу гласната музика може да предизвика стрес или непријатни спомени. Музиката ги поврзува луѓето и носи радост и инспирација во животот.



Влијанието на музиката врз мозокот

Насоченото слушање е начин на слушање музика, при кој музичкото дело се восприема внимателно и аналитички, со активно вкучување на мисловните процеси. Тоа подразбира внимателно следење на текот на музиката, нејзината структура и изразни средства, како и разбирањето на идејата или пораката што композиторот ја остварува преку делото.

При слушањето музика треба да забележуваме неколку важни елементи: стилски период, композитор и наслов на делото. Потоа треба да се внимава на различните музички изразни средства меѓу кои се динамиката, темпото, карактерот на делото, мелодијата и ритамот. Исто така, треба да се следи музичката форма и развојот на композицијата. Активното слушање не значи само да се „чуе“ музиката, туку и да се слуша со намера. Тоа подразбира да се означуваат ритамот, мелодијата, динамиката и формата; да се одговара на прашања поврзани со делото и да се опишува музиката со зборови пред и по слушањето.

Овие техники се дел од современите музички педагошки пристапи за развивање на музичката свест и критичкото слушање.

Насоки за слушање музика

| Категорија | Што да се забележи |
|---|---|
| стил | барок, класицизам, романтизам, современа |
| композитор / наслов | име на композиторот, наслов на делото |
| изведувачки состав | солист, хор, оркестар, камерна група, опера, балет |
| динамика | тивко или гласно, контрасти |
| темпо | брзо или бавно, промени |
| карактер | весело, тажно, драматично, свечено |
| мелодија / ритам | мотиви, повторувања, фрази |
| програмска содржина | приказна, лик, настан, чувство |
| форма / развој | повторувања, варијации, контраст, дводелна/триделна, сонатна форма |
| музички поими | лајтмотив, увертира, чин и слика, дует, арија |
| активности | означување, прашања, опишување, анализа |

# МУЗИЧКА ТЕОРИЈА ПРЕКУ ПРАКТИКА

# МУЗИЧКА ТЕОРИЈА ПРЕКУ ПРАКТИКА

Музичката теорија станува појасна и поинтересна кога се поврзува со практиката. Во овој дел ќе се истражуваат музички скали, интервали и акорди, ритам, метар и такт, како и елементи на музичките форми.

Преку активна работа во апликации за пишување ноти или со свирење на инструмент, можеме да создаваме и да слушаме музика, да експериментираме со ритамот и мелодијата и да ги применуваме теоретските знаења во реални музички ситуации. На овој начин музичката теорија не останува апстрактна, туку се оживува преку изведбата и креативниот израз, што помага за нејзиното подобро разбирање и за развој на музичкиот талент.

## СКАЛИ, ИНТЕРВАЛИ И АКОРДИ

### Да се потсетиме!

Музичката скала се состои од седум тонови подредени според музичката азбука, при што првиот тон се повторува како осми.
Стапало е местото на тонот во една музичка скала. Стапалата се обележуваат со римски броеви (I, II, III, IV, V, VI, VII, VIII).
Полустепен е најмалото растојание меѓу две соседни стапала. Се обележува со 1/2.
Степен е растојание од два полустепена. Се обележува со 1/1.
Тетракорд претставува делење на една музичка скала на два еднакви дела. Секоја музичка скала има прв или долен тетракорд, кој ги содржи степените I, II, III и IV и втор или горен тетракорд, кој ги содржи степените V, VI, VII и VIII.

### ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ НА МУЗИЧКИ СКАЛИ – ДУРСКИ И МОЛСКИ

**ДУРСКА СКАЛА**

| 1/1 | 1/1 | ½ | 1/1 | 1/1 | 1/1 | ½ | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII |

**ПРИРОДНА МОЛСКА СКАЛА**

| 1/1 | ½ | 1/1 | 1/1 | ½ | 1/1 | 1/1 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII |

**ХАРМОНСКА МОЛСКА СКАЛА**

| 1/1 | ½ | 1/1 | 1/1 | ½ | 1½ | ½ | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII |

**МЕЛОДИСКА МОЛСКА СКАЛА (При симнување се користи природниот мол)**

| 1/1 | ½ | 1/1 | 1/1 | 1/1 | 1/1 | ½ | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| I | II | III | IV | V | VII | VIII | VIII |

## D-дур

D-дур е дурска скала што започнува и завршува со тонот **d**. Се состои од следнава низа на тонови: **d, e, fis, g, a, h, cis, d**. Има два предзнака – повишен тон **f (fis)**, и повишен тон **c (cis)**.




| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Солмизација: | ре | ми | фа# | сол | ла | си | до# | ре |
| Алфабет: | d | e | fis | g | a | h | cis | d |
| Стапала: | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII |




### Активности

**1. Одговорете на прашањата**

- Колку предзнаци има скалата D-дур, кои се тие и за кои тонови се наменети?
- Каков е редоследот на целите степени и на полустепени кај скалата D-дур?
- Кои се составните елементи на скалата D-дур?

**2. Задачи за работа во апликација за пишување ноти**

- Напишете ја во виолински клуч скалата D-дур со сите нејзини елементи.
- Напишете најмалку по три мелодиски интервали (од прима до октава) од I, IV и V стапало.
- Напишете најмалку по три хармонски интервали (од прима до октава) од II, III, VI и VII стапало.

**3. Примена на скалата D-дур преку пеење и свирење**

Испејте ја скалата D-дур со нагорно и со надолно движење, внимавајќи на чиста интонација, додека еден ученик ја свири истата скала на клавијатура, според дадениот нотен запис. По завршувањето, ученикот што свири се заменува со друг ученик, а активноста се повторува.



## h-мол

**Да се потсетиме!**

Секоја дурска скала има своја паралелна молска скала. Молска скала се добива со изведување од дурската. Шестото стапало на дурската скала станува прво стапало и се нижат тоновите на молската скала.

Скалата h-мол е паралелна молска скала на D-дур и ги има предзнаците **fis** и **cis** (како паралелната скала).

Скалата h-мол природен вид се гради според природниот модел на молската скала, без дополнително повишување или снижување на тоновите.

Тоновите на h-мол природен вид се: **h, cis, d, e, fis, g, a, h.**

**Прв (долен) тетракорд** **Втор (горен) тетракорд**

**½** **½**



1/1 1/1 1/1 1/1 1/1

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Солмизација: | си | до# | ре | ми | фа# | сол | ла | си |
| Алфабет: | h | cis | d | e | fis | g | a | h |
| Стапала: | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII |




1/1 ½ 1/1 1/1 ½ 1/1 1/1

I II III IV V VI VII VIII

Скалата h-мол хармонски вид се гради според хармонскиот модел на молската скала, со повишување на VII стапало.

Тоновите на h-мол хармонски вид се: **h, cis, d, e, fis, g, ais, h**.

**Прв (долен) тетракорд** **Втор (горен) тетракорд**

**½** **½ 1½ ½**



1/1 1/1 1/1

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Солмизација: | си | до# | ре | ми | фа# | сол | ла# | си |
| Алфабет: | h | cis | d | e | fis | g | ais | h |
| Стапала: | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII |




1/1 ½ 1/1 1/1 ½ 1/1½ ½

I II III IV V VI VII VIII

Скалата h-мол мелодиски вид се гради според мелодискиот модел на молската скала, со повишување на **VI** и **VII** стапало при движењето нагоре. При движењето надолу, скалата се изведува во природен вид.

Тоновите на h-мол мелодиски вид се: **h, cis, d, e, fis, gis, ais, h↑, h, a, g, fis, e, d, cis, h↓**.




| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Солмизација: | си | до# | ре | ми | фа# | сол# | ла# | си |
| Алфабет: | h | cis | d | e | fis | gis | ais | h |
| Стапала: | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII |




| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Солмизација: | си | ла | сол | фа# | ми | ре | до# | си |
| Алфабет: | h | a | g | fis | e | d | cis | h |
| Стапала: | VIII | VII | VI | V | IV | III | II | I |



## Активности

**1. Одговорете на прашањата**

- Која е паралелна скала на скалата D-дур и како се изведува таа?
- Кое стапало се повишува кај скалата h-мол хармонски вид?
- Што се случува со повишените тонови при движењето надолу кај h-мол мелодиски вид?

**2. Задачи за работа во апликација за пишување ноти**

- Напишете ја во виолински клуч скалата h-мол во сите нејзини видови.

**3. Пееме двогласна вежба во h-мол природен вид**

- Со помош на наставникот испејте ја долунаведената двогласна мелодиска вежба. Работете во две групи: првата група ја пее мелодијата од горниот глас, втората група ја пее мелодијата од долниот глас, а потоа двете групи ја пеат зададената вежба заедно.



**4. Пееме мелодиска вежба во h-мол хармонски вид**

- Со помош на наставникот испејте ја следнава мелодиска вежба.



**5. Практична изведба**

- Со помош на наставникот свирете ја долунаведената мелодија на клавијатура.



## B-дур

B-дур е дурска скала што започнува и завршува со тонот **b.** Се состои од следнава низа на тонови: **b, c, d, es, f, g, a, b.** Има два предзнака – снижен тон **h (b)** и снижен тон **e (es).**




| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Солмизација: | си♭ | до | ре | ми♭ | фа | сол | ла | си♭ |
| Алфабет: | b | c | d | es | f | g | a | b |
| Стапала: | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII |




### Активности

**1. Одговорете на прашањата**

- Колку предзнаци има скалата B-дур, кои се тие и за кои тонови се наменети?
- Каков е редоследот на целите степени и на полустепените кај скалата B-дур?
- Кои се составните елементи на скалата B-дур?

**2. Испејте ја следната дурска скала B-дур**



**3. Задачи за работа во апликација за пишување ноти**

- Напишете ја во виолински клуч скалата B-дур со сите нејзини елементи.
- Креирајте мелодија од осум такта во B-дур скала, во 2/4 такт, користејќи осминки, четвртинки, половинки ноти и соодветни паузи, а потоа отпејте ја.

## g-мол

Скалата g-мол е паралелна на B-дур и ги има предзнаците **b** и **es** (како паралелната скала).

Скалата g-мол природен вид се гради според природниот модел на молската скала, без дополнително повишување или снижување на тоновите.

Тоновите на g-мол природен вид се: **g, a, b, c, d, es, f, g.**

**Прв (долен) тетракорд** **½**  **Втор (горен) тетракорд** **½**



1/1 1/1 1/1 1/1 1/1

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Солмизација: | сол | ла | си♭ | до | ре | ми♭ | фа | сол |
| Алфабет: | g | a | b | c | d | es | f | g |
| Стапала: | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII |




1/1 ½ 1/1 1/1 ½ 1/1 1/1

I II III IV V VI VII VIII

Скалата g-мол хармонски вид се гради според хармонскиот модел на молската скала, со повишување на **VII** стапало.

Тоновите на g-мол хармонски вид се: **g, a, b, c, d, es, fis, g.**

**Прв (долен) тетракорд** **½**  **Втор (горен) тетракорд** **½ 1½ ½**



1/1 1/1 1/1

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Солмизација: | сол | ла | си♭ | до | ре | ми♭ | фа# | сол |
| Алфабет: | g | a | b | c | d | es | fis | g |
| Стапала: | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII |




1/1 ½ 1/1 1/1 ½ 1½ ½

I II III IV V VI VII VIII

Скалата g-мол мелодиски вид се гради според мелодискиот модел на молската скала, со повишување на **VI** и **VII** стапало при движењето нагоре. При движењето надолу, скалата се изведува во природен вид.

Тоновите на g-мол мелодиски вид се: **g, a, b, c, d, e, fis, g↑, g, f, es, d, c, b, a, g↓.**




| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Солмизација: | сол | ла | си♭ | до | ре | ми♮ | фа# | сол |
| Алфабет: | g | a | b | c | d | e | fis | g |
| Стапала: | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII |




| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Солмизација: | сол | фа | ми♭ | ре | до | си♭ | ла | сол |
| Алфабет: | g | f | es | d | c | b | a | g |
| Стапала: | VIII | VII | VI | V | IV | III | II | I |



## Активности

**1. Одговорете на прашањата**

- Која е паралелна скала на скалата B-дур и како се изведува таа?
- Кое стапало се повишува кај скалата g-мол хармонски вид?
- Што се случува со повишените тонови при движењето надолу кај скалата g-мол мелодиски вид?

**2. Задачи за работа во апликација за пишување ноти**

- Напишете ја во бас клуч скалата g-мол природен вид.
- Напишете во виолински клуч хармонски интервали терца, квинта и октава од I, IV и V стапало на скалата g-мол (природен вид).

**3. Визуелно и преку пеење препознаваме дурски и молски скали до два предзнака**

- Анализирајте ги нотните записи, па, визуелно и преку пеење, утврдете во која музичка скала се градени.

1.



2.



3.



4.



## Акорд

Акорд е истовремено звучење на три или на повеќе тонови со различна висина.

Најосновниот вид акорд е квинтакорд или тризвук, кој се состои од основен тон, негова терца и негова квинта.

Квинтакордот или тризвукот може да биде дурски и молски (во зависност каква е големината на терцата).

**Дурски квинтакорд** се состои од голема терца и чиста квинта.

### Да се потсетиме!

Интервал е растојание меѓу два тона во музиката. Основни интервали се: прима, секунда, терца, кварта, квинта, секста, септима и октава.

### Проширете го знаењето

Два интервала со исто име можат да се разликуваат по вид. На пример, терцата може да биде мала, голема, намалена или зголемена.
Според видот, интервалите се делат на: чисти, големи, мали, намалени и зголемени.

Примери за дурски квинтакорд (трозвук):



| c – e – g | f – a – c | g – h – d |
|---|---|---|
| c – e  голема терца | f – a  голема терца | g – h  голема терца |
| c – g  чиста квинта | f – c  чиста квинта | g – d  чиста квинта |




**Молски квинтакорд** се состои од мала терца и чиста квинта.

Примери за молски квинтакорд (трозвук):



| d – f – a | e – g – h | a – c – e |
|---|---|---|
| d – f  мала терца | e – g  мала терца | a – c  мала терца |
| d – a  чиста квинта | e – h  чиста квинта | a – e  чиста квинта |



## Активности

**1. Работа во апликација за пишување ноти**

- Во апликацијата за нотен запис напиши ги квинтакордите:
  – дурски квинтакорд од c, f и g и
  – молски квинтакорд од d, e и a.

**2. Формирање дурски и молски квинтакорд на клавијатура**

- На клавијатурата изгради дурски квинтакорд од c, f и g.
  На клавијатурата изгради молски квинтакорд од d, e и a.
- Свири ги двата квинтакорда и забележи ја звучната разлика меѓу нив.

3. **Анализирај и истражувај**

- Со помош на наставникот анализирај ги овие мелодиски вежби, а потоа идентификувај ги користените интервали, акордите и другите изразни средства (метар-такт, темпо и динамика).

Тема во D-дур – дел од Концертот за виолина и оркестар во D-дур од Лудвиг ван Бетовен




Тема во B-дур – дел од Концертот за пијано и оркестар во b-мол од Петар Илич Чајковски



# РИТАМ, МЕТАР И ТАКТ

## Синкопа



Синкопа настанува кога два истоимени тона, од кои првиот се наоѓа на ненагласен дел, а вториот на нагласен дел од тактот, се спојуваат во еден непрекинат тон. Спојувањето на овие два исти тона се прави со легатура.

Легатура (итал.: ligare – сврзува) е знак во вид на лак со кој се спојуваат истоимени тонови (ноти), така што нивното траење се изведува како еден непрекинат тон. Легатурата секогаш се бележи од една нотна глава до најблиската следна глава.

### Да се потсетиме!

Ритам е нижење и комбинирање на тонови со различно траење.
Метар е постојаното менување на текот на нагласени и на ненагласени тонови.
Такт е основна градбена единица и најмал дел од музичката композиција што е метрички определен.
Нагласените удари во секој тактов дел се нарекуваат теза (–), а ненагласените удари се нарекуваат арза (‿)



легатура

Пример:



Може да се пишува и вака:



### Занимливост

Синкопата често се нарекува ритмичко изненадување, бидејќи го поместува акцентот од нагласениот дел на тактот кон ненагласениот. Притоа, музиката звучи поживо, поигриво и подинамично. Интересно е што синкопата има клучна улога во џезот, поп-музиката и народната музика и претставува нивно препознатливо ритмичко обележје.



синкопа синкопа

Може да се пишува и вака:



## Предтакт




Предтакт е непотполн такт што, обично, се надополнува со последниот, исто така, непотполн такт. Предтактот не се смета за прв такт.

Пример:




## Пунктиран ритам



Пунктиран ритам е ритмичка појава кај која основната нотна вредност се продолжува со точка (лат.: punkta – точка). Точката ја зголемува нотната вредност за половина од нејзиното траење.

Пример:

- Градење пунктирана нота четвртина со точка.

Точката ја продолжува четвртината за половина од нејзиното траење, така што во тактовите 2/4, 3/4 и 4/4 нотата трае еден и пол удар (колку една четвртина и една осмина: 1 + ½ = 1½).





- Градење пунктирана нота осмина со точка.

Точката ја продолжува осмината за половина од нејзиното траење, така што во тактовите 2/4, 3/4 и 4/4 нотата трае три четвртини од еден удар (колку една осмина и една шеснаесеттина: ½ + ¼ = ¾).





## Триола




Триола настанува кога една нотна вредност, наместо на два дела, се дели на три еднакви дела.

Триолата спаѓа во неправилните ритмички (тонски) групи. Таа се обележува со бројот 3, кој најчесто е опкружен со лак поставен над или под нотите што ја сочинуваат триолата.

Пример:




### Активности

**1. Квиз прашања со краток одговор**

- Што е синкопа?
- Со кој знак, обично, се спојуваат два истоимени тона за да се добие синкопа?
- Што е легатура?
- Што е предтакт?
- Дали предтактот се смета за прв такт? Зошто?
- Што е пунктиран ритам?
- Што прави точката со нотната вредност?
- Колку трае четвртина со точка во тактовите 2/4, 3/4 и 4/4?
- Од кои нотни вредности е составена четвртината со точка?
- Колку трае осмина со точка во истите тактови?
- Од кои нотни вредности е составена осмината со точка?
- Што е триола?
- Како се дели нотната вредност кај триолата?
- Како се означуваат нотите што ја сочинуваат триолата во нотниот запис?

## Активности

**1. Тактирајте ритмички вежби во 2/4, 3/4 и 4/4 такт со синкопа, предтакт, пунктиран ритам и триола.**

1.



2.



3.



**2. Во апликација за пишување ноти креирајте кратки ритмички вежби во 2/4, 3/4 и 4/4 такт, кои содржат синкопи, пунктиран ритам, триоли и предтакт.**

**3. Аудитивна активност: Препознавање ритмички појави**

*Патетична соната* од Лудвиг ван Бетовен (да се слушне воведот -почетниот дел- на композицијата)

*Соната* во *G-дур*, I став од Лудвиг ван Бетовен

*The Entertainer* од Скот Џоплин

Внимателно слушајте ги трите музички примери
Вашата задача е, самостојно и преку слушање, да утврдите:

- во кој пример доминира синкопа;
- во кој пример слушате триоли и
- во кој пример има пунктиран ритам.

## ЕЛЕМЕНТИ НА МУЗИЧКИТЕ ФОРМИ И НА МУЗИЧКИОТ РАЗВОЈ

**Музичката форма** е архитектурата на музичкото дело. Како што во архитектурата секоја градба има своја форма и јасна структура, така и во музиката секое музичко дело има своја музичка форма.

Музичката форма е начинот на кој музичките делови (мотиви, фрази, реченици и поголеми целини) се распоредени и поврзани за да изградат јасна и заокружена музичка целина.

**Музичкиот развој** покажува како се движи и како се менува музичката мисла во текот на делото. Тој се остварува преку:

1. Истоветност (повторување) значи повторување на ист музички материјал без промени.
2. Сличност (варирање) се јавува кога музичкиот материјал се повторува, но со мали промени, на пример, во ритамот, тонската висина или динамиката.
3. Контраст (нова тема) се јавува кога се појавува сосема нов музички материјал  или нова тема (потполно различен од претходниот материјал).

Градбени елементи на музичката форма се: мотивот, фразата, реченицата и периодот.

- Мотив е најмалата ритмичко-мелодиска музичка мисла.
- Фраза (двотакт) е најмала метричко-формална целина – група од два такта.
- Реченица е музичка мисла заокружена со хармонски завршок – каденца.
- Период е заокружена целина составена од две реченици со сродна содржина и хармонски зависни помеѓу себе.

Овие елементи се основа за создавање поголеми музички форми, како што се:

- дводелна форма;
- триделна форма;
- тема со варијации;
- рондо и
- сонатна форма.

Секоја од овие форми има свој начин на музички развој и организација.

## Занимливости

### Музичката форма и архитектурата



Влезот на Галеријата во Милано

Музичката форма и архитектурата честопати се темелат на симетрија и повторување за да создадат чувство на ред, рамнотежа и хармонија. Во музиката, на пример, триделната форма (АБА) има јасна рамка во која првиот дел се повторува на крајот, со што слушателот добива чувство на заокруженост и завршеност. На сличен начин, во архитектурата многу класични градби се изградени со симетричен распоред на столбови и елементи, што на набљудувачот му создава впечаток на стабилност и јасна организација. Повторувањето и симетријата му помагаат на човечкиот ум полесно да ја препознае убавината и логиката, и во звукот и во визуелната форма.

### Музичката форма и сликарството



*Тајната вечера*
од Леонардо да Винчи

Во сликарството, особено во класичните уметнички дела, уметниците користеле принципи слични на оние во музичката форма. Леонардо да Винчи, на пример, во делото *Тајната вечера* внимателно ја организирал композицијата така што фигурите се распоредени во јасно уредени групи со изразена централна точка, со што се создава чувство на визуелен ритам, рамнотежа и хармонија. На сличен начин, музичката форма ги организира звуците во логична целина, овозможувајќи развој, поврзување и јасно чувство на завршеност. Структурата и повторувањето се клучни и во музиката и во визуелните уметности, бидејќи му помагаат на слушачот или на набљудувачот полесно да ја следи содржината и да ја доживее како заокружена целина.

### Музичката форма и поезијата



Музиката и поезијата се градат на многу слични принципи, бидејќи и двете се темелат на ритам, повторување и јасна структура. Мотивот во музиката може да се спореди со зборот или со краткиот израз во поезијата, како најмал, но препознатлив градбен елемент. Фразата одговара на еден стих, во кој неколку елементи заедно создаваат смисла, додека музичката реченица е слична на двостих или на заокружена мисла во песната. Периодот, пак, може да се спореди со строфа, како целина што има внатрешна логика, развој и чувство на завршеност, при што често се појавува однос на прашање и одговор или напнатост и смирување.

### Музичката форма и филмот




Како што филмот не се состои од случајни сцени, туку од логично поврзани делови, така и музичкото дело се гради од јасно организирани музички целини. Краткиот музички мотив може да се спореди со впечатлив кадар или со кратка сцена што го привлекува вниманието, фразата со мала сцена што има свое значење, а реченицата со целосна сцена со јасен почеток и крај. Музичкиот период, пак, одговара на една целосна филмска секвенца, во која настаните се логично поврзани и заедно создаваат чувство на целина и завршеност.

## Мотив

Во книжевноста, ликовните уметности и во другите уметнички области, поимот мотив означува основна замисла врз која се гради уметничкото дело.

Во музиката мотивот е најмалата ритмичко-мелодиски јасно оформена целина што може да се издвои и препознае во музичката содржина. Тој може да се спореди со зборот во говорот, бидејќи и зборот е најмала смисловна целина од која се градат речениците.

Мотивот најчесто се повторува во текот на музичкото дело, понекогаш во неизменета, а понекогаш во изменета форма. Преку овие повторувања и промени, мотивот служи како основа за создавање и развој на поголеми музичко-формални целини.

Примери за мотиви

Петар Илич Чајковски - *Песна без зборови*



Дмитриј Шостакович - *Фуга*



Лудвиг ван Бетовен – *Симфонија бр. 5*



Волфганг Амадеус Моцарт - *Соната за пијано* во *А-дур*



## Фраза (Двотакт)

Кога неколку мотиви се поврзуваат и се распоредени во два такта, тие создаваат фраза (двотакт). Двотактот задолжително треба да содржи две главни нагласени времиња. Во мелодиска смисла низ двотактот може да тече само еден мотив (неделив двотакт), или тој да содржи повторување, варирање на ист мотив, односно два различни мотива (делив двотакт).

**Анализирајте музичка фраза преку слушање музика**

Дел од *Сонатата за пијано* во *А-дур* I став (тема со варијации) од Волфганг Амадеус Моцарт

- Слушајте го почетокот на композицијата и забележете ги музичката фраза и двата мотива.



## Реченица

Реченицата е музичка мисла што е заокружена со хармонски завршок – каденца.

Реченицата, во правилна конструкција, обично, има четири такта (мала реченица) или осум такта (голема реченица).

**Анализирајте музичка реченица преку слушање музика**

Дел од *Сонатата за пијано* во *А-дур* I став (тема со варијации) од Волфганг Амадеус Моцарт

Слушајте го почетокот на композицијата и забележете ги музичката реченица, фразите и мотивите.

### Дознај повеќе

**Каденца** е хармонска и мелодиска завршница во музиката, со која се заокружува музичка фраза, реченица или поголема форма и се создава чувство на привремен или целосен завршок.



реченица

фраза | фраза

мотив | мотив | мотив | мотив




## Период (а)

Периодот е музичка целина што ја образуваат две реченици што се сродни по содржина, а хармонски се меѓусебно зависни, на тој начин што првата реченица завршува со помалку убедлива каденца, а втората завршува со целосна каденца на тониката.



а

**Анализираме музички период преку слушање музика**

Дел од *Сонатата за пијано* во *А-дур* I став (тема со варијации) од Волфганг Амадеус Моцарт

- Слушајте го овој дел на композиицијата и забележете ги музичкиот период, речениците, фразите и мотивите.

**период**

реченица | реченица

фраза | фраза | фраза | фраза

мотив | мотив | мотив | мотив | мотив | мотив | мотив | мотив






Аналогија меѓу формата на музичкиот период и архитектонската структура на Партенон

Оваа слика од Партенон во Атина може да ни помогне подобро да ја разбереме музичката форма, особено поимите мотив, фраза, реченица и период.

- Секој столб можеме да го замислиме како еден мотив – најмалата, јасно препознатлива градбена единица.
- Два столба заедно формираат една фраза, слично како што неколку мотива во музиката создаваат кратка заокружена целина.
- Четири столба создаваат една реченица – заокружена музичка мисла.
- Осум столба заедно ја формираат целата архитектонска целина, што во музиката одговара на еден период составен од две реченици.

Како што е Партенон стабилен, урамнотежен и симетричен, благодарение на јасната организација на столбовите, така и музиката звучи логично и заокружено кога мотивите, фразите и речениците се правилно организирани во период.

## Активности

**1. Одговорете на овие прашања**

- Што е мотив во музиката?
- Колку мотива, обично, има во една фраза (двотакт)?
- Што е фраза и како можеме да ја препознаеме при слушање?
- Што е реченица во музиката?
- Колку такта, обично, имаат малата и големата реченица?
- Што е период во музиката и од што се состои?
- Како можеме да препознаеме прашање и одговор во една музичка целина?

**2. Анализа на дел од *Симфонијата бр. 9 - Ода на радоста* од Лудвиг ван Бетовен**





Слушајте го внимателно делот од 8 такта

- Каде започнува првиот мотив и колку такта трае?
- Каде се појавува вториот мотив и дали е ист како првиот, или е со мали промени?
- Кои тактови го формираат првиот двотакт (фраза)?
- Кои тактови го формираат вториот двотакт (фраза)?
- Каде започнува и каде завршува првата реченица? Колку такта има?
- Каде започнува и каде завршува втората реченица? Колку такта има?
- Кој дел звучи како прашање, а кој како одговор?
- Кои мотиви се повторуваат во текот на композицијата?
- Со помош на клавијатурата забележи со кои акорди започнуваат, а со кои акорди завршуваат првата и втората реченица.

## Дводелна форма (аб)

Дводелната форма е составена од два периода, односно од два дела кои по својата должина одговараат на периоди. Во зависност од тоа дали периодите се мали или големи, разликуваме мала дводелна форма, со 2 × 8 такта и голема дводелна форма, со 2 × 16 такта.

Дводелната форма се означува како **аб**, при што буквите претставуваат периоди (теми).

- **а** – првиот дел е основната музичка тема (период) и
- **б** – вториот дел е нова музичка тема што умерено контрастира со првиот дел, но со својата градба и должина останува аналогна на него.



**а** **б**

**Анализирајте дводелна форма (аб) преку слушање музика**
*Менует* од Јозеф Хајдн



Насоки за анализа преку слушање на композицијата

- Слушајте ја композицијата внимателно и следете ја во партитурата.
- Следете го текот на мелодијата.
- Оваа композиција е пример за мала дводелна форма, која се состои од два периода (аб).
- Секој период е составен од две реченици, речениците се изградени од две фрази, а фразите се составени од мотиви.
- Во нотниот пример, за полесно следење, се обележани деловите а и б, како и речениците, фразите и мотивите..
- Иако деловите а и б се различни, контрастот меѓу нив е мал (форматот е краток и едноставен).
- Обидете се да ги забележите почетоците на деловите а и б, како и мотивите и фразите што ги формираат речениците и периодите.

**Дводелна форма аб**

**Период (а)**

**Реченица** **Реченица**




**Период (б)**

**Реченица** **Реченица**



## Триделна форма (аба)

Триделната форма е составена од три периода, при што првиот и третиот дел се исти или многу слични, а вториот дел претставува контрастна музичка тема.




Формата се означува како **аба**, при што:

- **а** – првиот дел е основната музичка тема (период);
- **б** – вториот дел е нова музичка тема што контрастира со првиот дел, но е релативно кратка и различна по мелодија, хармонија или ритам и
- **а** – третиот дел ја повторува или варира првата тема, создавајќи чувство на завршеност и рамнотежа.

Должината на периодите (во зависност од големината на речениците – мали/големи) може да биде иста или слична, па, така, триделната форма создава јасна структура: основна тема – контраст – повторување на основната тема.



**Анализирајте триделна форма (аба) преку слушање музика**
*Екосеза* од Лудвиг ван Бетовен

Насоки за анализа преку слушање на композицијата

- Слушајте ја композицијата внимателно и следете ја во партитурата.
- Делот а претставува период од 8 такта, составен од две реченици од по 4 такта. Речениците се градени од музички фрази (двотакти), а фразите од мотиви. Во овој дел се изнесува основната музичка мисла и се поставува карактерот на композицијата.
- Делот б, исто така, претставува период од 8 такта, составен од две реченици од по 4 такта. Како и во делот а, речениците се градени од музички фрази (двотакти), а фразите од мотиви. Овој дел носи нов тематски материјал (лесен контраст) и по својот карактер и звучност јасно се разликува од делот а. Контрастот во делот б може да се забележи преку динамиката, движењето на мелодијата и општиот карактер на музиката.
- Повторениот дел а или репризата – По завршувањето на делот б, музиката повторно се враќа на делот а, со што се заокружува формата. Овој повторен дел е истоветен со почетниот дел а.

## Триделна форма аба

реченица




**период (а)**

реченица




реченица




**период (б)**

реченица




реченица




**период (а)**

реченица



## Сложена триделна форма (АБА)



| А | Б | А |
|---|---|---|
| а б а | в г в | а б а |

Сложената триделна форма се состои од три големи дела, при што секој дел претставува самостојна форма – триделна (аба) или дводелна (аб).

Шемата на сложената триделна форма се означува со големи букви **АБА** и ја има следнава структура:

- **А** е првиот дел (може да има дводелна или триделна форма – аб или аба).
- **Б** е средниот, контрастниот дел (исто така, вг или вгв), кој хармонски е во друг тоналитет различен од тоналитетот во делот А. Освен хармонски, контрастот може да се оствари и преку другите музички изразни средства, како што се формата, динамиката, темпото и метарот.
- **А** е повторување на првиот дел и се нарекува реприза. Повторувањето може да биде исто како првата тема А, а може и да варира (со мали измени).

### Проширете го знаењето

Сложената триделна форма АБА може да се состои од делови што имаат триделна или дводелна внатрешна структура, од комбинација помеѓу овие форми, или, пак, од низа на реченици, при што секој дел ја гради својата музичка целина.

| А | Б | А |
|---|---|---|
| аба | вгв | аба |
| аб | вг | аб |
| аба | вг | аба |
| аб | вгв | аб |

**Менует** (Menuetto) е музичка композиција со потекло од француски грациозен танц, кој подоцна се развил во инструментална уметничка форма, користена во инструменталните дела на класичната музика. Првично, во барокот и во раниот класицизам, менуетот често се среќава како едноставна дводелна форма (аб), каде што секој дел се повторува.
Во периодот на класицизмот, менуетот станал важен дел од сонатниот циклус, особено како трет став во симфониите, сонатите и камерните дела и се развил во сложена триделна форма АБА.
Средниот дел (Б) најчесто се нарекува Trio (трио).
Повторувањето на првиот дел А по завршувањето на триото (делот Б), во партитурите се означува со Da Capo (D.C.), што значи од почеток, се до знакот Fine (крај).

**Анализирајте триделна сложена форма (АБА) преку слушање музика**

*Менует од Сонатата за пијано* во *Es-дур* (II став) од Јосеф Хајдн

Насоки за анализа преку слушање на композицијата

- Слушајте ја композицијата внимателно и следете ја во партитурата.
- Шемата на оваа форма е:

А **Б** А
аба **вг** аба

- Делот А – во првиот дел се изнесува основната музичка тема, која го поставува карактерот на композицијата. Овој дел има триделна форма аба.
- Делот Б – новата музичка тема, која по карактерот, движењето, динамиката и хармонијата се разликува од делот А, создавајќи контраст. Овој дел има дводелна форма вг.
- Повторениот дел А или репризата – по завршувањето на делот Б, повторно се враќа на делот А, кој во нотите, обично, не се бележи, туку на крајот на композицијата стои *Menuetto Da Capo*, што значи дека композицијата се свири од почеток и завршува со првиот дел А.



а




в Б




г




## Активности

**1. Одговорете на овие прашања:**

- Што претставува дводелната музичка форма и како се означува?
- Што претставува секој од деловите а и б во дводелната форма?
- Што е карактеристично за триделната форма (аба)?
- Каква е градбата на сложената триделна форма ?
- На кои начини делот Б може да создаде контраст со делот А во сложената триделна форма?
- Дали повторувањето на делот А во сложената триделна форма е секогаш исто, или може да варира?

**2. Анализа на композицијата преку слушање музика и следење на нотниот текст (партитурата)**

*Германски танц* од Лудвиг ван Бетовен

Насоки за слушање

- Слушајте ја композицијата внимателно и следете ја мелодијата во нотниот текст.
- Обидете се да ги забележите почетокот и крајот на деловите, како и повторувањата.

Прашања за анализа
- Какво е темпото на композицијата?
- Какви се динамиката и карактерот на музиката?
- Која е формата на оваа композиција (дводелна, тридeлна, сложена тридeлна)?
- Каде се наоѓаат периодите, речениците и мотивите?
- Дали има контраст меѓу деловите?

*Германски танц*

Allegro — Лудвиг ван Бетовен




**3. Анализа преку слушање музика**

Менует од *Мала ноќна музика* од Волфганг Амадеус Моцарт

Насоки за анализа
- При слушањето, вниманието насочете го кон следењето на мелодијата во нотниот текст и кон согледувањето на структурата на композицијата.
- Обидете се сами да откриете од колку делови се состои композицијата.
- Препознајте ги мотивите, фразите, речениците и периодите што ја градат секоја целина.
- Забележете дали некој дел се повторува и дали повторувањето е исто, или е малку изменето.
- Обратете внимание на контрастот на делото: како се разликува според карактерот, движењето или динамиката.

Менует од *Мала ноќна музика*

Tempo di Minuetto — Волфганг Амадеус Моцарт




- На крајот на анализата изработете визуелен приказ (мисловна мапа) на формата на композицијата, користејќи блок за цртање или компјутерска апликација.

## Тема со варијации

Тема со варијации е музичка форма во која основната тема се повторува повеќе пати изменета.

Основната тема има јасна, едноставна и прегледна структура, за да можат нејзините карактеристики да се следат во текот на сите варијации. Варијациите можат да ја изменат темата во поглед на ритамот, хармонијата, темпото, динамиката и друго.

Целта е да се покажат различни начини на изразување на истата музичка мисла.

Бројот на варијации е релативен, може да биде од 2-3 и повеќе, доколку варијациите се јават во некоја циклусна форма. Ако темата со варијации е самостојна композиција, варијациите често знаат да ја надминат бројката од 32.

**Тема**

**Варијација I**

**Варијација II**

**Варијација III**

**Варијација IV**

**Варијација V**

**Варијација VI**

Графички приказ на формата Тема со варијации

**Анализирајте тема со варијации преку слушање музика**

*Сонаѿа за ѿијано* во *А-дур* I-став (тема со варијации) од Волфганг Амадеус Моцарт

Насоки за анализа преку слушање на композицијата

- Слушајте ја композицијата внимателно и следете ја во партитурата.
- Темата е прикажана на почетокот и има грациозен карактер.
- Потоа се појавуваат варијациите, кои ја менуваат темата преку различни музички средства – варираат во ритамот, динамиката, мелодијата или хармонијата, но основната музичка мисла останува препознатлива.
- Обидете се да ги забележите овие промени и варирања на темата преку слушање музика.

Тема




Варијација I



Варијација II




Варијација III



Варијација IV




Варијација V



Варијација VI



## Рондо

Рондо е музичка форма што е изградена од една или повеќе теми, при што првата или главната тема во текот на формата се јавува најмалку три пати, и тоа, секогаш во основен тоналитет.

Се разликуваат три типа на рондо:

- Купреново рондо **(Р $К_1$ Р $К_2$.....Р)**;
- класично рондо со една или повеќе теми (класично рондо со една тема – рондо со епизоди **А Е1 А Е2....А + Coda**; класично рондо со две теми **А Б А Б А+ Coda**; класично рондо со 3 или повеќе теми **А Б А В А + Coda**) и
- сонатно рондо (**А Б А В А Б А**).

Најчесто се користело во завршните ставови на симфониите, концертите, сонатите и други камерни дела, а бидејќи има ведар, жив, виртуозен и брилијантен карактер, рондото станало многу прикладно за ефектно, бравурозно финале.

Главната тема по форма може да биде период, мала дводелна или триделна форма. Секогаш настапува во основен тоналитет, а во подоцнежните јавувања може да биде варирана или скратена.

На крајот на формата на Рондо (освен кај Купреновото рондо) се појавува Кода.




Графички приказ на формата на Рондо со три теми АБАВА+ Кода

## Проширете го знаењето

Рондото, како музичка форма, претрпело долг историски развој (од XIII век, како француска игра со пеење, наречена „песна во оро“, преку XVI век, кога се јавува како инструментална форма. Тематскиот материјал се нарекувал рефрен, а по него следеле делови со контрастна содржина. Во XVII и XVIII век најтипичен претставник бил Франсоа Купрен, кој пишувал рондо со куплети. Виенските класичари го развиле претккласичното рондо со една тема, а во периодот на класицизмот рондото ја добило својата конечна форма, која продолжила да се компонира сè до денес.

Рондото може да се појави во повеќе разновидни форми, во зависност од бројот на темите и епизодите што се вметнуваат меѓу нив.

- Рондо со една тема
  Се заснова на една основна тема (А) која постојано се враќа во варирана форма ($A^1$, $A^2$, $A^3$...), а меѓу нејзините појавувања се вметнуваат епизодни делови (Е).
  Типичната шема е:
  А Е $A^1$ Е $A^2$ Е $A^3$ + Кода
- Рондо со две теми
  Се состои од две различни теми (А и Б) кои наизменично се повторуваат. На крајот најчесто следува кода.
  Типичната шема е:
  А Б А Б А + Кода
- Рондо со три теми
  Се заснова на три различни теми (А, Б и В), при што основната тема А се враќа меѓу другите теми, а формата обично завршува со кода.
  Типичната шема е:
  А Б А В А + Кода

Без оглед на видот, основната тема А секогаш е препознатлива и стабилна, додека епизодите и другите теми внесуваат контраст и разновидност во карактерот, динамиката и хармонијата.

**Кода** е завршен дел на музичко дело, кој се додава по основната форма и служи за јасно и сигурно заокружување на композицијата.

- Зборот кода потекнува од италијанскиот *coda*, што значи *опашка*.
- Таа најчесто се појавува на самиот крај на делото.
- Во кодата можат повторно да се појават елементи од главната тема, или, пак, да се развие нов, краток материјал.
- Не носи нова форма, туку ја потврдува завршницата и создава чувство на целосност и стабилност.

Во формата рондо, кодата обично следува по последното враќање на темата А и ја нагласува завршната каденца.

**Анализирајте рондо преку слушање музика**

*Рондо* од *Сонатата за пијано* во *C-дур* (III-став) од Јозеф Хајдн

Формата на композицијата е Рондо со шема АБАВА + Кода.

Насоки за анализа преку слушање на композицијата.




Слушајте ја композицијата внимателно и следете ја во партитурата.

- Главната тема А се појавува на почетокот на композицијата и има јасен и препознатлив карактер.
- По неа следува делот Б, кој носи нов тематски материјал и создава контраст во однос на темата А.
- Потоа повторно се појавува главната тема А, која е скратена.
- По повторувањето на темата А, следува делот В, кој повторно внесува нов контраст, со поинаков музички карактер и нови идеи во однос на претходните делови. Контрастот се гради врз основа на движењето на мелодијата, хармонијата и динамиката.
- На крајот, главната тема А повторно се појавува, што е карактеристично за формата на рондо и ѝ овозможува лесно препознавање при слушање.
- Кода е завршниот дел на композицијата, кој се појавува на последното појавување на главната тема А. Таа служи за јасно и убедливо заокружување на музичката целина.



## Сонатна форма

Сонатната форма е една од најважните и најчесто користени музички форми во класицизмот, а се среќава и во делата од доцниот барок и романтизмот. Најчесто се користи во првиот став од сонати, симфонии, концерти и камерни дела.

Сонатната форма се состои од три главни дела: експозиција, развоен дел и реприза.

1. **Експозиција**

Во експозицијата се претставува главниот музички материјал.

- прва тема – таа е во основниот тоналитет и има јасен, стабилен карактер;
- премин (модулација – промена на тоналитетот во текот на музичкото дело) – модулативен дел што ги поврзува темите;
- втора тема – таа е во друг тоналитет (најчесто во доминантен или паралелен тоналитет) и има контрастен карактер во однос на првата тема и
- завршен дел – тој го заокружува делот.

2. **Развоен дел**

Во развојниот дел композиторот ги развива и ги обработува темите од експозицијата.

- Темите се менуваат преку секвенци, модулации, ритмички и мелодиски варијации.
- Се создава напнатост и драматичност.
- Тоналитетот често се менува.

Разработката е најслободниот и најдинамичниот дел од сонатната форма.

**3. Реприза**

Во репризата темите од експозицијата се враќаат, но сега:

- и првата и втората тема се во основниот тоналитет и
- со тоа се воспоставува рамнотежа и стабилност.

**4. Вовед и Кода** – по избор.




Графички приказ на сонатната форма

**Анализирајте Сонатна форма преку слушање музика:**
*Соната за пијано* во *G-dur* (I-став) од Лудвиг ван Бетовен

Формата на оваа композиција е сонатна
(експозиција + развоен дел + реприза).

Насоки за анализа преку слушање на композицијата:

- Слушајте ја композицијата и паралелно следете ја партитурата, во која се обележани деловите на сонатната форма.

Експозиција: I тема + премин+ II тема + завршен дел

- На почетокот на композицијата се појавува првата тема (G-дур), која е со драмски карактер.
- На крајот на првата тема следи преодниот дел, кој води кон втората тема.

Втората тема (D-дур) по карактер е лирска и контрастира со првата тема.

- Експозицијата завршува со музички материјал од завршниот дел, кој го заокружува овој дел на сонатната форма.

Развоен дел:

- Се разработува тематскиот материјал од експозицијата.
- Се создава напнатост и драматичност.
- Во овој пример развојниот дел е краток, но ја одржува музичката динамика.

Реприза:

- Првата и втората тема се враќаат во основниот тоналитет (G-дур).
- Со ова се воспоставува стабилност и рамнотежа на формата, а композицијата добива форма на целина.
- На крај се појавува и мала Кода.

Експозиција









## Активности

**1. Прашања за одговор:**

- Што е тема со варијации?
- Кој дел од музиката се менува во варијациите, а што останува препознатливо?
- Кои музички елементи можат да се изменат во варијациите?
- Колку вариации, обично, имаат делата од класичниот период?
- Што е рондо и која е основната карактеристика на оваа музичка форма?
- Кои се трите главни делови на сонатната форма?
- Што се случува во експозицијата на сонатната форма?
- Во кој тоналитет, обично, се наоѓа втората тема и како се разликува од првата?
- Што е карактеристично за репризата и која е нејзината цел?

**2. Анализа на музички форми преку слушање музика**
Оваа задача треба да ја изработите дома, а ќе ја презентирате на час.

*Шест лесни варијации за пијано* од Лудвиг ван Бетовен
*Турски марш (Rondo alla Turca)* од *Сонатата за пијано* во *A-dur* (III став) од Волфганг Амадеус Моцарт

Начин на работа
- Поделете се во две групи:

Група 1 – анализа на *Шест лесни варијации* за пијано од Лудвиг ван Бетовен
Група 2 – анализа на *Турски марш (Rondo alla Turca)* од *Сонатата за пијано во A-dur* (III став) од Волфганг Амадеус Моцарт

Насоки за слушање
- Слушајте ги внимателно композициите и обидете се да ја следите структурата на композицијата.
- По потреба, на интернет можете да ги пронајдете и да ги користите партитурите на наведените композиции.
- За тема со варијации, забележете каде започнува темата и каде се појавуваат варијациите. Што се менува кај варијациите (ритам, темпо, динамика, хармонија)?
- За формата на рондо, забележете каде започнува основната тема А и каде се повторува таа. Каде се појавуваат другите контрастни теми?
- Обратете внимание на контрастот меѓу различните делови (динамика, ритам, карактер).
- Кога ќе го завршите слушањето, направете визуелен приказ на формата, за полесно препознавање.
- Еден претставник од секоја група ја презентира анализата пред класот.

**3. Истражување на сонатната форма**

- Заедно изберете една музичка композиција што е напишана во сонатна форма (може да биде соната, симфонија или концерт).
- Слушајте ја композицијата внимателно и обидете се да ја следите структурата.
- Во композицијата обележете ги:
  експозицијата – каде што се појавуваат главните теми (I-тема, премин, II-тема, завршен дел);
  развојниот дел – каде што се обработуваат темите и
  репризата – каде што се враќаат темите во основниот тоналитет.
- Направете краток визуелен приказ (шема или мапа) на формата на композицијата.
- Подгответе се да ја презентирате вашата анализа пред класот, објаснувајќи ги обележаните делови и разликите меѓу нив.

## АПЛИКАЦИИ ЗА ПИШУВАЊЕ НОТИ

Апликациите за пишување ноти се дигитални алатки наменети да им помогнат на музичарите да пишуваат, да уредуваат, да слушаат, да печатат и да споделуваат музички партитури. Наместо традиционалното запишување со молив и хартија, овие апликации им овозможуваат на композиторите, на аранжерите, на наставниците и на изведувачите да создаваат нотен материјал со професионален квалитет, користејќи компјутери или таблети.

Современите апликации за музичка нотација нудат реалистична звучна репродукција, MIDI-интеграција, можности за соработка и поддршка за сложени музички структури.

Важноста на апликациите за музичка нотација значително е зголемена со развојот на дигиталното музичко производство, онлајн образованието и далечинската соработка. Од филмска музика и оркестрација, па сè до наставата во училница, овие алатки имаат централна улога во претворањето на музичките идеи во јасно структурирани и споделиви композиции.



Дигитално запишување на музички ноти

Вообичаена примена во практиката:

- компонирање и аранжирање музика за бендови, оркестри, филмови и видеоигри;
- изработка на нотен материјал за ученици, хорови и ансамбли;
- транскрипција на музика од аудио или MIDI-записи;
- подготовка на партитури и поединечни гласови за настапи во живо и
- дигитално објавување и споделување музика.



Апликациите за пишување ноти се особено корисни и за учениците, бидејќи им помагаат полесно да изработуваат музички задачи, да го слушнат напишаното, да прават исправки и да ги предаваат задачите во печатена или во дигитална форма.

Овие апликации се користат за:

- запишување мелодии, ритми и акорди;
- изработка на музички вежби и задачи;
- создавање сопствени композиции и
- прегледно и правилно нотирање на музичките идеи.

Апликациите за пишување ноти ни овозможуваат:

- да го слушнеме тоа што сме го напишале, што ни помага полесно да ги забележиме грешките;
- да менуваме и поправаме ноти без бришење и препишување и
- да работиме самостојно и креативно.

На овој начин, учењето станува поинтересно и поактивно.

Некои од најпознатите апликации за пишување ноти се следниве:

- *Sibelius* е професионална апликација за музичка нотација, широко користена од композитори, аранжери, наставници и издавачи за создавање сложени и висококвалитетни партитури.
- *Finale* е моќна и флексибилна апликација за музичка нотација, позната по големите можности за прилагодување и прецизната контрола врз нотниот запис.
- *Dorico* е современа апликација за музичка нотација, развиена со фокус на ефикасен работен процес, теоретска точност и висок квалитет на нотографија.
- *MuseScore* е популарна апликација за музичка нотација со отворен код, широко користена од ученици, наставници и љубители на музиката.
- *Notion* комбинира музичка нотација со реалистична звучна репродукција и функции насочени кон изведба, поради што е популарна меѓу композиторите и изведувачите.
- *ScoreCloud* е апликација што се фокусира на автоматско претворање на изведба во живо или MIDI-внес во пишан нотен запис.
- *LilyPond* е текстуален систем за музичка нотација, наменет за создавање висококвалитетни, издавачки подготвени партитури.
- *Capella* е апликација за музичка нотација, широко користена во европските образовни системи и во хорската музичка практика.
- *Guitar Pro* е специјализирана апликација за музичка нотација, наменета за гитаристи, басисти и музичари што користат таблатура.
- *Flat* е апликација за музичка нотација, наменета за соработка, образование и уредување нотен текст во реално време.


Како ученикот
работи задача
во апликација за
пишување ноти
1
Запишување ноти
• Внесување на тонови, ритми и акорди
• Тастатура / MIDI-клавијатура
2
Слушање на напишаното
• Проверка на точноста
3
Корекции и измени
• Исправка на грешки
4
Зачувување на задачата
• Чување и споделување
5
Печатење / Предавање
• Печатење на партитурата или
испраќање онлајн
6
Задачата е готова!

# МУЗИЧКА ИЗВЕДБА И КРЕАТИВЕН ИЗРАЗ

# МУЗИЧКА ИЗВЕДБА И КРЕАТИВЕН ИЗРАЗ



Учниците креираат музика

Музичката изведба претставува активен процес на оживување на музичките дела преку пеење, свирење на инструменти, танцување и други музички изразни средства. Таа не претставува само техничко исполнување на ноти, туку и начин за изразување емоции, пренесување идеи и создавање уметнички впечаток.

Креативниот израз во музиката се манифестира преку создавање музика, аранжирање и обработка и е тесно поврзан со индивидуалниот стил на уметникот.

Музичката изведба и креативниот израз се неразделно поврзани, бидејќи музиката најпрво се создава како креативен чин на композиторот, а потоа преку изведбата на пејачот или на инструменталистот се оживува и добива целосно уметничко значење.

# ВОКАЛНА ИНТЕРПРЕТАЦИЈА И СВИРЕЊЕ ИНСТРУМЕНТИ





Ученици во музички активности

Вокалната интерпретација и свирењето на инструменти се основни форми на музичка изведба, преку кои музичките идеи и чувства се пренесуваат до слушателот на јасен и изразен начин.

Во вокалната и инструменталната музичка изведба, композиторите и музичарите често создаваат различни аранжмани и обработки на една инструментална композиција или песна. Преку нив се одредуваат начинот на изведување, изборот и распределбата на гласовите и инструментите, како и целокупниот звучен карактер, со што јасно се изразуваат стилот и жанрот на композицијата или песната.

**Аранжман** е начинот на кој една музичка композиција се организира и се приспособува за изведба, односно како се распоредуваат инструментите, гласовите и другите музички елементи за да се создаде конечниот звук што го слуша публиката.

**Обработка** (или аранжман/обработка) е процес на преформулирање или на приспособување на постојната музичка композиција, со цел таа да се изведува на друг начин, со друг состав на инструменти или во друг стил.

Преку музичката изведба и креативниот израз можат да се создаваат аранжмани или обработки на песни и инструментални композиции. Музиката може да се приспособи за поинаков начин на изведување, според индивидуалниот стил, идејата и креативноста на композиторот или создавачот, притоа задржувајќи го својот основен музички карактер.

## Активности

(Оригинална верзија)

(Караоке верзија)

### 1. *Let It Be* од The Beatles (караоке)



Групата The Beatles

*Let It Be* е една од најпознатите песни на групата Битлси (The Beatles) и претставува значајно дело во развојот на поп-рок музиката. Песната се одликува со јасна мелодична линија и силна емоционална изразност, поради што и денес е широко слушана и изведувана.

Насоки за активноста

- Слушнете ја песната внимателно, најпрво во оригиналната верзија, а потоа во караоке верзија, со цел подобро да ги почувствувате мелодијата, ритамот и карактерот на песната.
- Најпрво се усвојува текстот на песната, а потоа текстот се поврзува со мелодијата, пеејќи по слух со помош на придружбата на караоке.
- Се врши поделба на улоги:

  Еден ученик ја изведува строфата соло

  *When I find myself in times of trouble*<br>
  *Mother Mary comes to me*<br>
  *Speaking words of wisdom*<br>
  *Let it be*

  Рефренот се изведува групно (хорски, во унисон) со придружба на караоке

  *Let it be, let it be*<br>
  *Let it be, let it be*<br>
  *Whisper words of wisdom*<br>
  *Let it be*

- При пеењето, со помош на наставникот, внимавајте на основните елементи на вокалната техника, како што се: правилното дишење, јасната дикција, точната интонација и усогласувањето со темпото и динамиката на придружбата на караоке.
- Настојувајте да го изразите карактерот и расположението на песната (смиреност, мекост, емоционалност) преку начинот на пеење.
- Менувајте ја улогата на солистот, со што на повеќемина ученици ќе им се овозможи да се обидат во соло изведбата.
- На крај, песната изведете ја во целосна форма, со јасно усогласување на соло деловите и групните делови, користејќи придружба на караоке.

**2. Колективна изведба на песна по нотен запис – *Dona nobis pacem* со придружба на едноставни акорди на клавијатура**

Подолу е прикажан нотниот запис на партитурата. Обратете внимание на текстот и мелодијата на песната, на придружбата со едноставни акорди на клавијатура, како и на темпото, динамиката и формата на композицијата.

*Dona nobis pacem* е кратка, едноставна вокална песна со мирен и спокоен карактер. Текстот е на латински јазик и значи *Подари ни мир*, што ѝ дава универзална порака за мир и хармонија.

Песната има европско потекло, најчесто се поврзува со германската музичка традиција, а нејзиниот автор е непознат, поради што се смета за анонимна и традиционална мелодија. Со текот на времето, таа се пренесувала усно и се изведувала во разни контексти, најчесто како едногласна, нежна мелодија.

Поради својата едноставност, јасната мелодиска линија и силната порака за мир, *Dona nobis pacem* и денес се користи како песна за пеење, за вокална интерпретација и за музичка наобразба.

*Dona nobis pacem*
*(Подари ни мир)*

Andantino

Анонимна




Тек на активноста

- Внимателно слушајте ја мелодијата на песната *Dona nobis pacem*. Обидете се да го препознаете карактерот и расположението на песната.
- Текстот учете го постепено, со внимание на правилниот изговор и јасната дикција. Запознајте се со значењето на текстот за полесно да ја поврзете содржината со музиката.
- Следејќи го нотниот запис, научете ја композицијата од почеток до крај. Обратете внимание на високите тонови, мелодиските скокови и ритмичките вредности.

- Изведувајте ја мелодијата со текст, најпрво по делови, а потоа како целина. Внимавајте на текот на музичката фраза.
- Применувајте соодветно темпо и динамика, во согласност со карактерот на песната. Внимавајте на фразирањето и на правилното дишење.
- Пејте ја песната заедно, стремејќи се кон усогласен хорски звук. Слушајте се меѓусебно и одржувајте рамнотежа меѓу гласовите.
- Еден од учениците на клавијатура ги изведува едноставните акорди запишани во партитурата, како придружба на пеењето. Учениците можат да се менуваат во оваа улога.
- Обратете внимание на правилното држење на телото, на контролираното дишење и чистиот тон, како и на изразот што го одразува мирниот и смирен карактер на песната.
- На крај да се искаже аргументирано мислење за изведбата, користејќи соодветни музички поими (ритам, динамика, темпо и др.)

**3. Да формираме рок-бенд на час**

**Соло и групна изведба на рок-песна по слух со инструментална придружба**



Како пример за работа може да се користи песната од Бон Џови (Bon Jovi) – *You Give Love a Bad Name*.

По избор можете да одберете и песна од рок-групи од РС Македонија, како Суперхикс, Елита 5, Леб и сол и други.



Бендот Bon Jovi

Bon Jovi е американски рок-бенд од Њу Џерси, основан во 1983 година. Главниот вокал е Џон Бон Џови, а бендот го сочинуваат и Ричи Самбор на гитара, Девид Брајан на клавијатура, Тико Торес на тапани и Хју Мекдоналд на бас-гитара. Тие создаваат хард рок, поп-рок, со моќни мелодии и лесно паметливи рефрени. Нивните најпознати песни се *Livin' on a Prayer, You Give Love a Bad Name, Wanted Dead or Alive* и *It's My Life*. Бендот стана глобално популарен во 80-тите, а нивната музика е позната по тоа што спојува рок-енергија со мелодичност, што овозможува песните лесно да се пеат и по слух.

Тек на активноста:

- Внимателно слушајте ја избраната рок-песна. Обрнете внимание на ритамот, карактерот, формата и начинот на изведба.
- Обидете се да ја препознаете и да ја отпеете главната мелодија по слух, најпрво заедно, а потоа и соло, по желба.

- Со помош на наставникот создадете едноставна ритмичка придружба, користејќи ритмички инструменти (тапанче, шејкер и сл.). Внимавајте ритамот да биде стабилен и усогласен со песната!
- Со помош на наставникот, на клавијатура или на гитара креирајте едноставна тонска и хармонска придружба, користејќи основни интервали и акорди. Придружбата треба да ги поддржува мелодијата и ритамот на песната.
- Еден или повеќе ученици можат да ја пеат песната соло, додека останатите учествуваат во групното пеење, создавајќи колективен звук.
- При изведбата обидете се да го пренесете енергичниот и динамичен карактер на рок-музиката, со соодветна вокална изразност и сценска присутност.



Пејачка во модерен етностил

**4. Аранжман и обработка на народна песна за современо изведување**

Многу музичари и групи ширум светот работат со традиционални мелодии и ги приспособуваат во современи аранжмани. На пример, Лорена Мекенит (Loreena McKennitt) комбинира келтски и светски народни мотиви со современи стилови, а Дип Форест (Deep Forest) користи етнопесни од различни култури и ги спојува со електронската музика. Јо јо Ма (Yo-Yo Ma) и Силк Роуд Енсембел (Silk Road Ensemble) комбинираат традиционални мелодии од различни култури во современи интерпретации.

Во регионот, македонски групи како *Синтезис, Некст тајм* и *Љубојна* создаваат современи обработки на македонски народни песни. Албанските пејачки Еда Зари и Елина Дуни комбинираат албански народни мелодии со современи музички стилови. Турски музичари, како Мерџан Деде и Таксим Трио, обработуваат турски народни песни со електронски и современи аранжмани. Ромските ансамбли како Тараф де Хајдокс (Taraf de Haïdouks) ги адаптираат традиционалните ромски мелодии во интернационални изведби.

Овие примери покажуваат како може традиционалната музика да се оживее и да добие современ звук преку нови аранжмани и обработки, при што се зачувуваат нејзината оригинална мелодија и културниот дух.

- Изберете една народна песна по ваша желба. Може да биде македонска, албанска, турска, ромска, српска, влашка или бошњачка.
- Креирајте свој план (со помош на наставникот) како да звучи песната современо, користејќи ја истата мелодија, но со нов аранжман и обработка. Размислете како можете да ја приспособите песната на денешниот музички стил. Можете да користите: разни инструменти (клавијатура, гитара, тапани и др.), ритамички промени, модерни ритмички фигури или синкопи, хармонска придружба со основни акорди, вокална обработка (соло, групно) и промена на темпото или динамиката за да создадете ново чувство.

Целта е да ја задржите изворната мелодија, но да ја претворите во современа и интересна верзија, користејќи ја својата креативност.

- Презентирајте ги вашата обработка и аранжман на класот, објаснувајќи ги музичките елементи што сте ги искористиле.



Loreena McKennitt

# СИНКРЕТИЗАМ – МУЗИКАТА И ДРУГИТЕ УМЕТНОСТИ

Синкретизмот, како начин на преплетување на уметностите, претставува соодветна и прилагодена форма преку која може да се изрази уметничката креативност. Преку оваа форма се развиваат уметничките вештини и се поттикнува уметничката имагинација, бидејќи учениците имаат можност да експериментираат со музика, движење, збор и визуелен израз, создавајќи сопствени креативни решенија.



Слика од синкретична форма - мјузикл

## Активности

**1. Музичко-сценска изведба (мјузикл)**

*You're the One That I Want* е песна изведена од американскиот актер и пејач Џон Траволта и англо-австралиската пејачка и актерка Оливија Њутн-Џон за филмската верзија на мјузиклот *Grease* од 1978 година. Песната е напишана и продуцирана од Џон Фарар и издадена како втор сингл од *Grease*: The Original Soundtrack from the Motion Picture.

Оваа песна и нејзината изведба претставуваат синкретична уметничка форма, бидејќи комбинираат пеење, актерска интерпретација, музичка придружба и кореографија (танц). На тој начин се создава комплексна уметничка целина, каде што музиката, движењето и драмата се спојуваат за да пренесат емоции и да раскажат приказна.

Врз основа на мјузиклот *Grace* (или некој друг мјузикл по ваш избор), подгответе слична музичко-сценска изведба и прикажете ја пред класот. Истата изведба можете да ја претставите и на училишна приредба или на јавна манифестација.

Во приложениот QR код има пример за училишна сценска изведба, од кој можете да се инспирирате при подготовката.

План за подготовка на музичко-сценска изведба

Избор на материјал
- изберете една песна од мјузиклот (*Grease, High School Musical* и сл.) и
- одлучете дали изведбата ќе биде кратка сцена, една песна со кореографија или миниперформанс (3–5 минути).

Формирање групи и распределба на улоги
Поделете се во групи и секоја група има конкретна задача:
- Солисти – главни пејачи;
- Група за групно пеење (хор) – придружни вокали;
- Инструменталисти – жива инструментална придружба или ритмичка поддршка;
- Танц / кореографија – движење и сценски израз;
- Актерска игра – израз, движење и сценска комуникација;
- Костими и сценографија – облека, реквизити, сценски простор и
- Светло и визуелни ефекти – според техничките можности.

Музичка подготовка
- вежбање на мелодијата, текстот и ритамот;
- работа на динамиката, артикулацијата и заедничката изведба и
- усогласување на пејачите со инструменталната придружба.

Кореографија и сценско движење
- креирање едноставна, сообразна кореографија;
- усогласување на движењето со музиката и текстот и
- вежбање на сценските влезови, излезите и позициите.

Сценографија и костими
- избор на едноставни костими што ги поддржуваат карактерот и атмосферата;
- подготовка на основна сценографија (столови, реквизити, позадина) и
- усогласување на боите и стилот.

Поврзување на сите елементи и заедничка проба со:
- пеење;
- инструментална придружба;
- движење и актерска игра и
- проверка на времетраењето и целосна координација.

Генерална проба
- изведба без прекини, како на вистинска сцена;
- проверка на осветлувањето, просторот и сценското однесување и
- последни исправки.

Јавна изведба
Прикажување на перформансот:
- пред паралелката или на училишна приредба.

Почитување на сценската култура и тимската работа.



## 2. Избор и уредување на музика за училишна приредба

Оваа активност ја прикажува музиката како синкретичен уметнички елемент, кој заедно со говорот, движењето и сценската игра создава целосно драмско-сценско дело.



Слика од училишна приредба

Опис на активноста

Подгответе училишна приредба (драмска претстава со музика), во која музиката нема да биде само придружба, туку ќе стане составен дел од драмското дејство. Музиката активно да ја следи и да ја обликува сцената, да ги нагласува атмосферата, движењето и емоциите на ликовите.

Крајниот резултат е целосна сценска изведба – драма со музика, прикажана пред публика.

Организација и улоги

- актери
- солисти и групно пеење
- инструменталисти
- ИКТ-уредување музика
- кореографија
- сценографија, костими и осветлување.

Работен процес

- избор на драмската содржина

Избирајте:

- кратка драма, сценска приказна или драматизација и
- тема (училиштен живот, пријателство, семејство, традиција и сл.)
- се определуваат сцените каде што музиката ќе биде дел од дејствието.
- креирајте музика за сцените

За секоја сцена:

креирајте:

- кратки музички фрази (вовед, премин, кулминација, завршеток) и

користете:

- апликации за пишување ноти,
- музички програми за креирање и едитирање и
- музички инструменти.



Едитирање музика



Музичко уредување од ученици

Музичко уредување во функција на драмата
Обликувајте ја музиката со:
- промена на ритамот (тензија, движење, мир);
- промена на мелодијата (расположение, насока) и
- промена на динамиката (емоционален интензитет).

Секоја промена е направена со цел да го засили драмското дејствие.
- Поврзувајте музика, говор и движење.

Се усогласуваат:
- текстот;
- сценското движење и
- музичките фрази.

Генерална проба и изведба
- целосна проба на претставата;
- завршна училишна приредба / драмска претстава со музика и
- прикажување пред публика (ученици, наставници, родители).



Сценски проби



Изведба на музика преку дигитални алатки



Генерална проба



Крај на претставата

# РАБОТА СО КРАТКИ МУЗИЧКИ ФРАГМЕНТИ ПРЕКУ АЛИКАЦИИ ЗА ПИШУВАЊЕ НОТИ



Работа со апликација за пишување ноти

Современата музичка настава сè повеќе ја користи дигиталната технологија како средство за креативно изразување и за активно создавање музика. Апликациите за пишување ноти овозможуваат лесно да се создава, слуша, уредува и анализира музиката, дури и без напредно инструментално знаење.

Преку работата со кратки музички фрагменти (мотиви и фрази) се развива музичката мисла, слухот и креативноста.

Со помош на апликациите за пишување ноти се овозможува:

- внесување ноти и ритам;
- слушање на напишаната музика;
- менување на тонската висина, ритамот и динамиката и
- експериментирање со различни музички идеи.

Ова овозможува директна поврзаност меѓу теоријата и звукот, како и создавање музика преку практиката.

Кога се работи со кратки музички фрагменти преку апликации за пишување ноти, можат да се применуваат транспозиција, секвенца, мотивско издвојување и имитација.

**Транспозиција** е пренесување една музичка целина (мотив, фраза или мелодија) во друг тоналитет или на друга тонска височина, при што се задржуваат истите интервални односи.

**Секвенца** е повторување музички мотив или фраза на различна тонска височина, најчесто постепено нагоре или надолу, со задржување на ритамот и интервалната структура.

**Мотивско издвојување** е постапка при која од една мелодија или тема се издвојува краток мотив, кој потоа се развива, се повторува или варира самостојно.

**Имитација** е техника при која една мелодиска линија или мотив се повторува во друг глас или инструмент, по одредено време или на друга тонска височина.

## Активности

**1. Креирање музички фрази**

Тек на активноста

- Во апликација за пишување ноти креирајте едноставна музичка фраза од 4 до 8 такта.
- Изберете скала по свој избор (дурска или молска до два предзнака).
- Напишете ја фразата во 2/4, 3/4 или 4/4 такт.
- Користете пунктиран ритам, синкопа и триола.
- Слушнете ја создадената фраза и проверете дали е потребно да направите промени за подобра изведба.

**2. Транспозиција на мелодија од C-дур во D-дур**

- Со користење дигитална апликација за пишување ноти, транспонирајте ја оваа мелодија во тоналитетот на D-дур.



**3. Транспозиција на мелодија од C-дур во B-дур**

- Со користење дигитална апликација за пишување ноти, транспонирајте ја оваа мелодија во тоналитетот на B-дур.



**4. Модификација на музички фрази**




Со користење апликација за пишување ноти, модифицирајте ги фразите на горенаведената мелодија со промена на:

- ритамот (пунктиран ритам, триоли, синкопа и слично);
- движењето на мелодијата (нагорно или надолно движење);
- динамиката (piano, forte, cresc., decresc.) и
- темпото (Adagio, Allegro)

Слушнете ја изменетата фраза и објаснете како влијаат овие промени на изразот и карактерот на музиката.



# IV

# МУЗИЧКО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО

# МУЗИЧКО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО

Музиката е еден од најважните изрази на културното наследство, која ги одразува историјата, обичаите и традициите на народите. Во оваа тема ќе се запознаеме со музиката во обичаите во Северна Македонија и со музичкото културно наследство во регионот, во Европа и во светот, за да се согледа универзалната вредност на музиката и нејзината улога во обликувањето на културната и уметничката традиција.

## МУЗИКАТА ВО ОБИЧАИТЕ И ТРАДИЦИИТЕ НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД И НА НАРОДИТЕ ШТО ЖИВЕАТ ВО РС МАКЕДОНИЈА

Музиката отсекогаш имала важна улога во животот на народот. Таа е присутна на празниците, верските и семејните прослави, свадбите, жетвите и народните веселби. Преку песните и инструменталната музика се пренесуваат историјата, традициите и културните вредности од генерација на генерација. На тој начин, музиката не е само забава, туку и дел од идентитетот и секојдневниот живот на луѓето.

### Традицијата низ обичаите и обредите

Музичко-фолклорната традиција на едно општество претставува збир од музички знаења, практики и репертоар што се препознатливи во одредена заедница. Таа е тесно поврзана со народните обичаи и обредите. Обичајот е традиционален начин на однесување, што се повторува во одредени прилики, додека обредот е свечен чин со симболично или религиозно значење, кој се изведува според утврдени правила. Традицијата е поврзана со средината во која настанала, историскиот развој и влијанијата што го обликувале нејзиниот тек. Музичко-фолклорната традиција најчесто се развивала во селски и патријархални средини. Таа има локален карактер, се пренесува усно, се карактеризира со варијантност и колективност и е тесно поврзана со животот на заедницата.



## Песни и ора поврзани со обреди и традиции

Песните и ората што ги следат обредите и традициите имаат посебна улога во животот на заедницата. Тие се изведуваат при свадби, крштевки, верски празници и сезонски обичаи и служат како средство за изразување радост, тага, благодарност или почит. Со нив се зачувуваат старите обичаи, се пренесуваат морални и културни вредности и се поттикнува заедништво меѓу членовите на заедницата. Покрај музичкиот израз, овие песни и ора често вклучуваат специфични движења и ритуали, кои ја нагласуваат симболиката на обредот.

Некои обреди се изведуваат само со песна, други само со оро, а трети со комбинација на ора и песни, како што се ороводните песни. Овие песни претставуваат спој на поезија, музика и движење. Најчесто се изведуваат на отворен простор при собир на луѓе, како дел од пролетните поворки и од велигденските, ѓурѓовденските, летните, сунетските и свадбените обичаи. Во минатото тие имале и магиско значење, а денес служат како визуелен и музички израз на колективната традиција. Обредните песни и ора се делат на календарски обредни и обреди поврзани со животниот циклус.

Во македонската традиција календарските обреди се поврзани со различни празнувања и обичаи во текот на годината. Тие опфаќаат варварушки, божиќни, водичарски, лазарски, велигденски, ѓурѓовденски и други обредни песни, како и обичаи поврзани со магијата на плодноста, трудот и секојдневната работа, меѓу кои се и додолските обичаи.

Во албанската традиција во РС Македонија обредните песни и ора се дел од најраните синкретични форми од годишниот циклус, поврзани со празници од народниот календар, како бузмите, обредите под маски, празнувањето на Летник, ѓурѓовденските обичаи поврзани со денот на цвеќето, додолските обреди, трудовите обреди и бајрамските празници.

Турската заедница во РС Македонија, исто така, има богата традиција на обредни песни и ора, кои се изведуваат при верски, семејни и сезонски обичаи.

Ромската традиција ги вклучува празничните и семејните обреди, а особено познати се песните и ората поврзани со празникот Едерлези (Ѓурѓовден).

И кај бошњачката, српската и влашката традиција обредните песни и ора имаат значајна улога во одбележувањето на верските празници, семејните обичаи и животните настани.

Овие традиции претставуваат значаен сегмент од културното наследство на Северна Македоња и придонесуваат за зачувување на нивниот национален и духовен идентитет.

### Проширете го знаењето

**Варварушки обредни песни** – поврзани се со празнувањето на Варвара и со обредите за лечење на добитокот; се празнуваат во селата на Осоговските планини.
**Божиќни песни** – се пеат за време на божиќните пости и на самиот празник Божик.
**Бузми** – зимски празници кај албанската традиција, поврзани со Бадник, Коледе и Божиќ.
**Песни при обреди под маски** – се изведуваат за плодност и добар род на земјоделските култури.
**Водичарски песни** – поврзани се со празникот Водици.
**Лазарски песни** – посветени на некого или нешто, со желби за подобар живот.

**Велигденски песни** – со митолошки елементи, поврзани со натприродни суштества како чуми, ламји и самовили.
**Летник** – со магиско-религиозни песни за умилостивување на природните сили (албанска традиција).
**Ѓурѓовденски песни** – поврзани со собирањето билки и обреди за плодност и здравје.
**Песни за трудова дејност** – жетварски, оризарски, пчеларски.
**Бајрамски песни** – за Рамазан бајрам и Курбан бајрам (албанска, турска, бошњачка и ромска традиција).
**Додолски обреди и песни** – најстари обреди, поврзани со вода и молби за дожд.
**Приспивни песни** – за смирување и заспивање на детето.
**Игрални песни за деца** – за првото проодување, сечењето на ноктите или косата и за други моменти.
**Залагалки** – кратки мелопоетски песни со шеговита содржина за игра.
**Броенки** – римувани стихови за поделба на улогите во играта.
**Сунетски песни** – албански, турски и бошњачки муслимански песни за сунет на машки деца.
**Свадбени песни** – за свадбени обреди и церемонии.
**Тажаленки** – за смрт и погребни обичаи со ритуални песни.

## Активности

### 1. Прашања за дискусија

- Како придонесуваат музиката и ората за зачувувањето на традицијата и културниот идентитет на заедницата?
- Зошто обредните песни и ора се поврзани со одредени празници, обреди или животни циклуси кај луѓето?
- Кои се разликите и сличностите меѓу обредните песни и ора кај различните етнички заедници во Македонија?

### 2. Истражување обредни песни и ора

Поделете се во групи и изберете еден обичај или традиција од македонската, албанската, турската или ромската култура, или од културите на другите етнички заедници.

- Соберете податоци за: значењето на обичајот, начините на изведба и улогата на музиката во обредот.
- Изберете по еден пример од песна или оро и анализирајте ги: ритамот, мелодијата, структурата и инструментариумот.
- Дискутирајте во групата како го нагласува музиката значењето на обредот и како ги поврзува учесниците со традицијата.
- Подгответе кратка презентација (со слајдови или постер) во која ќе ги претставите резултатите од вашето истражување.

## Свадбените песни и ора во Северна Македонија

Свадбените песни и ора се дел од обредите и ритуалите на животниот циклус. Свадбата е еден од најважните моменти во животот на човекот и претставува значаен социокултурен модел во рамките на семејната обредност.

Во македонската свадбена традиција централните обредни личности се невестата и младоженецот. Покрај нив, значајна улога имаат кумот, старосватот, братот на невестата, деверот и останатите сватови што учествуваат во церемонијата. Свадбениот ритуал е придружен со песни, кои се изведуваат за одредени обредни моменти и според точно утврден редослед. Така, песните се слушаат при месењето на погачата, плетењето на рогозината, бричењето на младоженецот, украсувањето на бајракот, кога се оди по невестата и при нејзиното простување со најблиските, како и во други свечени моменти.


Испраќање на невестата


Галичка свадба

Македонските свадбени обреди вклучуваат различни традиционални ора и танци што се изведуваат во текот на прославата. На пример, *свадбарско* е едно од познатите ора што се игра на свадби, со мирни движења во полукруг, каде што танчарите се држат за раменици; *тешкото* е машко оро; *невестинско оро* и *свекрвино оро*, како и *пајдушка* се други познати примери. Во зачувувањето на македонското музичко и обредно наследство, посебно се истакнува фестивалот *Галичка свадба* во селото Галичник, каде што се прикажуваат традиционалните свадбени обреди, песни, ора и носии.




Македонска дебарска свадба



Македонско оро



Македонски свадбен ритуал

Во албанската традиција свадбата е долга церемонија со многу песни и обичаи. Главни обредни лица се зетот и невестата, а потоа посредникот, месаријата, бајрактарот и муштулџијата, кој ја соопштува радосната вест. Песните се делат според моментите во церемонијата: предверидбени песни, песни за веридба, песни при носење на чеизот, песни кај младоженецот и за невестата кога пристигнува во домот на сопругот, како и посвадбени песни. Албанските свадбени ора најчесто ги играат жените и се придружени со дајре. Најпознати ора и танци се *невестинско оро, орото за фаќање на колачот* и *ората за дробење на житото*.



Ставање кана на невестата



Невестинско оро и танц



Дробење на колачот



Местење на невестата



Испраќање на невестата

Во турската традиција свадбата е долга церемонија со песни и обичаи што го следат текот на настаните. Секој дел од церемонијата има свои песни, а позната е песната *На високи, високи ридови,* која се пее кога невестата се простува од семејството. Турските свадбени ора вклучуваат *халај* оро, оро за земање на невестата од нејзиниот дом, *кана ѓеџеси* – за вечерта на кана и *чифтетели* – весел ориентален танц за парови.





Турски свадбени танци

### Занимливост

**Чочек**
Посебен танц во традицијата на ромите е чочек кој се карактеризира со импровизирани и енергични движења.

И во ромската, бошњачката, српската и влашката традиција свадбата претставува значаен, семеен и општествен настан, кој трае повеќе денови и е исполнет со бројни ритуали и обичаи. Свадбените свечености се проследени со песни, ора и инструментална музика што ја следат подготовката на невестата, испраќањето од родителскиот дом, нејзиното пристигнување во домот на младоженецот, како и сите важни моменти од обредот. Музика има посебна улога – таа ги изразува радоста, емоциите и желбите за среќен и плоден брак, а воедно ги обединува семејствата и заедницата во заедничко славење.


Танци и ора од ромската свадба


Босанско оро


Српско оро


Влашко оро

## Активности

**1. Прашања за дискусија**

- Кои се сличностите и разликите кај свадбените обичаи меѓу македонската, албанската, турската, ромската и другите етнички групи?
- Зошто одредени песни или ора се поврзани со специфичните моменти на свадбата (на пример: месење на погачата, простување на невестата, носење на чеизот)?
- Како придонесуваат свадбените песни и обреди за зачувување на културното наследство и идентитетот на заедницата?

**2. Свадбени песни и ора**

- Од дадениот QR код, изберете еден пример од народната традиција на заедниците од РС Македонија.
- Поделете се во групи и подгответе изведба при што ќе внимавате на: точноста на ритамот и мелодијата, усогласеноста со групата, сценскиот настап.
- Презентирајте ја изведбата пред класот.
- Оценете ги изведбите меѓусебно.

# МУЗИЧКОТО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО ВО РЕГИОНОТ, ВО ЕВРОПА И ВО СВЕТОТ

Музичкото културно наследство ги отсликува традициите, обичаите и идентитетот на различните народи. Тоа ја чува историјата и локалните особености на музиката и слижи како инпирација за новите генерации. Во светот, секој регион има свои уникатни форми на музичко изразување, кои ја збогатуваат глобалната културна сцена.

## Музичкото културно наследство во регионот

Музичкото културно наследство во регионот претставува богата и разновидна традиција на балканскиот простор, каде што музиката е резултат на вековно преплетување различни култури, влијанија и историски процеси. Ова создава препознатлив и автентичен музички идентитет.

Балканската традиционална музика и обредите претставуваат уникатна синтеза на асиметрични ритми (како 7/8, 9/8, 11/8 и др.) и длабоки ориентални влијанија, создавајќи сложен звучен пејзаж, кој е заштитен знак на регионот. Оваа исклучително силна вокално-инструментална традиција служи како основа за бројни обреди што ја слават интеркултуралноста, каде што паганските корени и различните религиозни влијанија се преплетуваат преку песни, танци и ритуали.

**Бугарија** е позната по ритмичката комплексност и уникатниот женски вокален стил, каде што песните користат специфично „отворено грло“ и дијафонско пеење, а темите често се поврзани со жетвата и селскиот живот. Главни инструменти се големата каба гајда, гадулката и кавалот, додека, танците се брзи ора, како *раченица* (7/16 ритам) и *пајдушко*, а специфични се и кукерите – маскирани мажи кои танцуваат со тешки ѕвона за бркање на злото.



*Раченица* - Слика од Иван Мрквичка



Гадулка


Грчки танц

**Грчкиот** фолклор варира од планинските предели на Епир до островите во Егејското Море, при што клефтичките песни (kleftiko) раскажуваат за борбата против Отоманците, додека, во крајбрежните делови доминираат поведри медитерански мелодиски линии. Симбол на грчкиот инструментариум е бузукито, а се користат и лирата од Крит и Понт. Специфични танци се *сиртаки, зеибекико* (соло машки танц) и *пентозали* (брз војнички танц од Крит).


Лира од Крит


Бузуки


Чифтелија

Фолклорот во **Албанија** е поделен на два главни стилски дијалекти – северниот Геги и јужниот Тоски, при што на север доминираат епските песни и циклусот на „Крешниците“, кои раскажуваат за подвизи на херои, а на југот е застапено изополифоното пеење, заштитено од УНЕСКО, во кое гласовите се преплетуваат врз континуиран низок тон (исо). Карактеристични инструменти се чифтелијата (двожичен инструмент), и лахутата (едножична гусла), додека, танците се горди, со прецизни движења на нозете и симболика на орелот, а еден од најпознатите е танцот на Тропоја.


Носија од Скрапар

Во фолклорот на **Косово** се силно застапени епските песни, кои ја зачувуваат традицијата на родовиот и херојскиот наратив. Карактеристични инструменти се чифтелија, лахута и тапан, а танците се динамични, од кои најпознат е танцот на Шота.

Фолклорот во **Србија** се препознава по енергијата и специфичната динамика на колото, традиционалното пеење „на глас“ и епските песни со гусли. Од инструментите, познати се фрулата во централна Србија, тамбурите во Војводина и трубата како национален симбол од Драгачево (Гуча). Од српските кола меѓу најпознатите е *ужичко коло*, кое се карактеризира со ситно и брзо тресење на телото и чекори што бараат голема издржливост.



Лахута



Гусла



Фрула



Тамбурица

**Црногорскиот** фолклор е синоним за достоинство и гордост, рефлектирајќи ги историјата на борбите и животот во суровите планини. Во песните доминира епската поезија, гуслите се најважниот инструмент и не служат за забава, туку при рецитирање за историски настани и херојски подвизи. Најпрепознатливо е *црногорскошо оро*, специфично по тоа што играорците се качуваат едни на други на раменици, формирајќи „кула“ на два ката, што симболизира сила и единство.



Роженица

Поради својата географска положба, **хрватскиот** фолклор е многу разновиден – со застапеност на разновидни влијанија, од медитеранските на Јадранот, до панонските на север. За песните на крајбрежјето е карактеристично клапското пеење (а капела повеќегласно пеење), кое е под заштита на УНЕСКО. Во Славонија се популарни беќарците – хумористични и често провокативни кратки песни. Тамбурицата е симбол на хрватскиот инструментариум, а во Истра се користи и специфичната роженица (дувачки инструмент). Од танците најпознат танц е *линѓо* од Дубровник, кој се игра во парови со жива и динамична придружба на лијерица (трожичен гудачки инструмент сличен на виолина). Карактеристичен е по енергичните движења на машкиот играорец и по елегантните чекори на женскиот партнер. Претставува израз на младешка енергија, љубовно надмудрување и заедничка радост.



Хрватски танц

Во **Босна и Херцеговина** фолклорот е спој на словенски, ориентални и средноевропски влијанија. Круната на босанскиот фолклор е севдалинката – меланхолична љубовна песна со сложени ориентални мелизми, која ја опишува „севдата“ (љубовниот копнеж). Од инструменти традиционално се користат шаргијата, сазот и зурлата, а танците се групираат според регионот и влијанијата во фолклорот.



Босанска девојка што танцува



Саз

## Активности

**1. Есеј на тема *Патување низ балканскиот музички свет***

Преку слушање примери од QR кодот, ИТК и различна литература, истражете го музичкото културно наследство на Балканот.

Обидете се да ги забележите:

- карактеристичните ритми и метрички структури (асиметрични ритми, полифонија, ориентални влијанија);
- типичните инструменти и нивната улога;
- вокалните стилови, песните и танците и
- поврзаноста со обредите, празниците или животните циклуси.

Пишете краток есеј и објаснете:

- на кој начин различните култури создаваат препознатлив и уникатен музички идентитет;
- сличностите и разликите меѓу фолклорот на народите во регионот и
- значењето на музиката и танците во зачувувањето на културното наследство.

Подгответе кратка презентација, во којашто ќе ја споделите својата анализа и најинтересните откритија.

## Музичкото културно наследство во Европа

Секој европски регион – Западна, Централна, Источна, Северна или Јужна Европа, развил сопствени музички обележја, стилови, инструменти и традиции, обликувани од историските, општествените и културните процеси. Ваквиот пристап овозможува полесно разбирање на сличностите и разликите меѓу европските музички култури, како и согледување на нивниот придонес во развојот на европското музичко наследство.


Геденитe - традиционалните танци во Плентел, Франција

Фолклорот во **Западна Европа** (Франција, Белгија, Холандија, Британските острови- Англија, Шкотска, Ирска и Велс) се одликува со богата вокална традиција, јасна тоналност и правилна метрика. Во Франција доминираат регионални народни песни и танци, особено во Бретанија и Окситанија, со придружба на гајда и виолина. На Британските острови, се застапени традиционални балади, рилови и џигови, а во Шкотска е познатата традиционалната изведба со шкотската гајда. Во Белгија и Холандија фолклорот е застапен со песни и танци, со едноставна мелодика и строфична форма.


Piano accordion – Франција


Ирски бодран (bodhrán) и гајда


Англиска носија

**Централна Европа** (Германија, Австрија, Швајцарија, Полска, Чешка, Словачка, Унгарија и Словенија) има богат фолклор со јасна тоналност, дијатонска мелодија и разновидни ритми (2/4, 3/4, 4/4). Во Германија и во Австрија се застапени народни песни (lied), јодлањето и танците, како *ендлер* и *валцер*. Словенечкиот фолклор има силно алпско и австриско влијание, со многу полифоно пеење. Од танците преовладуваат *полка* и *валцер*. Песните често се придружувани од хармоника и дрвена флејта. Чешка и Словачка се познати по ора, полки и групни танци. Во Полска и Унгарија се популарни народни песни и ритмички сложени ора и *чардаш*, а во Швајцарија традиционално се слуша јодлањето.


Народна носија од Словенија



Германски народни носии



Полка танц



Унгарски народен танц-Чардаш



Романска пан флејта

**Источна Европа** (Романија, Русија, Украина, Белорусија, Молдавија) има фолклор со богати мелодии, сложени ритми и разновидни инструменти. Во Романија е познат ритуалниот машки танц *чалушари*, карактеристичен по неверојатната брзина и акробациите и танцот *хора*. Пановата флејта е светски познат romanски инструмент, заедно со виолината и специфичниот цимбалом.



Молдавски инсрумент Cobza



Украинскиот танц гопак



*Чалушари* – романски ритуален танц – слика од Amedeo Preziosi

Во Русија се познати повеќегласни песни и танци, како барициа и тројка, придружувани со балалајка, гармошка и домра. Во Украина доминираат енергични мелодиски линии и ритмички варијации. Познати танци се *гопак* и *аркан*, а од инструментите, бандура, сопилка и цимбали. Белорусија се карактеризира со меланхолични повеќегласни песни, танци *полка* и *кадрил*, и инструменти цимбали, дуда и гудок. Во Молдавија музиката е живописна и танцувачка, со ора, како *хора* и *сарба*, и инструменти флуер, кобза и тарагуи.



Руска девојка со балалајка



Руска женска народна носија и танц



Гудок инструмент

**Северна Европа** (Шведска, Норвешка, Данска, Финска, Исланд и Фарски Острови) има фолклор со богати вокални традиции, емоционални мелодии и танцови ритми (2/4, 3/4, 6/8). Во Шведска и Норвешка се познати повеќегласните народни песни и традиционалните танци *полка* и *халинг*, кои често се изведуваат со норвешката виолина (hardanger fiddle). Во Финска доминираат епските песни (Калевала) и танци со живи ритми, а инструментот кантеле е широко користен. Во Данска и Исланд музиката е главно вокална, со традиционални инструменти како хардингфеле и фајерфлејта.



Норвешка виолина



Танц од Норвешка – слика од Gustav Wentzel



Традиционални рунски пејачи од Финска



*Свирачот на кантеле*, од Пека Халонен



Италијанска девојка во народна носија

**Јужна Европа** (Италија, Шпанија, Португалија, Малта) има фолклор со живи ритми, танцови мелодии и традиционални инструменти. Во Италија се познати песните и танците, како тарантела придружувани со виолина, мандолина и хармоника. Во Шпанија доминира *фламенко* (традиционален танц и песна од Андалузија), придружувано со гитара, кастанети и тапани (cajón). Во Португалија позната е фадо, традиционална меланхолична песна, која главно се изведува со португалска гитара и виолина.



Гитара



Шпански танц фламенко



Мандолина



Народна носија од Португалија

## Активности

**1. Истражување за европскиот фолклор**

Поделете се во групи.
Истражете го фолклорот на еден или на повеќе европски региони, преку дигитални архиви, интернет-ресурси и видеа.
Преку дадениот QR код, забележете ги особеностите на народните песни, танци и инструменти:

- ритамот;
- мелодијата и вокалниот стил;
- типичните инструменти и
- танцовите стилови и обичаи.

Споредете ги резултатите меѓу различните европски региони и истакнете ги:

- сличностите и разликите и
- уникатните особености на секој регион.

Подгответе краток аудио-визуелен материјал (со видео, звук или презентација), користејќи ИКТ, во кој ќе ги прикажете вашите откритија.
Презентирајте го материјалот пред класот и објаснете ги најинтересните карактеристики на избраниот регион и споредбата со другите региони.



## Музичкото културно наследство во светот

**Африка** има богата музичка традиција со песни, танци и карактеристични инструменти. Во Западна Африка (Гана, Нигерија, Мали) се користат ритмички инструменти џембе и ксилофони, кои придружуваат брзи и енергични танци. Во Источна Африка (Кенија, Танзанија, Судан) музиката вклучува кора (жичан инструмент) и разни дувачки инструменти, со песни кои раскажуваат приказни. Во Северна Африка (Мароко, Алжир, Египет) доминираат уд, тапанот даф и традиционално жичани инструменти а музиката е дел од ритуали и народни фестивали. Во Јужна Африка (Јужна Африка, Зимбабве) се застапени групни вокални изведби и динамични танци со традиционални ударни инструменти.


Традиционален оркестар во Африка


Музичар од Мароко

**Азија** има разновидна музичка традиција со уникатни песни, танци и инструменти. Во Источна Азија (Кина, Јапонија, Кореја) се користат гудачки инструменти како ерху и кото, дувачки инструменти како флејти и сложени ритмички ударни инструменти. Во Јужна Азија (Индија, Пакистан, Шри Ланка, Бангладеш) доминираат ситар, табла и други ударни инструменти, а музиката е дел од ритуали и народни приказни. Во Југоисточна Азија (Тајланд, Индонезија, Филипини, Малаезија) се користат метални и дрвени ударни инструменти, а танците се дел од фестивали и обичаи. Во Блискиот Исток и Мала Азија (Турција, Саудиска Арабија, Сирија, Ирак, Иран) се застапени уд, неј, рамка тапан (daf), канун и традиционални вокални изведби.


Кинески традиционални музичари


Девојка од Индија облечена со традиционален костим-сари


Народни музичари од Алепо - Сирија

Во **Америка** музиката е разновидна и се одликува со богати ритми и разновидни инструменти. Во Северна и во Централна Америка индијанската музика вклучува вокали, ударни инструменти и ритмички танци. Афроамериканската музика носи динамични ритми со инструментите барабани, маракаси и тромбони, развивајќи основи за жанрови, како џез и блуз. Во Јужна Америка музиката е живописна и ритмична, со влијанија од домородните народи и колонијалната култура. Во Андите се користат пан флејта и чаринга, а музиката е дел од ритуали и народни фестивали. На Карибите и во Бразил се развиле стилови, како *салса* и *самба*, придружени со барабански оркестри, ударни инструменти и живи танци. Музиката во Америка се карактеризира со силна поврзаност со културните обичаи и различните етнички традиции.



Народни носии на индијанската култура



Чаринга



Салса танц

**Австралија** е позната по традиционалната музика на абориџините, која е многу стара и вклучува диџериду (дувачки инструмент), ударни инструменти и вокални ритуали, кои раскажуваат легенди и обичаи. Во Океанија и Полинезија, народната музика на Хаваи, Самоа и Фиџи се карактеризира со употреба на ударни, жичани инструменти и вокални форми, а поврзана е со танци и фестивали.



Абориџин со традиционален абориџински инструмент - диџериду



## Активности

**1. Преку дадените QR кодови, забележете ги особеностите на народните песни, танци и инструменти во светот:**

- ритамот;
- мелодијата и вокалниот стил;
- типичните инструменти и
- танцовите стилови и обичаи.

Споредете ги резултатите меѓу различните региони во светот и истакнете ги:

- уникатните особености на секој регион.

Презентирајте го материјалот пред класот и објаснете ги нивните карактристики.

**2. Дискусија за темата Зачувување на музичкото културно наследство во регионот, во Европа и во светот**

Дискутирајте за следното:

- зошто е важно да се зачува музичкото културно наследство;
- кои современи начини и технологии можат да помогнат во зачувувањето на музичкото културно наследство (ИКТ, дигитални архиви, фестивали, едукативни проекти) и
- како може секој од нас да придонесе за зачувување и промоција на традиционалната музика.

Аргументирајте ги своите ставови, слушајте ги мислењата на другите и поттикнете конструктивна дискусија.

Заеднички формулирајте заклучок, кој ќе ги опфати најважните точки и идеи од дискусијата.



## Користена литература


1. Abrashev, B., Gadjev, V. (2012). *The world atlas of musical instruments*. Potsdam: H. F. Ullmann Publishing.
2. Aliu, R. (2006). *Folklori dhe traditat në malësinë e Sharrit*. Tetovë: Jehona e re.
3. Andreis, J. (1989). *Povijest glazbe* (Knjiga 2). Zagreb: SNL.
4. Andreis, J. (1989). *Povijest glazbe* (Knjiga 3). Zagreb: SNL.
5. Andreis, J. (1989). *Povijest glazbe* (Knjiga 4). Zagreb: SNL.
6. Antoni, L.(1977). *Folklori muzikor shqiptar. Prishtinë*: Redaksia e botimeve Rilindja
7. Berisha, Ë. (1975). *Historia e muzikës II*. Prishtinë: (Dispensë).
8. Bose, F. (Ramadani, B). (2019). *Etnomuzikologjia*. Tetovë: BIR
9. Carl, S. E. (1938). *Psychology of music*. New York: Dover Publications.
10. Cvetko, D. *Juzni sloveni u istoriji evropske muzike*. Beograd: Nolit.
11. Džorž, Š. B. (1991). *O muzici*. Beograd: Nolit.
12. Ewen, D. (1973). *Enciklopedija glasbenih umetnin (Druga knjiga)*. Ljubljana: Državna založba.
13. Ewen, D. (1973). *Enciklopedija glasbenih umetnin (Prva knjiga)*. Ljubljana: Državna založba.
14. Filimon, R. C. (2023, July). *Syncretism and synaesthesia in music – unification of arts and perceptions*. Artes Journal of Musicology, 27(27–28), 167–184. https://www.researchgate.net/publication/372539260_Syncretism_and_synaesthesia_in_music_-_unification_of_arts_and_perceptions
15. Grujonjič, Z. (1990). *Pismo besmrtnoj dragoj*. Banja Luka: Novi glas.
16. Hanslik, E. (1977). *O muzički ljepom*. Beograd: Beogradski izdavačko–grafički zavod.
17. Heveler, K. (1988). *Muzički leksikon*. Novi Sad: Budućnost. https://www.devopsschool.com/blog/top-10-music-notation-software-features-pros-cons-comparison(JosephK.)
18. Ilić, D. (2002). *Sredstva izražavanja u muzici*. Niš: Permanego.
19. Ksenija, M. R. (1996). *Psihologija muzike*. Beograd: Zavod za udžbenike i nastavna sredstva.
20. Kuk, D. (1982). *Jezik muzike*. Beograd: Nolit.
21. Lara, K. (1999). *Ndërtimi i formave muzikore*. Tiranë: Drier.
22. Michael, M. (1971). *Larousse encyclopedia of music*. London: Hamlyn.
23. Muçollari, G. (2023). *Bishat e rock'n'rollit*. Tiranë: Albas.
24. *Musical (musical comedy, musical theatre)*. (2025, August 5). In Encyclopedia Britannica. https://www.britannica.com/art/musical
25. Pejović, P. (1987). *Историја музике за музичке школе*. Први део. Beograd: Zavod za udžbenike i nastavna sredstva.
26. Pejović, P. (1987). *Историја музике за музичке школе*. Други део. Beograd: Zavod za udžbenike i nastavna sredstva.
27. Polena, I., & Tole, V. S. (2015). *Fjalor i muzikës klasike dhe popullore*. Tiranë: Akademia e Shkencave e Shqipërisë.
28. Rojko, P. (1982). *Psihološke osnove intonacije i ritma*. Zagreb: Muzikološki zavod Muzičke akademije.
29. Rojko, P. (2014). *Metodika e mësimit të muzikës (B. Ramadani, Përkth.)*. Tetovë: Universiteti Shtetëror i Tetovës.
30. Salazar, F. *Ideologije u operi*. Beograd: Nolit.
31. Skovran, D. & Peričić, V. (1991). *Nauka o muzičkim oblicima*. Beograd: Fakultet muzičke umetnosti.

32. Stringa, H. (2000). *Historia e muzikës botërore (Pjesa e dytë)*. Tiranë: Shtëpia botuese e librit universitar.
33. Vasilević, Z. M. (2000). *Metodika muzičke pismenosti*. Beograd.
34. Величковска, Р. (2008). *Музичките дијалекти во традиционалното народно пеење – обредно пеење*. Скопје: Институт за фолклор „Марко Цепенков“.
35. Величковска, Р. (2008). *Македонското традиционално народно пеење – хрестоматија со мелопоетска анализа*. Скопје: Маска
36. Величковски, Б. (2011). *Македонски детски фоклор*. Скопје: Институт за фолклор „Марко Цепенков“.
37. Група автори, (1999) *Музиката на почвата на Македонија, книга 7, дел I-II*. Скопје: Македонска Академија на Науките и Уметностите
38. Коловски, М. (1993). *Македонски композитори и музиколози*. Скопје: Сојуз на композиторите на Македонија (Универзитетска печатница).
39. Линин, А. (1986). *Народните музички инструменти во Македонија*. Скопје: Македонска книга.
40. Маринковиќ, С. (1997). *Историја музике за средње музичке школе*. Београд: Завод за уџбенике и наставна средства.
41. Нестневои, М. (1990). *С. С. Прокофьев*. Москва: Музыка.
42. Пеев, И. (1964). *Очерци по методика на обучението по солфеж*. София: Държавно издателство Наука и изкуство.
43. Пенушлиски, К. (1999). *Македонски фолклор*. Скопје: Матица Македонија.
44. Институт за македонски јазик "Крсте Мисирков". (2017). *Правопис на македонскиот јазик*. Скопје: Култура.
45. Рамадани, Б. (2019). *Традиционална музичка култура на албанците од долни Полог*.Тетово: БИР.
46. Светозаревиќ, Б. П. (2017). *Културно пулсирање низ времето*. Тетово: Иљо Антески Смок.
47. Симс, М; Стивенс. М. (2010). *Жив фолклор*. Скопје: Академски печат.
48. Тајчевиќ, М. (2000). *Основна теорија на музиката*. Скопје: Просветно дело.
49. Тајчевиќ, М. *Уметностите и нивните карактеристики*. Скрипта.
50. Филиповски, Ј. (1972). *Македонски народни ора*. Скопје: Македонска книга.
51. Чадиковска С. А. (2006). *Моцарт*. Скопје: Музичка младина на МК.
52. Ширинян, Р. (1989). *П. М. Мусоргский*. Москва: Музыка.

## Извори на користените фотографии

## Користени линкови од канали на YouTube